EUROPEAN UNIVERSITY

UDC 33

ISSN: 2545-4552 (Print)
ISSN: 2545-4560 (Online)

# IDEA
# International Journal *of* Science and Arts

**ИДЕЈА** Меѓународно списание за наука и уметност





| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **IDEA Int. J. Sci. Arts**<br>**ИДЕЈА Меѓунар. Спис. Наук. Умет.** | VOL. ГОД. **3** | No. Број **6** | pp. стр. **1 - 180** | **Skopje Скопје 2019** |

# IDEA

## International Journal of Science and Arts

**ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност**


| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IDEA Int. J. Sci. Arts<br>ИДЕЈА Меѓунар. Спис. Наук. Умет. | VOL.<br>Год. | 3 | NO.<br>Број. | 6 | pp.<br>стр. | 1-180 | Skopje<br>Скопје | 2019 |

**International Journal of Science and Arts – IDEA**
Меѓународно списание за наука и уметност – ИДЕЈА
**Publisher**
European University – Republic of Macedonia
**About the publisher**
Prof. Bojo Andreski, PhD, EURM (Macedonia)

**INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD**
**Prof. Vlado Vankovski, PhD, Chancellor, EURM (Macedonia);**
Assoc. Prof. Biljana Andreska Bogdanovska, PhD, Faculty of Economics, EURM (Macedonia); Prof. Lidija Naumovska, PhD, Faculty of Economics, EURM (Macedonia); Prof. Stojanka Maneva-Chuposka, PhD, EURM (Macedonia)**;** Prof. Savica Dimitrieska, PhD Faculty of Economics, EURM (Macedonia); Prof. Elizabeta Stamevska, PhD Facultuy of Economics, EURM (Macedonia); Ognyana Stoichkova, PhD, Faculty of Economics, University of finance, business and entrepreneurship, Sofia (Bulgaria); Assoc. Prof. Yakim Kitanov, PhD, Faculty of Economics, University of finance, business and entrepreneurship, Sofia (Bulgaria); Assist. Prof. Virginiya Zhelyazkova, PhD, Faculty of Economics, University of finance, business and entrepreneurship, Sofia (Bulgaria); Assist. Prof. Dinka Zlateva, PhD South-West University “Neofit Rilski”, Faculty of Economics, Blagoevgrad (Bulgaria); Prof. Zdravko Špirić, PhD Green infrastructure Ltd., Zagreb (Croatia); Prof. Mile Matijević, PhD Faculty of Legal Sciences, University of Business Studies, Banja Luka (Bosnia and Hercegovina); Prof. Slobodan Sajnovski, PhD, Faculty of Law, EURM (Macedonia); Prof. Zeljko Bratulovic, PhD, Department of History of Law and State, University of Rijeka (Croatia); Assist. Prof. Zeynep Ece Ünsal, PhD, Başkent Unıversıty- Ankara (Turkey); Assist. Prof. Abdullah İslamoğlu, PhD, İstanbul University – İstanbul (Turkey); Prof. Atanas Kozarev, PhD, Faculty of Detectives and Criminology, EURM (Macedonia); Assist. Prof. Žarko Ćulibrk, PhD, Faculty of Security and Protection, Banja Luka, Republic of Srpska (Bosnia and Hercegovina); Prof. Zdravko Skakavac, PhD, Faculty for Legal and Business Studies dr. Lazar Vrkatić, Novi Sad, Union University, Belgrade (Serbia); Prof. Ljubo Pejanovic, PhD, Faculty of Law and Business Studies dr Lazar Vrkatić, Novi Sad, University Union, Belgrade (Serbia); Prof. Boris N.Krshev, PhD Faculty for Law and Business Studies Dr. Lazar Vrkatic, Novi Sad (Serbia); Prof. Miroslav Milutinović, PhD, College of Professional Studies of Traffic Management, Niš (Serbia); Eneko Sanz, PhD Band Research, Barselona (Spain); Prof. Gordana Vrencoska, PhD, Faculty of Art and Design, EURM (Macedonia); Prof. Marina Kocareva Ranisavljev, M.Sc. School of Textile Design, Technology, and Management, DTM, Belgrade (Serbia); Prof. Vlado Vankovski, Faculty of dentistry, EURM (Macedonia); Prof. Pietro Zecca, PhD University of Florence, Department of Mathematics and Computer Science "Ulisse Dini" (DIMAI) (Italy); Assist. Prof. Anis Sefidanoski, PhD, Faculty of Informatics, EURM (Macedonia).

**Editor-in-Chief**
Prof. Zivko Andrevski, PhD, Faculty of Law, EURM (Macedonia)
**Consultant**
Prof. Gordana Vrencoska, PhD, Faculty of Art and Design, EURM (Macedonia)
**Technical Editor**
Stefan Jakimovski, Faculty of Informatics, EURM (Macedonia)
**Graphic design Editor**
Prof. Gordana Vrencoska, PhD, Faculty of Art and Design, EURM (Macedonia)
**Cover Illustration**
Prof. Gordana Vrencoska, PhD, Faculty of Art and Design, EURM (Macedonia)
**Proofreader (Macedonian)**
Valentina Bacvarovska
Lenka Karadzovska
**Proofreader (English)**
Marija Dragovic, MA
Elena Prendjova, MA
UDC: “St. Kliment Ohridski” Library – Skopje
Copies: 50
**Frequency**: 2 Issues Per Year
**Address**
European University – Republic of Macedonia
Kliment Ohridski Blvd 68
Skopje 1000, Macedonia
Telephone: +389 2 320 2020
Fax: +389 2 320 2030
Email: idea@eurm.edu.mk
**www.eu.edu.mk**

Кон изданието

Прегледот на активности и резултати на Европскиот Универзитет-Скопје се збогатува со уште едно издание на меѓународно списание за наука и уметност Идеја. Ова декемвриско (во 2019 година) појавување е тематски насочено, како практикувана можност за пројавување на авторски определби, идеи, размислувања, проектирања. Тематскиот опфат/ панорамата се засновува на новите парадигми во инклузивното општество.

Појдовни основи на елабoрациите се:
***Прво,*** инклузивното општество, или „општество за секого“ е клучна цел во современиот општествен развој. Експертска група на ОН во 2008 година го дефинираше инклузивното општество како „она што ги надминува разликите на расата полот, класата, генерацијата и географијата, и обезбедува вклученост, еднакви можности, како и капацитет сите членови од општеството да определат општествени институции што ќе ја владеат општествената интеракција“. Ова општество подразбира прифаќање на културните и религиозни различности, еднакви права за сите граѓани, вклученост на малцинствата, непречно функционирање на лицата со посебни потреби – своевиден крај на инклузивно-неодржливите традиции и создавање нови социјални парадигми за кохезивност и интеграција.
***Второ,*** почитувањето на сите човекови права и слободи, овозможено преку непреченото владеење на правото, е фундамент на здравото општество. Секој поединец треба да се чувствува сигурно и безбедно и да има услови за активно учество во сите нивоа на граѓанскиот, културниот, економскиот и политичкиот живот на сопствената општествена заедница. Сведоци сме на значајни позитивни во просперитетнитеопштества во насока на надминување на расните, полови и класнипредрасуди, нови граѓански права до сега незамисливи за традиционалните наративи, но и на паралелното постоење на привилегирани поединци и групи, загрижувачка нерамномерна распределба на богатството и други состојби на нееднаквоста. Достапноста до квалитетно образование и здравство, правна заштита, непречно учество во јавниот и политичкиот живот, здрави природни ресурси, слобода на говор и изразување, слобода на движење - се само дел од целите кои инклузивното општество ги поставува на својата патека за подобар живот на сите нас.
Разработените теми го прикажуваат односот помеѓу традиционалното и инклузивното општество, и посочуваат на предизвиците со кои се соочуваме на патот кон поставувањето на новите парадигми на инклузивното општество. Читателите, секако, ќе забележат дека Списанието донесува и редица уметничко-дизајнерски апликации.

Главен и одговорен уредник:
Проф. д-р Живко Андревски

About the publication

The activities and achievements of the European University – Skopje are now richer for one more issue of the International Journal of Science and Art “Idea”. The present December (2019) issue is focused on a specific topic as a platform for laying out authors’ views, ideas, thoughts, and projections. The topic is focused on new paradigms of an inclusive society.

The elaborations of the present issue stem from two basic points:

***Firstly,*** an inclusive society or ‘society for all’ is a key goal of the modern social development. The expert group of UN in 2008 defined the inclusive society as one that “over-rides differences of race, gender, class, generation, and geography, and ensures equal opportunities for all to achieve full potential in life, regardless of origin.” This society implies accepting cultural and religious diversity, equal rights to people with disabilities – an end to the non-sustainable practices from an inclusive point of view and creating new social paradigms for cohesion and integration.

***Secondly,*** the respect for human rights and freedoms, enabled by the unhindered rule of law, is the fundament of a healthy society. Everyone should feel safe and secure and enjoy the right to actively participate in all aspects of the social, cultural, economic, and political life of the community. We witness important positive changes in the prosperous societies in terms of overcoming racial, gender, and class prejudices, new civil rights until now unprecedented in traditional narratives, but also a parallel existence of privileged individuals and groups, a concerning unequal distribution of wealth, legal protection, freedom of speech and expression, freedom of movement – are only a fraction of the goals that the inclusive society aims for on the path to a better life for us all.

The topics discussed here portray the relationship between the traditional and the inclusive society and point to challenges we face on the way to establishing new paradigms of the inclusive society. The readers will certainly notice that the Journal includes a number of artistic-designer applications.

Editor-in-chief

Professor Zivko Andrevski, PhD

| IDEA Int. J. Sci. Arts<br>ИДЕЈА Меѓунар. Спис. Наук. Умет. | VOL. Изд. 3 | NO. Број. 6 | pp. стр. 1-180 | Skopje Скопје 2019 |
|---|---|---|---|---|



## Содржина


**ЕКОНОМИЈА**

**Проф. д-р Елизабета Стамевска, доц. д-р Зоран Крстевски**

СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ ПАЗАРОТ НА ТРУД.........................................9

**Доц. д-р Зоран Крстевски, проф. д-р Елизабета Стамевска**

ИНДИВИДУАЛНА И КОЛЕКТИВНА ИНКЛУЗИЈА ВО ОПШТЕСТВОТО......................................17

**MSc Sanja Pavlova**

„INCLUSIVE MARKETING - OPPORTUNITY TO EMPOWER THE PEOPLE“..................................23

**М-Р ВЕРИЦА НАЈДОВСКА**

ВЛИЈАНИЕТО НА ИНКЛУЗИВНИОТ МАРКЕТИНГ ВРЗ БРЕНД ЛОЈАЛНОСТА КАЈ КУПУВАЧИТЕ ОД ГЕНЕРАЦИЈА Y..................................................................................29

**Ina von Ber, PhD.**

STRATEGIC IMPROVISATIONAL LEADERSHIP THEORY AND PRACTICE: DISRUPTIVE LEADERSHIP STRATEGIES FOR FAST PACE EXECUTIVES...........................................................37

**Проф. д-р Викторија Кафеџиска**

НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОРГАНИЗАЦИСКОТО КОМУНИЦИРАЊЕ - ПОВРЗУВАЊЕ ПРЕКУ МЕНАЏИРАЊЕ НА РАЗЛИКИТЕ И СОЗДАВАЊЕТО НА СОЈУЗИ.................................................43

**Ass. Prof. Emanuela Esmerova, PhD; Prof. Drashko Atanasoski, PhD**

PROFESSIONAL LOGISTICS AND SUPPLY CHAIN MANAGEMENT...............................................53

**ИНФОРМАТИКА**

**Prof. Zoran Gacovski, PhD; Ass. Prof. Anis Sefidanoski, PhD; Stefan Jakimovski**

ICT APPLIED AS ASSISTIVE TECHNOLOGY FOR IMPAIRED PEOPLE..........................................61

**Mohamed Hassan, Ass. Prof. Anis Sefidanoski, PhD**

OCR FOR THE MACEDONIAN ID CARD..........................................................................69

**ПРАВО И ПОЛИТИКА**

**Проф. д-р Слободан Шајновски**

ПРИНЦИПОТ ОВЛАСТУВАЊЕ – ИСКЛУЧУВАЊЕ КАЈ СОПСТВЕНОСТА..................................73

**Вон. проф. д-р Ѓорги Сламков, вон. проф. д-р Васко Стамевски**

ЛОБИРАЊЕТО КАКО НАЧИН ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ЦЕЛИ И КОРУПЦИЈАТА - ДОПИРНИ ТОЧКИ И РАЗГРАНИЧУВАЊЕ...........................................................................79

**Вон. проф. д-р Васко Стамевски, вон. проф. д-р Ѓорги Сламков**

ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ ПРЕКУ ЛОБИРАЊЕ...............89

**Доц. д-р Марјан Габеров**

КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО – БАЗИЧЕН ДОКУМЕНТ ЗА ЗАШТИТА ОД РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО....................99

**М-р Виолета Паунковска**

ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ДРЖАВАТА И ИДЕНТИТЕТОТ....................107

**БЕЗБЕДНОСТ**

**Доц. д-р Александар Нацев, проф. д-р Марјан Богданоски**

РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ВО СЕМЕЈСТВОТО – ТЕОРИИ И ПРИСТАПИ КОН ДОМАШНОТО НАСИЛСТВО....................113

**МЕДИЦИНА И ЗДРАВСТВО**

**Проф. д-р Митко Ивановски**

ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ПАЦИЕНТИ ВО КОИ СПАЃААТ И ИМИГРАНТИТЕ....................123

**Асистент м-р Мимоза Стаменковска**

ПРИМЕНА НА КУРКУМИНОТ И НЕГОВИТЕ ДЕРИВАТИ ВО МЕНАЏМЕНТОТ НА КАРДИОВАСКУЛАРНИТЕ ЗАБОЛУВАЊА....................131

**АРТ И ДИЗАЈН**

**Проф. м-р Маја Ѓуреска, проф. м-р Зоран Ѓурески**

ИНКЛУЗИЈАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ПРОЦЕСОТ НА СЕЛЕКЦИЈА И КУПУВАЊЕ НА ОБЛЕКА И МОДНИ ДОДАТОЦИ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА....................139

**Prof. Elena Chepelyuk, PhD; Oksana Hnatyshyn; Maria Shahman**

PREREQUISITES FOR DESIGNING A MULTI-SENSOR ENVIRONMENT OF MEDICAL REHABILITATION INSTITUTIONS....................147

*ДЕЛА*

**Prof. Marta Dziomdzora, PhD**

FROM THE CYCLE “INVISIBLE”....................153

**Здружение на граѓани ‘‘ХОПС - Опции за здрав живот“, Скопје**

ПЛАСТИКА....................155

**Prof. Hristijan Sanev, MA**

INVISIBLE TOUCHES....................157

**Проф. д-р Стојанка Манева – Чупоска - Јана**

ТИ НЕ СИ САМ....................159

**Александра Петрушевска Ристовска**

ОПШТЕСТВО СО МЕМОРИЈА....................161

**Nazli Can**

CONTEMPORARY ART IN THE FIGHT FOR HUMAN RIGHTS........................................................163
**Проф. д-р Гордана Вренцоска**
EVERYONE........................................................................................................................................165
**Проф. м-р Маја Ѓуреска, Антонија Гугинска Росица Колева, Елена Бојаџиева**
ВО МОИТЕ ЧЕВЛИ.........................................................................................................................167
**Доц. м-р Александра Јовановска и асс. м-р Екатерина Намичева**
RE=REQUALITY...............................................................................................................................169
**Мерт Расим**
ЈАС СУМ ПОВЕЌЕ ОД МОЈАТА ПОПРЕЧЕНОСТ.............................................................................171
**Андреј Стамевски**
НИЕ СМЕ „ИН“..................................................................................................................................173
**Андреј Стамевски**
ИНКЛУЗИВНА УНИЈА........................................................................................................................175
**Ангела Евремова**
SCALES..............................................................................................................................................177
**Ангела Евремова**
TERMINATE........................................................................................................................................179

# СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ ПАЗАРОТ НА ТРУД

*UDC:* 364.652-053.6:331.5(497.7) *Прегледен труд*

**Проф. д-р Елизабета Стамевска[1], Доц. д-р Зоран Крстевски[1]**

*Европски универзитет, Скопје*

**Апстракт**

Инклузивно општество се базира на заедничко почитување и солидарност, со еднакви и пристојни можности за живеење за сите. Социјалната инклузија на младите е чувство дека тие се дел од заедницата, со заеднички идентитет и споделени вредности. Тоа е процес кон кој треба да се пристапи сериозно и преку заеднички напори да се придонесе за подобрување на севкупната социо-економска благосостојба. Потребно е да се изработи целосен, студиозен пристап за превенција на социјалната исклученост на младите луѓе, при што раното препознавање на ризиците со кои тие се соочуваат е од огромна важност. Конечно, државата мора да има мултипрофесионален пристап за да може да обезбеди соодветно социјално вклучување на младите преку пазарот на труд.

**Клучни зборови:** *социјална инклузија, млади, инклузивно општество, социјална исклученост, пазар на труд.*

# SOCIAL INCLUSION OF THE YOUNG THROUGH THE LABOR MARKET

**Abstract**

An inclusive society is based on mutual respect and solidarity, with equal and decent living opportunities for all. Social inclusion of the young is the feeling they are part of a community, with a shared identity and shared values. It is a process that needs to be taken seriously and, through joint efforts, it should be contributed to the improvement of the overall socio-economic well-being. It is necessary to design a complete, studious approach to prevent social exclusion of the young, and the early recognition of the risks they face is of paramount importance. Finally, the state must have a multi-professional approach in order to ensure adequate social inclusion of the young through the labor market.

**Keywords**: *social inclusion, youth, inclusive society, social exclusion, labor market*.

**ВОВЕД**

Социјалната инклузија претставува сериозен предизвик со кои нашата земја, во континуитет, се соочува преку младите кои се долгорочно невработени лица, корисници на социјална помош, лица со низок степен на образование и слично. Сиромаштијата е една од најголемите причини заради која што младите луѓе се чувствуваат исклучени од општеството. Немањето соодветен пристап до здравствени, социјални услуги или образовни и работни можности, исто така, може да придонесе за социјална ексклузија. Но, социјалната исклученост (ексклузија) не влијае само на лица кои се финансиски немоќни. Всушност, едно до три лица во Европа и Централна Азија се социјално исклучени.

Концептот на социјална исклученост не ја вклучува само традиционалната димензија на сиромаштијата, туку и мултидимензионалните аспекти на нематеријалните и материјалните лишувања, нивните меѓусебни врски, како и динамиката на социјалната, економската и политичката маргинализација која произлегува како резултат од истите. Поради сложената природа на концептот нема сеопфатна дефиниција за социјална исклученост, која ги интегрира сите димензии и функции кои се преклопуваат, туку постојат повеќе дефиниции за терминот или процесот на оваа проблематика.

Социјална ексклузија претставува повеќедимензионален и сложен процес кој влијае на ослабувањето на врските на поединецот и заедницата. Барањето решенија за вклучување на социјално исклучените поединци, групи или заедници е поврзано со процес на градење конструктивен пристап во општествени рамки и прифаќање на стратешка ориентација за различни решенија и потреби кои постојано се изразуваат. Социјалната исклученост подразбира повеќе елементи од недостигот на пари или материјални средства и освен економска, вклучува и други димензии, како: социјална, културна, политичка, морална и слично, што упатува дека борбата против социјалната исклученост бара поширок пристап до институциите и механизмите на социјалната интеграција.[1]

Според документите на ЕУ кои се однесуваат на социјална вклученост, политиките, мерките за младите, како главни аспекти на социјалната исклученост може да се сумираат во листа, но истата не може да се смета за целосна:

1) Лоши услови за живеење (во смисла на домување, исхрана, облека, физичка безбедност);
2) Немање можност за учество во општествениот и политичкиот живот на една заедница (не по свој избор, туку како резултат на пречки со кои се среќаваат);
3) Немање можност да учествуваат во културни и рекреативни активности (како резултат на пречки со кои се среќаваат);
4) Несоодветни здравствени услови кои произлегуваат од нискиот животен стандард и пречки за остварување на правата за здравствена заштита и социјални услуги;
5) Емоционална и психолошка смисла на исклучување и изолација од заедницата и/или од општеството во целина.

[1] Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Р. Македонија 2010-2020, МТСП, https://goo.gl/jLxlbB

Општо земено, постојат повеќе детерминанти кои се причинители за овие аспекти на социјална исклученост, како што се: [2]

- ниското ниво на образование,
- дискриминација врз основа на личните карактеристики,
- монетарната сиромаштија,
- невработеноста,
- недостаток на место за живеење или статус во земјата,
- малолетничката деликвенција и слично.

Младите лица се најчувствителната категорија во општеството, особено за време на економските падови и растежи. Едно од пет од деца (до 17 години) живеат во домови кои се на ризик од сиромаштија, а повеќе од една третина од возрасните млади луѓе (од 18 до 24 години) во ЕУ се невработени, немаат образование, вработување или обука. Луѓето, пак, од руралните средини имаат скоро четири пати поголеми можности од социјална исклученост од оние кои живеат во градовите.

Социјалната инклузија и економското зајакнување на младите во социјален ризик во нашата држава е интегрирано, пред се, во рамките на бројните оперативни програми и мерки коишто се спроведуваат години наназад и коишто даваат одредени резултати. Една таква мерка е Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик, која што има за цел да ги поттикне работодавачите да вработуваат лица во социјален ризик, и тоа корисници на социјална парична помош кои се на возраст помеѓу 16 и 29 години.

Со оваа мерка се опфатени и лицата кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители и родителска грижа, лицата кои биле корисници на програмата условен паричен надомест за средно образование, како и лицата до 29 години чијшто месечен семеен приход, по член на семејство, во годината пред годината во која аплицираат, е понизок од 50 проценти од последната просечна нето плата, објавена од Државниот завод за статистика.

Значајна мерка е и Програмата за самовработување со кредитирање, Програмата за кредитирање на правни субјекти за отворање на нови работни места, кои како целна група ги има таргетирано младите лица до 29 - годишна возраст.

Главни предизвици во однос на пазарот на трудот се бавниот економски развој и ниско ниво на креирање на работни места, како и малиот број на инвестиции, недоволна ефективност и ефикасност на користењето на можностите на институциите на пазарот на трудот, евидентна неусогласеност помеѓу знаењата и вештините на понудата со побарувачката на пазарот на трудот, присуство на неформалната економија, недоволна функционалност и ефикасност на социјалните партнери во креирањето и имплементацијата на економските и социјални политики.[3] Со цел да се надмине предизвикот со вработувањето на младите, на национално ниво, треба да се работи на подобрување на усогласеноста на

[2] http://eacea.ec.europa.eu/youth/tools/documents/social_exclusion_and_youth_work.pdf

[3] Трбојевиќ, С., *Експертска анализа: Социјална инклузија на ранливите групи на пазарот на трудот во Република Македонија,* Национална конвенција за Европската Унија во Република Македонија

понудата на вештини со барањата на пазарот на трудот, промовирање на отворањето работни места, првенствено од приватниот сектор и олеснување на преминот на младите лица од образование кон работа.

1. Бариери за социјална инклузија на младите преку пазарот на труд

Постојат повеќе бариери кои ја попречуваат социјалната инклузија на младите луѓе преку пазарот на трудот:

- Бариери за пристап на младите, кои резултираат со низок степен на мотивација од страна на барателите на работа/невработените:
  - Недостаток на знаење и вештини за барање на работа и процес на поднесување на барања за работа;
  - Недостаток на работни места кои се адекватна за стручната спрема и/или образование на невработените;
  - Пристап до ниско платени работни места поради што се јавува немотивираност за работа;
  - Проблеми со пристап до лицата кои се неактивни, па оттука и препреки да се вклучат во програмите за поддршка;

Младите лица се во неповолна положба и имаат исти аспирации како и останатата „мејнстрим“ популација, па сите горе наведени недостатоци и бариери можат да доведат до разочарувања од типот на недостаток на доверба во системот и општеството во целина.

- Социјални бариери:
  - Зголемена конкуренција за ниско квалификувани и ниско платени работни места, како резултат на понизок степен на економски развој;
  - Необјавување на огласи од страна на микро и малите компании (кои се најмногубројни), при што се јавува потреба од висок степен на социјално вмрежување за да се добијат информации;
  - Неефективно вклучување на маргинализираните групи од страна на системот на образование, поради што се јавува недостаток на квалификации кои подоцна се проблеми при наоѓање на работно место;
  - Барање искусни кандидати за одредени работни места кои ги нудат работодавачите поради што младите не можат да најдат соодветни позиции;
  - Висок степен на миграција и иселување на младите од државава, како и привремената работа во други држави.
- Системски бариери
  - Различните потреби за социјално исклучените лица во зависност од природата на исклученоста и факторите за истата. Поради различноста на овие категории или групи, системски предизвик е да се одговори со услуги кои одговараат на сите потреби;
  - Недостаток на знаење и информации за социјалниот систем кој може да се јави како резултат на бирократија и сложеност;

- Сивата економија како фактор кој има ефект врз вработувањето на младите и социјално исклучени лица. Недостаток на вештини и празнини во обуки и квалификации;
- Недостаток на секојдневни вештини за комуникација, управување со време и организациски вештини;
- Недостаток на професионални и стручни вештини и клучни компетенции за одредена работа, како: странски јазици, компјутерски вештини, работа со опрема и машини и слично;
- Неусогласеност на понудата на работна сила со потребите на пазарот на трудот, како резултат на ненавремена адаптација на системот на образование на потребите на побарувачката на труд. Несоодветен однос на стекнатото образование во однос на константните промени на побарувачката на пазарот на трудот. Неможност на работодавачите да најдат работна сила со потребните квалификации;
- Ограничени можности за доживотно учење за лицата што ја пропуштиле можноста да се образуваат, посебно за возрасните лица чии стекнати работни вештини се застарени;
- Недоволно развиен и омасовен систем на преквалификација и доквалификација на атрактивни и високодоходовни занимања. Системот за препознавање и сертифицирање на стекнатите квалификации и работни вештини е во почетна фаза.

• Макроекономска рамка и деловно опкружување
  - Релативно низок економски раст кој се одразува во намалена или стагнантна потреба од работна сила без разлика на квалификацијата;
  - Странските инвестиции имаат позитивен ефект врз нивото и структурата на извозот, но се релативно мали и немаат значајно влијание на развојот на економијата во регионот;
  - Ограничен број на нови МСП и нивен развој во регионот, кој ги ограничува потребите за нов кадар и работни места;
  - Микро и мали претпријатија со ограничени можности за финансирање, како за започнување така и за развивање, поради што е ограничено и креирањето на други работни места;
  - Високи стапки на привремено и сезонско вработување на младите лица во споредба со возрасните;
  - Недостаток на ресурси во центрите за вработување, слабо развиената физичка и техничка инфраструктура, што предизвикува нерамномерно покриеност со услуги и информации за пазарот на трудот;
  - Недостаток на ресурси и/или ограничена можност на локалните чинители за локални политики за социјално вклучување и унапредување на вработливоста: немање на Стратегии и програми за социјално вклучување на младите на локално ниво, делумно и ограничено постоење на локални/регионални политики за вработување и социјално вклучување на младите.

Надминувањето на овие предизвици бара координирано и усогласено делување на поголем број чинители во области од економската и фискалната политика, политиките за развој на претпријатија,

образованието, пазарот на трудот, на институциите за пазарот на трудот, како и на граѓанското општество.[4]

2. Мерки за унапредување на социјалната инклузија на младите

Имајќи ги предвид стратешките документи кои ги спомнуваат целите на Европа 2020, како и европските политики за социјална инклузија на младите, а притоа фокусирајќи се на димензијата на нивно вклучување преку пазарот на труд, потребно е унапредување на интерактивниот пристап на политиките за младите. Според анализите, може да се издвои дека се прават напори на овој план, посебно во димензиите на образование и вработување и претприемништво.[5] Меѓутоа, потребно е истите да се унапредат, следат и да овозможат поголема инклузија, преку:

1) Едукација и обука - интегрирање на пристапот на образование, обуки, доживотно учење, преквалификација да биде сообразен со потребите на пазарот на труд, навремено, а со мерки кои ќе опфатат различни категории или поткатегории за засегнати лица и да се овозможи поширок опфат;
2) Вработување и претприемништво - посебен фокус на вработување преку програми и политики кои ќе овозможат иновации, креативност и претприемништво, преку мерки кои се широки и кои се однесуваат на деловното опкружување. Повеќе прегледи на европските политиките укажуваат дека успешна интеграција во општеството потребно е да содржи: економска интеграција како што е пристап до образование и пазар на труд, социјална интегрираност како што е интеракција меѓу заедниците, чувство на припаѓање како и правна интегрираност: граѓански права, рамка за антидискриминација итн. Потребен е интегриран пристап на политики од мноштво засегнати страни (влада, граѓанско општество, бизнис заедница, академска заедница) и тоа на повеќе нивоа (национално, регионално, локално) чии политики се заеднички т.е. интегрирани и меѓусекторски.
3) Вклучување на општините во процесот на подобрување на состојбата на младата работна сила, преку соодветни реформи во средното и основното образование, родова еднаквост, кои се во нивна надлежност и усогласување на политиките со централната власт;
4) Унапредување на програмите на средното стручно образование кои ќе бидат во согласност со карактеристичните потреби на деловниот сектор и дејностите и практиканство како задолжителен дел од образовните институции;
5) Платена практична обука и фокус кон реформа на средното образование со соодветни лаборатории, работилници, наставен кадар, педагошко-методски наставни помагала и материјали. Локалната власт во чија надлежност се училиштата заедно со коморите каде субјектите членуваат може да бидат движечка сила;

[4] Исто

[5] Повеќе: Треновски, Б. и др., *Анализа и преглед на политиките на социјално вклучување на младите со посебен осврт на младите невработени од Североисточниот плански регион*, Центар за економски анализи - ЦЕА, Скопје, 2016.

6) Евалуација, оценка и/или модифицирање на формите и начините на поддршка во насока на унапредување на условите за работа и деловното опкружување, како и модификации во насока на поедноставување на процедурите и намалување на административните и техничките ограничувања;
7) Суштинска реформа на клучните области на образовниот систем (воведување на образование за кариерата, реформа на наставните програми, распоредувањето на работно искуство и шемите за практикантство) како главна алатка за подобрување на резултатите на вработеноста кај младите;
8) Унапредување на вештините на младите луѓе во изнаоѓање на различни канали за самопромоција, како и нивно информирање за методите и каналите за барање на работа и поднесување на барања за работа. Во оваа насока исклучително е важно да се креираат политики и мерки за намалување на пасивноста на младите во процесот на барање на работа и нивно промовирање како проактивни и креативни партнери во процесот на надминување на невработеноста;
9) Обезбедување на стабилен амбиент и економска слобода која ќе овозможува предвидливост за иднината на младите, а со тоа и можност за стабилна работа, социјална заштита, место за домување и сл.
10) Вклучување на младите во креирање политики што ги засегаат нив - под оваа мерка се подразбира вклучување на младите, притоа почитувајќи ги принципите на недискриминација и слобода на изразување, во процесот на креирање политики што директно се поврзани со нив. Во контекст на тоа, образовните политики не треба да се донесуваат зад затворени врати и со репресии. Потреба е инклузија на младите за искажување на нивниот став во однос на конкретни прашања. Каков и закон или политика да се носи, како што се Законот за средно образование, Законот за високо образование, Законот за млади и други, треба сите засегнати страни да се вклучат, бидејќи само така може да се намали незадоволството, да се отвори можноста за прилив на нови идеи и да се цели кон унапредување на социјалната инклузија на младите и јакнење на демократијата во нашето општество.

**Користена литература:**

Акциски план за вработување млади лица 2016-2020 година

Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Р. Македонија 2010 - 2020, МТСП

Национална стратегија за вработување млади (2016-2025)

Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Р. Македонија 2010-2020, МТС

Трбојевиќ, С., *Експертска анализа: Социјална инклузија на ранливите групи на пазарот на трудот во Република Македонија,* Национална конвенција за Европската Унија во Република Македонија

Треновски, Б. и др., *Анализа и преглед на политиките на социјално вклучување на младите со посебен осврт на младите невработени од Североисточниот плански регион*, Центар за економски анализи - ЦЕА, Скопје, 2016

www.cea.org.mk

www.ffrm.org.mk

https://goo.gl/jLxlbB

http://eacea.ec.europa.eu/youth/tools/documents/social_exclusion_and_youth_work.pdf

# ИНДИВИДУАЛНА И КОЛЕКТИВНА ИНКЛУЗИЈА ВО ОПШТЕСТВОТО

*UDC:* 316.37:316.344.5 *Прегледен труд*

**Доц. д-р Зоран Крстевски[1], Проф. д-р Елизабета Стамевска[1]**

*[1]Европски универзитет, Скопје*

**Апстракт**

Градењето здраво општество кое ќе биде еднакво за сите претставува приоритет за поединците кои разумно промислуваат, хумано постапуваат и придонесуваат за вредностите на квалитетното живеење. Философската концепција на утилатаризмот тоа го објасни со максимата: најголемо количество среќа за што поголем број на луѓе. Ова етичко учење покрај аспектот за постигнување лична среќа се застапува и за постигнувањето на општа состојба на среќа и корист, како услови за сопствена среќа и задоволство. Почитување на човековите права и слободи, овозможени преку непречено владеење на правото и воспоставување начела на сигурност, безбедност, вклученост, индивидуалност, соработка, еднаквост, пристапност, надминување на предрасуди и бариери, спојување на различитости се основни вредности за градење здраво општество. Сите овие категории се дел од инклузивното општество кое се базира на верувањето дека секој поединец има право да се чувствува сигурно и безбедно и да има услови за активно учество во граѓанскиот, културниот, економскиот и политичкиот живот на својата општествена заедница.

**Клучни зборови**: *инклузивно општество; утилитаризам; човекови права; владеење на право; еднаквост; вклученост; индивидуалност.*

# INDIVIDUAL AND COLLECTIVE INCLUSION IN SOCIETY

**Abstract**

Building a healthy society that is equal for all is a priority for individuals who think reasonably, act humanely and contribute to the values of quality living. The philosophical conception of utilitarianism explained it with the maxim: the greatest amount of happiness for as many people as possible. This ethical teaching besides the aspect of achieving personal happiness also strives to achieve a general state of happiness and benefit, as the conditions for personal happiness and satisfaction. Respect for human rights and freedoms, made possible by the smooth rule of law and the establishment of principles of security, safety, inclusion, individuality, cooperation, equality, accessibility, overcoming prejudices and barriers, merging diversity are fundamental

values in building a healthy society. All of these categories are part of an inclusive society, which is based on the belief that every individual has the right to feel safe and secure and to have the conditions for active participation in the civil, cultural, economic and political life of their own social community.
**Keywords**: *inclusive society; utilitarianism; human rights; rule of law; equality; involvement; individuality.*

**Вовед**

Секој сака да живее во здраво, напредно и праведно општество во кое социјалната еднаквост, моралот, одговорноста, безбедноста и просперитетот ќе бидат објективно дофатливи категории и дел од вредното и посветено работење. Тоа е возможно во инклузивни општества кои се базираат на заедничко почитување и солидарност, со еднакви и пристојни можности за живеење за сите. Социјалната инклузија буди чувство дека секој граѓанин е рамноправен дел од заедницата, со заеднички идентитет и споделени вредности. Од друга страна, социјалната нееднаквост длабоко го поткопува темелот врз кој почиваат перспективните основи на инклузивното општество. Сé повеќе сме сведоци на присуство на расни, полови и класни предрасуди, на моќни влијанија и наметнувања на привилигирани поединци и групи, загрижувачка нерамномерна распределба на богатството и други состојби на нееднаквоста. За да се надминат ограничувачките општествени состојби, неопходно е да постои достапност до квалитетно образование и здравство, правична правна заштита, непречено учество во јавниот и политички живот, здрави природни ресурси, слобода на говор и изразување, слобода на движење. Сите овие нешта се само дел од целите кои инклузивното општество ги поставува на својата патека за создавање подобар живот на сите нас.

Во средиштето на процесот е да се создадат предуслови за посуштинска вклученост на граѓанинот во градење здраво општество во кое човековите права, квалитетниот живот, достоинството на личноста и колективната симбиоза ќе отворат можности за оптимален развој на поединецот и заедницата. Крајната цел на инклузијата е загрозените групи и единки да станат рамноправни членови на едно инклузивно општество, согласно со човековите права и процесите на заедништво, вклученост, припадност, социјализација, споделување, синергија и прифаќање. Инклузија е филозофија на дејствување базирана на верувањето дека секоја личност има право на учество во општеството. Потенцирањето на индивидуалните вредности и придонесот за колективниот напредок се клучот на успехот кој ги отвора вратите на личната среќа и општествената благосостојба. Секој врз основа на сопствените квалитети, иницијативи, определби и добродетели може да придонесе за напредокот на заедницата и за устоличување на вредностите како обележје на едно напредно, праведно, хумано и инклузивно општествено живеење. За да се постигне сето тоа, неопходно е да се подигне свеста за индивидуалните права, да се придонесе за општото добро и да се поттикнат луѓето посуштински да се вклучат во економските, социјалните и политичките процеси, како и во останатите процеси кои имаат влијание врз нивните животот. Со елиминирање на досегашната практика малцинство „избрани" и привелигирани

индивидуи и групации да ја определуваат за судбината на мнозинството, ќе се овозможи единките во многу поголема мера да одлучуваат за својата судбина и да бидат градители на општеството на кое му припаѓаат.

Напредокот на заедницата и личниот развој на поединецот не се можни, ако темелите на општеството и човековата сигурност се нестабилни. Човековата сигурност се однесува на повеќе видови сигурности, кои меѓусебно корелираат, како што се: економската сигурност, здравствената сигурност, сигурноста во обезбедувањето храна, личната сигурност, сигурноста на животната средина, политичката и безбедносната сигурност и други. Сите овие нешта се меѓусебно поврзани и во зависна врска од стапката на општествената сигурност. Во основата на инклузивните општества е да се создаде егзистенцијална сигурност која ќе овозможи членовите на заедницата да ги задоволат своите основни потреби и желби, како во сегашноста, така и во иднината.

Инклузивно општество се базира на пристојни можности за живеење за сите и на еднакво партиципирање во економските, социјалните и политичките процеси. Луѓето може да партиципираат во општествени-економските текови, како индивидуалци или како групи. Како индивидуалци во демократско општество, тие можат да партиципират како гласачи на политички избори, или во пазарна економија како претприемачи или како работници. Социјалната партиципација подразбира вклучување во сите форми на општествениот живот без разлика на религијата, полот или расата. Политичката партиципација, пред сé, подразбира можност за слободен политички избор и определување.

Клучот на сите овие аспекти од општественото живеење е да се воспостават услови луѓето да водат здрав, просперитетен и долг живот, да бидат едуцирани, да живеат во здрава и чиста природна средина, да уживаат во сигурноста на својот дом, работното место и општеството.

## 1. Индивидуализам и колективизам

Секој разумен, зрел и самостоен човек е одговорен за својот живот, но со сопствените одлуки, постапки и избори станува одговорен и за економските, социјалните и политички процеси во општеството во кое живее. Човекот е суштество на социјални односи, кои успешно се унапредуваат доколку постои симбиоза помеѓу индивидуалните цели и активности со колективните тенденции за градење хармонични заедници. Тука станува збор за тоа кој има доминантна улога во животот – личноста или општеството. Индивидуалистичкиот пристап ја смета личноста, единката за најважен дел на човештвото, колективистичкиот пристап инсистира дека најважното во животот и во дејствувањето е групата (раса, племе, нација, држава, партија...).

За индивидуализмот правата, потребите и настојувањата на единката се најважни. Тој верува дека нема добар живот и развиток ако нејзе не ѝ е подредено сé. Тоа го кажал уште Протагора (481-411 пред н.е.): „Човекот е мерило на сé". За индивидуализмот, во единката е сконцентриран животот, таа е создавач на вредностите, од неа извираат целите и енергијата на живејачката, таа е носител на активноста.

Заедницата од каков било вид (социјална, економска, политичка) постои само за услуга на единката, за нејзе да ѝ биде добро и подобро.

За колективизмот единствено е важна целината, групата. Тој верува дека сѐ во животот треба да биде подредено на општествениот напредок, бидејќи е најважен неговиот опстанок, просперитет и развиток. Начело на колективизмот е дека заедницата е најважен елемент на животот - таа е креатор, двигател и носител на сите вредености и активности. Индивидуата е тука само за да го одржи и поттикне постоењето на заедницата и да биде слуга на нејзините интереси[1].

Тесната поврзаност на индивидуализмот со колективизмот е темелот врз кој се потпира инклузивното општество, бидејќи јасно е дека не може да продолжи континуитетот на човештвото без да постои интерактивна поврзаност помеѓу луѓето. Тие живеат и работат со други луѓе, со нив создаваат разни групи, прават семејства, раѓаат деца и ги одгледуваат како социјални суштества, кои животот ќе го продолжат во заедница. Јасно е дека нема ниту општество без личности. Овие се составен дел на заедницата и активни чинители кои произведуваат, креираат културолошки вредности и ги создаваат начелата на општественото живеење.

Клучното прашање е како овие две тенденции меѓусебно да се поврзат и да создадат општествена акција во која секоја индивидуа ќе биде рамноправен дел од одредена заедница.

Во старите држави, во големите царства, во стегнатите заедници (какви што се традиционалните општества, или какви што беа, во поновата историја, фашистичките и советските комунистички држави) личноста е безначајна, се е сосредоточено кон силата над неа. Оваа управува со животот, заповедува што да се прави, секоја единка во таквата заедница е покорна и постои само за да ги остварува целите на колективот.

Во заедниците со поблиски односи меѓу луѓето во нив, во поновите слободни држави, во напредните заедници на современото човештво (какви што се демократските општества, плуралистичките демократии) се смета дека заедницата (државата и др.) е само институција која служи за реализирање на целите и насоките на единските во неа.

Денес во напредните општества владее принципот на индивидуализмот. Инклузивноста овозможува напредок на општеството преку заемното дејствување на единките. Стопанскиот индивидуализам бара економскиот живот да биде оставен на слободната активност на единките, со што се остварува најдобар економски развиток. За педагошкиот индивидуализам, педагошката работа треба да сообразува според особеностите и способноста на воспитаниците. За етичкиот индивидуализам единката и нејзиниот развиток и среќа се највисока, крајна цел. Личноста е основен носител на моралноста, нејзините постапки се израз на нејзините настроенија и етички решенија, а етичките односи меѓу луѓето се градат како односи меѓу рамноправни и еднакво одговорни морални субјекти[2].

И најзначајниот политичко-етички документ на XX век Универзалната декларација на човековите права ја потенцира оваа основна индивидуалистичка ориентација на современото човештво – со истакнување на личните пред колективните права. Големиот реформист и социјален утопист Роберт Овен (1771-

[1] Kiril Temkov, *Dobro, bolje, najbolje*, Niš: Bajka, 2003, str. 31-32.
[2] Ibid, str. 34-35.

1858) сметал дека „интерес на секој човек на Земјата е да има еднакви услови и секој човек да биде ангажиран со работата која ќе придонесува за напредокот на сите“.

**Заклучок**

Основна цел на инклузивното општество е поврзано со прашањето за зголемување на квалитетот на живот со воспоставување на начелата на еднаквост, праведност, солидарност, почит и вклученост во стопанските, социјалните и политички процеси во општеството. Таквиот пристап отвора предуслови повеќето од луѓето да водат долг и здрав живот, да бидат добро образовани и да имаат пристоен животен стандард. Квалитетот на живот зависи од правата, слободата и благосостојбата на членовите на пошироката заедница. Тој опфаќа повеќе компоненти, меѓу кои едни се мерливи, како на пример - животниот стандард, а други се немерливи, како на пример - среќата, слободата во изборот, здравјето, животната средина, слободното време, сигурноста, образованието, општествениот живот, итн.

Тенденцијата на инклузивното општество не е да создава луѓе кои ќе бидат повлечени во себе, свртени кон себе и заинтересирани само за себе. Целта на овој процес е општата среќа, која се гради од реалната среќа на единките. Тоа е едно ново единство на индивидуалното и колективното – кое се воспоставува како доминација на принципот на индивидуалното, но проследено со ангажман за колективното. Новите парадигми на инклузивноста изнајдоа современата форма на рамнотежа помеѓу дејноста и желбата, единката и заедницата, личното и општото. Таа е афирмативно поставена социјална етика, во која доброто на сите е исто толку важно за секого колку и неговото добро. За овие етички постулати најзначајниот теоретичар на утилитаризмот Џон Стујард Мил има напишано: „Вистински лични стремежи, како и искрено интересирање за општото добро, се можни кај секое правилно одгледано човечко суштество... Заедницата меѓу еднаквите може да постои само врз основа на спогодбата – интересите на сите да мораат подеднакво да се почитуваат“[3].

Најголемиот број од проблемите со кои се соочува човештвото можат да се намалат ако чувството за општо добро и човековите околности постојано се подобруваат. Сиромаштвото, загадувањето на еко средината, економската експлоатација, социјалната несигурност, нееднаквоста пред законот, јазот помеѓу малцинството екстремно богати и мнозинство исклучително сиромашни граѓани можат да се сведат на минимум со мудроста на општеството здружено со здравиот разум, верноста на должноста и повисокиот степен на одговорност на единките и институциите. Со својата грижа и труд луѓето можат да ги намалат сите големи извори на човечките страдања, доколку престанат алчно, егоистично и безумно да постапуваат и да создаваат несовршени институции или лоши општествени практики.

Судбината на човекот не може да биде хармонична ако во општеството владеат неморал, нееднаквост, криминал и ниска свест за општото добро. Тоа укажува дека добриот човек, без оглед што индивидуално го заобиколила несреќата, неминовно ќе се соочи со духовна болка и со страдање, ако во својата непосредна околина е опкружен со несреќни луѓе кои се жртви на разни тортури и

[3] Види поопширно во: Џон Стјуард Мил, *За слободата*, Скопје: Епоха, 1996.

ограничувања. Според Жан Жак Русо, клучно е да се изгради праведно демократско општество во кое нема да има некои кои оргијастички ќе уживаат во изобилство и ќе тонат во разврат, а другите ќе скапуваат во беда и немаштија. Сите ние треба да градиме општество во кое ќе бидат вреднувани позитивните нешта, во кое ќе се ценат духовните и етички ангажмани, во кое секој одговорно и доблесно ќе ја извршува својата функција и со работниот ангажман ќе придонесе за себе и за заедницата во која живее[4].

„Кога еден човек е во заедница со другите, нужно станува похрабар и посилен“, сметал аргетинскиот писател Хозе Хернандез.

Во основата на инклузивното општество е да се воспостават добри животни решенија со хумано поставени цели и со негување на правата, посебноста и достоинството на сите членови на општеството. Инклузивноста е концепција која може да ги растресе, присобере, охрабри, поттикне и поведе кон успех заостанатите општества на коишто толку им се потребни успех и добри морални односи. Станува збор за живот и етика во кои секој е должен да ги чува својата слобода, посебност и интимни интереси, но и да придонесе заедницата да стане добра, модерна и успешна.

Со градење општество за сите и со насочување на процесите кон заштита на човековите права и хуманите димензии на постоењето, нужно ќе се зголеми моралното ниво на општеството и ќе се обезбеди поле за етичка иницијатива и за добродетелно дејствување.

**Користена литература**


1. Ефтимоски, Димитар. „Основни економски концепти и модели“, Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009.
2. Fromm, Erih. „Zdravo društvo“, Zagreb: Naprijed, 1986.
3. Галбрајт, Џон., „Анатомија на моќта“, Скопје: Култура, 1995.
4. Henis, Vilhelm. „Politika i praktička filozofija“, Beograd: Nolit, 1983.
5. Hobsbaum, Erik. „Doba extrema“, Beograd: Dereta, 2002.
- In order to be usable and useful, assistive technology must suit the individual and its peculiarities, and not general difficulties or disabilities
- It is not necessary for children with disabilities to use assistive technology, many do not need it.
- An expensive device is not a guarantee for successful use, sometimes a tool made in household is much more useful than the most expensive device

- There is no one device that will solve all problems or enable or facilitate all activities. When choosing assistive technology, significant answers can be provided by answering the question: what tasks the child / student should do, which ones have been problematic or impossible so far, and which assistive technology might be the solution.

**References**

[1] Albert M. Cook, Janice Miller Polgar, “Assistive Technologies – Principles and Practice”, Elsevier Health Sciences, 2014.

[2] C. B. Hler, C. Marincek, “Assistive Technology - Added Value to the Quality of Life”, IOS Press, 2001.

[3] Collette Nicolle, Julio Abascal, “Inclusive Design Guideline for HCI”, CRC Press, 2001.

[4] Christian Bühler, “Empowered participation of users with disabilities in R&D projects”, in International Journal of Human-Computer Studies vol.55 (4):645-659, October 2001.

[5] http://www.inclusive.co.uk/

[6] http://www.nwrel.org/

[7] http://www.defektologija.net

[8] http://www.tottech.com

[9] http://www.inclusive.net

# OCR FOR THE MACEDONIAN ID CARD

*UDC:* 004.93'1:347.181-056.26 *Professional paper*

**Mohamed Hassan[1], Anis Sefidanoski, PhD[2]**

*University of Information Science and Technology – Ohrid[1]*
*Европски универзитет- Република Македонија – Скопје[2]*

## Abstract

This research paper explains and demonstrates the usage of Tesseract OCR in a Windows desktop application that can take an image of an ID card as an input, mapping to the location of data that should be extracted. The application, then should run the OCR process for the new locations and provide the extracted info in a text format that could be copied to other interfaces. The application is built using these tools: Visual Studio 2018, .NET programming language, Tesseract libraries, and EmguCV libraries.

**Keywords:** *OCR, Tesseract, OpenCV, EmguCV, ID, Software, Application.*

## 1. Introduction

Artificial intelligence (AI) has come to be the topic of this era. Scientists around the world, in different industries, are in a continuous research on how to develop AI systems that could help increase work efficiency and the quality of our life. One of the many problems the development of AI systems is facing is the identification and recognition of texts on a document. This field is known as Optical Character Recognition and abbreviated to OCR.

Optical character recognition can be applied to machine printed documents or handwritten ones. Documents that are printed by machines are the easier type to recognize by artificial intelligence. However, some problems come along in the recognition process. The printing quality and font complexity are two examples of the problems that we can face in the character recognition process.

In this paper, we will focus on the application of optical character recognition on the Macedonian identity card (ID) for foreigners. However, we will be referring to it as the Macedonian ID card throughout this paper. Using Tesseract OCR engine and OpenCV libraries we developed a solution presented as a software application built with .NET programming language. The software application is able to recognize and extract the texts printed on the ID card such as the card holder's name, surname, birthday, personal number and the card number and present them in an editable text format, thus they could be copied and pasted in other documents or other programs interfaces.

## 2. Optical Character Recognition

Optical character recognition (OCR) is the process of classification of optical patterns contained in a digital image corresponding to alphanumeric or other characters. The character recognition is achieved through important steps of segmentation, feature extraction and classification [1].

## 3. OCR Engines

OCR engines are designed systems to recognize machine printed characters. Considering that machine printed documents are usually well formatted and have consistency in the lines, words and characters shapes, so this is easier than recognizing handwritten texts. Here are some, but not all, free OCR engines available until the present moment: CuneiForm, GOCR, Ocrad, OCRFeeder, OCRopus, and Tesseract OCR.

### 3.1.Tesseract OCR

Tesseract was originally developed at Hewlett-Packard Laboratories Bristol and at Hewlett-Packard Co, Greeley Colorado between 1985 and 1994, with some more changes made in 1996 to port to Windows, and some C++izing in 1998. In 2005 Tesseract was open sourced by HP. Since 2006 it is developed by Google[1].

Diagram (1): How Tesseract Works




## 4. How Tesseract Works

The component analysis and text/word splitting are completed at the first 3 steps as shown in diagram (1). Then the words are split in characters and each character is passed to a two-way recognize pass. In the first pass, the results of the recognized characters/words are passed to an adaptive classifier, which uses the data as training data. After that, the text will be recognized a second time but now using the adaptive classifier [2].

## 5. Software Development

In this section, we will go step by step through the development stage of this software. In diagram (2), we see an overview of how the application works. The user will be able to interact with the application through the interface. The user will be able to input an image to the software. The image goes through predefined steps at the software level before sending it to the OCR engine. Since we are trying to extract some, and not all, information from an ID card, so it is not necessary to send the entire image to the OCR engine as the full image is full of other details that we do not need. Therefore, the software is designed to crop the areas that hold the information to be extracted. Then only the cropped areas are sent to the OCR

[1] https://github.com/tesseract-ocr/tesseract/blob/master/README.md

engine allowing an easier and cleaner image processing. After the text is recognized by the OCR engine, the result is returned to the software. Then, the software displays the results as text format.




Diagram (2):
Application Architecture




Image (1): Tesseract OCR language files




Image (2): OpenCV and EmguCV files

### 5.1. Tesseract Trained Data & OpenCV Library Files

Since we are mainly doing the software for Macedonian ID card, on which the information is printed in the Macedonian and English language, we need to include the trained data for both the Macedonian and the English language. Image (1) shows the language data files included in the project. These files are located in the project directory, and inserted in the project using the IDE. Image (2) shows the EmguCV and OpenCV files included in the project for image processing.

### 5.2. Application Interface and Testing Results

Image (3): Main application interface with components numbered.
Image (4): Processing stage where the applications maps to the defined data areas.
Image (5): OCR Result screen with extracted data in a text format.




## 6. Conclusion

The Optical Character Recognition is an important field and is becoming more and more important by time due to the fast evolving modem technologies where OCR is needed. The fact that OCR is used every day to process bank checks, bank cards and different types of identity cards makes a high demand for OCR technologies. Therefore, more research and efforts go into this field to help improve quality and recognition accuracy.

The application discussed in this research paper is simple, however it is meant only for demonstrating the idea rather than making a fully functional software. The result of the application is promising. The accuracy rate is higher than 90%. Although the accuracy rate is high, letters like “Л” and “П” still can get the Tesseract OCR engine confused recognizing one instead of the other. Further training for Tesseract OCR can help achieve more accurate recognition results with letters with high similarity such as “Л” and “П”.

## References

1. Arindam Chaudhuri, K. M. P. B. S. K. G., 2016. *Optical Character Recognition Systems for Different Languages with Soft Computing.* s.l.:Springer.
2. K.Kalaivani, R.Praveena, V.Anjalipriya & R.Srimeena, 2014. REAL TIME IMPLEMENTATION OF IMAGE RECOGNITION AND TEXT TO SPEECH CONVERSION. *International Journal of Advanced Engineering Research and Technology*, 2(6), pp. 172-173.

# PRINCIPLE AUTHORIZATION – EXCLUSION OF OWNERSHIP

*UDC:* 347.23(091)
347.23:323
338.246.025.88(497.7) *Изворен научен труд*

**Prof. Slobodan Shajnoski, PhD**
*European University – Republic of Macedonia - Skopje*

**Abstract**

The paper presents an analysis of the functioning of the authorization-exclusion principle of ownership as a regulatory institution and a basic determinant of total social relations. The subject of the paper is the results of the privatization processes in Macedonia started in 1989. The basic hypothesis of the paper is that, in the process of transformation of social capital the mechanism of defining, transferring and protecting property is ignored. This has led to the relative failure of the privatization processes that directly affected inclusiveness as a fundamental element of the democratic society.
**Key words:** *inclusiveness, privatization, state, democracy, changes.*

# ПРИНЦИПОТ ОВЛАСТУВАЊЕ–ИСКЛУЧУВАЊЕ КАЈ СОПСТВЕНОСТА

**Апстракт**

Овој труд презентира анализа на функционирањето на принципот овластување – исклучување кај сопственоста како регулативна институција и основна детерминанта на вкупните општетвени односи. Предмет на трудот се резултатите од приватизационите процеси во Македонија започнати во 1989 година. Основната хипотеза на трудот е дека во текот на процесите на трансформација на општествениот капитал игнориран е механизмот на дефинирање, пренесување и заштита на сопственоста. Тоа доведе до релативна неуспешност на процесите на приватизација што директно влијаеше врз инклузивноста како основен елемент на демократското општество.
**Клучни зборови:***инклузивност, приватизација, држава, демократија, промени*

**ВОВЕД**

Во правната наука и во правото воопшто, сопственоста се разбира како институција која што ги регулира односите на луѓето во врска со стварите – оскудните добра. Тоа се всушност оние односи меѓу луѓето кои настануваат по повод припаѓањето на стварите кои од страна на правото со обликуваат во стварно-правни институти. Како институција, значи, сопственоста е нужно-нормативен поим. Нормативноста ги содржи очекувањата дека никој нема да му смета на сопственикот во поседувањето на стварта, нејзината употреба и користење, во производството со помош на стварта, во присвојувањето на производите, во располагањето со стварта.

Од ваквото разбирање на сопственоста се изведуваат голем број на дефиниции чија суштина може да се подведе под следново: Сопственоста е секое припаѓање на некој предмет (ствар), на некоја личност или група. Припаѓањето значи дека некој може другите да ги исклучи од користење на предметот, да се спротивстави на туѓото користење, оштетување или друго влијание на предметот и со него слободно да располага, т.е. економски да го отуѓува.Во основа на припаѓањето „лежи правото на директна власт на стварите“. Правните поредоци, правната власт на стварите ја обликуваат на најразлични облици на владение. Низ оваа дефиниција може да се анализира сопстеноста како регулаторен механизам за овластувањата на сопственикот и исклучувањата на сите други. Ова посебно што преку тој механизам најдобро се гледа и може да се анализира еден сложен процес на трансформација на сопственоста која во основа е спроведена по принципот овластување-исклучување.

Бидејќи кај сопственоста се работи за очекувања во поглед на однесувањето на луѓето, нормативниот однос нужно се воспоставува меѓу луѓето во врска со стварите, а не се работи за однос меѓу луѓето и стварите. Физичкиот однос меѓу човекот и стварите може да биде нормативно релевантен, но не може сам по себе да претставува нормативен однос, зашто нормативното очекување претпоставува најмалку два субјекти, оној кој очекува и оној од кого се очекува.

**Механизмот на сопственоста**

Развојните промени на сопственоста во нормативна смисла се однесуваат на постепеното развивање на институцијата на сопственоста како овластување на поединецот – сопственик своите интереси на одредени ствари да ги задоволува со истовремено исклучување на сите други интереси. Најпознат пример за оваа законитост во равојот на сопственоста е историјата на римското право. Старите облици на сопственост во Рим – усус по законикот на дванаесетте таблици сеуште ги задржуваат трагите на прастарото давање на заедничката сопственост на употребата на непосредните корисници.Од заедницата, сопственоста постепено преоѓа на генсот, па на семејството, односно на патер фамилијасот како единствена власт во него и конечно на поединецот. Дури доцното римско право, особено Пандектите, беше во состојба да формулира доволно апстрактен и доволно општ поим на сопственоста, кој можеше да биде основа на граѓанските правни системи во 19 век.

Сличен таков процес е основа на феудалниот степенест поредок на сопственоста.Делењето на освоената земја од страна на владетелот на своите соборци се остварува со власт над земјата, но тоа истовремено значеше и политичка легитимација на власта над населението кое живее на таа земја.

Со настапот на граѓанската класа на историската сцена, сопственоста се повеќе се сфаќа како поединечна и во исто време како апсолутна.Во основа на овие сфаќања лежат убедувањето на Лок, Смит, Кант, Хегел дека зајакнатата идеја на сопственоста може да послужи како подлога за лостот со кој апсолутната монархија ќе се подигне од своите лежишта и ќе се сруши. На оваа интересна основа настанало и сфаќањето за сопственоста како свето, природно и неотуѓиво право, еднакво важно за политичкото и економското постоење на поединецот, како што се животот, слободата и др.Според тоа, тоа право е еднакво недопирливо за секоја човечка власт, па и политичката власт на владетелот.Тоа станува во таа мера врзано за поединецот, што се поставува сомнеж дали е можно да се зборува за сопственоста на организации, правни лица или државата.

Апсолутизацијата на сопственикот во овие сфаќања многу е релативизирана со првите политички текови од времето на граѓанските револуции. Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот од 1789 година го прифаќа правото на сопственост како „природно и незастариво право на човекот", но го ограничува со јавниот интерес. Никој не може да биде лишен од сопственоста, освен кога тоа го бара законито востановена јавна неопходна потреба и под услов на праведен и претходен надомест. На овој начин, за да функционира како интегратор на вистински се поразличните односи меѓу луѓето, поединечната сопственост требаше да стекне статус на нормативен механизам која делува на исти принципи во сите различни случаи на односи кои се регулираат низ него. Тоа е општата власт на сопственикот, која произлегува од вкупниот правен поредок, што пак го претпоставува постоењето на државата која со реалноста на својот монопол на физичка сила во општеството го гарантира остварувањето на овластувањата и прогласените исклучувања.

Сопственоста ја придвижува размената на пазарот. Сопствениците мора да влегуваат во правниот промет, ако сакаат да ги остваруваат своите интереси, со што во такви односи (закуп, хипотека) другите интересенти стануваат макар и со дел, сопственици (користење, плодоужување) на предметот на сопственоста. Така, институцијата на поединечната сопственост се приближува кон границата која е одредена со капацитетот на интегративната рамка да интегрира, а тоа значи способност да го релулира стварното однесување на луѓето.

Во оваа точка индивидуалната сопственост проаѓа низ фаза на нова промена на интеграционата рамка, чија основа е индустриската револуција. Значајно проширување на интеграционата рамка на индивидуалната сопственост е мотивирано од разрешувањето на спротивноста на индивидуалната сопственост на основните средства за производство со нужно колективниот (општествениот) карактер на работниот процес во индустријата. Проширувањето е во воспоставувањето на акционерксата сопственост и во подрачјето на државната регулација и интервенција.Сите прашања кои ги наметнува институцијата сопственост (владеење, користење и располагање) се поставуваат на нов начин во врска со акционерските друштва. Акционерите како сопственици имаат владение и располагаат со акцијата

како хартија од вредност, а ги уживаат правата од неа (право на управување, право на дивиденда, право на остаток на стечајна маса). Тие не се директни сопственици на средствата во акционерското друштво.Сопственик на имотот е самото акционерско друштво како правно лице. Конечно државата, исто така, од надворешен регулатор и гарант на стабилноста и сигурноста на сопственичкиот поредок во целина и самата станува сопственик и потпаѓа под нормите со кои е регулирана сопственоста. Како се шират нејзините функции, така се зголемува и нејзиниот имот: од финансирање на јавните служби, контролата на државните резерви поради регулативната интервенција на пазарот, како и од други функции врз пазарна основа. Овде влегуваат и концесиите, јавните претпријатија и јавните субвенции, како преодни форми помеѓу поединечната сопственост и сопственоста на државата. Идеолошката содржина на државната сопственост што и ја даваат идејните носители на граѓанскиот поредок, ја пренагласи и прецени сопственоста како противставена на политичката власт, а ја потцени сопственоста како извор на општествена нееднаквост. Истата грешка ја направија нивните социјалистички противници, со тоа што го преценија значењето на сопственоста како темел на капиталистичката доминација и ја потценија опасноста која ја претставува политичката власт за човековата слобода. Државната сопственост овде, првенствено се сфати како укинување на приватната сопственост и со акт на политичка волја се врши вклучување на сите интересенти (работници и граѓани) во кругот на легитимирани интересенти. Вклучувањето не е регулација, бидејќи во прв момент, целото подрачје државата го остава нерегулирано и ја резервира можноста за арбитражна интервенција. И во случајот на прогласувањето на општествената сопственост, таквиот проглас значеше начелно вклучување на сите во кругот на легитимираните. Прашањето на конкретната регулација на новиот пристап до стварите со таа прокламација не беше решено, ниту пак можеше да се реши без вклучување на регулативната функција на општата институција на сопственоста во рамките на нејзината историска интегративна рамка. Ова е всушност точката која ги покажува логиката и општествениот резон во тргнувањето кон процесите на трансформација на сопственичките односи во социјалистичките земји и во Република Македонија.

**Наместо правно – сопственички механизам – политички ( волунтаристички ) процес**

Приватизацијата беше политички контролиран процес, со истовремена суспензија на ингеренциите на Јавниот правобранител на Република Македонија кој ја штитеше општествената сопственост и претпријатијата во процесот на приватизација. „Валканите работи“ во приватизацијата на партите им служеа само како повод и оружје за напад на конкурентската партија како носител на незаконитостите во процесот. Најавите и ветувањата за контроли и поништување на извршени приватизации завршуваа до првата можност да се дојде до управувачки пакет на профитабилно друштво.На овој начин партиите се појавуваа како директни учесници и корисници на приватизацијата.

Процесот на приватизацијата се спроведуваше врз основа на непрецизни, нејасни и растегливи прописи што, во услови на значајна ерозија на моралот резултираше со најразлични неправилности и

незаконитости од процедурален и материјален карактер.Оштетувањата на општествениот капитал преку волунтаристичките проценки и „криењето“ на општествениот капитал на најразлични начини, како и злоупотребите на постапките при јавните продажби (дури и на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност) како да имаа поткрепа во една општа „транзициска филозофија“: општествената сопственост можеше да се трансформира со примена на ваучерскиот систем (бесплатно да се подели на граѓаните) и во тој случај државата не добива ништо. Сега и во услови кога сепак нешто добива од општествениот капитал па макар и оштетен е некаква добивка.Оној пак што украл капитал, а не е паметен ќе го изгуби, а оној што украл, а е паметен, паметно ќе го оплодува. Државата и општеството ништо не губат, туку добиваат. Во овој период Македонија е во светскиот врв по степенот на корупција. Во 2003 година Македонија според Извештајот на Transparency Inernational, е рангирана на 106 место на антикорупцискиот рејтинг, а во 1999 година на 63 – то место од вкупно 133 земји во светот. Истовремено Македонија е рангирана на 97 – то место во Меѓународниот индекс за заштита на правата на сопственост.

Има ли промени денес? Според извештајот на Транспаренси Интернешнал, во 2017 година Македонија го зазема 107 место според индексот на корупција и е во друштво со Етиопија и Виетнам. Тоа е за цели 17 места полоша позиција во однос на 2016 година. Од европските земји, полошо од Македонија се наоѓаат само Украина и Русија. Актуелните случаи на директна вмешаност на високи владини и партиски функционери во корупција и рекет (јавни набавки во , корупцијата во Фондот за иновации, скандалозниот случај Рекет во кој е вмешана специјалната јавна обвинителка и други ) покажува дека во Македонија, од нејзината независност до денес, сопственоста не се почитува. Како никогаш досега не било толку проsирно како партиите своите интереси (или интересите на групи или поединци) ги претставуваат како интереси на државата – претставник на општествената заедница. Секоја од двете политички коалиции кои се менуваа на власт промовираат свои „олигарси“ и „менаџерски групи“ како нивни пандани во акционерските друштва.

**Заклучок**

Непочитувањето на правниот механизам на функционирањето на сопственоста како регулативна институција (овластување – исклучување) преку нејзиното дефинирање,преносливост и заштита, нужно води кон нелегално нејзино оттуѓување односно криминал, а тоа до рушење на демократските правила и воспоставување на основи на недемократски општествени односи. Нема цивилизациски напредок без соодветна правна заштита на сопственоста.

**Користена литература**

1.Eugen Pusic, Drustvena regulacija – granica znanosti i iskustva, Globus, Zagreb, 1990

2.Ацески д-р Илија: „Општеството и човекот во транзиција (македонски случај)", Експрес, Скопје, 1995;

3.Приватизација на општествениот капитал во Република Македонија"-група на автори, Правен Факултет Скопје, Скопје, 1991;

4.Перцепцијата за корупција повторно ја закова Македонија на европското дно,Deutsche Welle, 29.01.2019

5.Случај Рекет: Сите невини, а лекот поопасен од болеста, Вечер, Скопје, 7 август, 2019

# LOBBYING AS A WAY TO ACHIEVE COMMON GOALS AND CORRUPTION - TOUCH POINTS AND DELINEATION

*UDC:* 328.184:343.352
005.575:343.352 *Прегледен труд*

**Проф. д-р Ѓорѓи Сламков[1], Проф. д-р Васко Стамевски[2]**
*Faculty of Law at ISU "Gavrilo Romanovich Derzhavin", Sveti Nikole – Bitola[1]*
*European University, Skopje[2]*

**Abstract**

Within the paper, the issue of the thin line between lobbying and corruption is being addressed. Several international organizations, including the UN, the Council of Europe, the OECD, have adopted legal acts to regulate lobbying. Through them, they endeavor to keep lobbying in the normative, permissible form of behavior. The violation of the strict rules for lobbying is the entry into the punishable, illegal, usually through the criminal acts Trading in influence and Bribery.

Different interest groups through lobbying tend to influence decision-makers, thus to achieve their goals and therefore wider own inclusion in social development.

In order to be legal and effective, lobbying must be transparent, all doubts about abuse and illegal working of both parties in the lobbying process should be reduced.

However, this is an extremely sensitive area because very little is needed to turn lobbying into corruption, therefore we need mechanisms for controlling lobbyists, as well as for overseeing public officials who are the target of lobbying.

Illegal lobbying leads directly to corruption in politics, in the decision making process, which contributes to the domination of individual interest over the public ones. In that way, a series of principles are violated, such as: the principle of legality, the equality of citizens, the public interest, respect for the rights of citizens, or in general, the violation of the rule of law and legal certainty. Such a consequence breaks the foundations of a democratically based society and creates an opportunity for legal dysfunction.

**Key words**: *lobbying, corruption, inclusion, corruption in politics, transparency,*

# ЛОБИРАЊЕТО КАКО НАЧИН ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ЦЕЛИ И КОРУПЦИЈАТА - ДОПИРНИ ТОЧКИ И РАЗГРАНИЧУВАЊЕ


**Апстракт**

Во рамките на трудот се обработува прашањето на тенката линија помеѓу лобирањето и корупцијата. Неколку меѓународни организации, вклучувајќи ги ООН, Советот на Европа, ОЕЦД, усвоија правни акти за регулирање на лобирањето. Преку нив, тие го прикажуваат лобирањето во нормативната, односно дозволената форма на однесување. Прекршувањето на строгите правила за лобирање е влез во казнивото, незаконското, обично преку кривичните дела Тргување со влијание и Поткуп.

Различни интересни групи преку лобирање имаат тенденција да влијаат на носителите на јавни одлуки, со цел да ги постигнат своите цели и да имаат поширока инклузија во социјалниот развој.

Со цел да биде легално и ефективно, лобирање мора да биде транспарентно, сите сомневања за злоупотреби и нелегално работење на двете страни во процесот на лобирање треба да се намалат.

Сепак, ова е исклучително чуствителна област бидејки многу малку треба за да едно лобирање премине во корупција, затоа треба механизми како за контрола на лобистите, така и за надзор над лобираните.

Незаконското лобирање директно води кон корупција во политиката, во процесот на носење на одлуки, што придонесува за доминација на поединечниот интерес над општиот. На тој начин се повредуваат серија на начела, и тоа: начелото на законитост, на еднаквост на граѓаните, на јавниот интерес, почитување на правата на граѓаните, или генерално, повреда на владеењето на правото и правната сигурност. Ваквата последичност ги руши темелите на демократско заснованото општество и создава простор за правна дисфункционалност.


**Клучни зборови**: *лобирање, корупција, инклузија, корупција во политиката, транспарентност*

### *1.1. Меѓународни правни основи*

Лобирањето мора да биде регулирано во прецизна рамка, која обезбедува транспарентност, и согледување на сите детали во работењето на лобистот, бидејки во спротивно можни се појави на коруптивно однесување.

Корупцијата при лобирање, во главно, се сведува на кривично дело поврзано со трговија со влијание (давање и примање на награда за противзаконито влијание). Ваквото поведение е инкриминирано во Конвенцијата на ООН против корупција[1], поточно во член 18 – Трговија со влијание. Покрај тоа, и најзначајниот документ на Совет на Европа за справување со корупцијата, Казнената конвенција за

[1] United Nations Convention against Corruption – UNCAC, https://www.unodc.org/documents/treaties/UNCAC/Publications/Convention/08-50026_E.pdf

корупција[2], во член 12, го има предвидено делото – Трговија со влијание. Согласно, горенаведените акти, Трговија со влијание[3] значи: „ Ветување, нудење или давање на јавен службеник или друго лице, директно или индиректно, на противправна корист, со цел јавниот службеник или лицето да го злоупотреби своето вистинско или претпоставено влијание, со цел да се добие противправна корист за поттикнувачот на делото или за кое било друго лице.

Повикување или прифаќање од страна на јавен службеник или друго лице, директно или индиректно, на противправна корист за себе или за друго лице, со цел јавниот службеник или друго лице да го злоупотреби своето вистинско или претпоставено влијание со цел добивање од противправна корист".

Потребата од прецизно регулирање на лобирањето ја потенцира и ГРЕКО[4]. Имено, ГРЕКО во четвртиот евалуациски круг има нотирано дека повеќе од половината членки на Совет на Европа имаат несоодветна или неприменлива или воопшто немаат регулатива за лобирањето и во исто време на поголем број држави-членки им препорачува регулирање на лобирањето, како би се избегнале неприфатливи појави.

Во основа, цел на регулирањето на лобирањето е да се ограничи непримерното влијание на одредени интересни групи на процесите на донесување на политички одлуки.

За да се спречи преминувањето на лобирањето во корупција потребно е најпрво владеење на принципот на транспарентност. Во оваа област подразбира: детално регулирање на процесот на донесување на одлуки како во законодавната така и во извршната власт, односно во сите фази да биде целосно транспарентно и со учество на голем број субјекти. Покрај тоа, транспарентноста подразбира регулирање на постапувањето на лицата кои се предмет на лобирање. Ова означува постоење на правила за регулирање на нивното постапување, како што се: детално да ги објават контактите со лобистите, да ѓи почитуваат кодексите на однесување, постоење на регистар на подароци, почитување на нормите за судир на интереси.

Загриженоста околу практиките на лобирање и барањата за транспарентност во јавното одлучување доведоа до тоа државите повеќе да дискутираат за лобирањето во политичката сфера. Имено, лобирањето може да им даде на носителите на одлуки вредни податоци, како и да им додели на засегнатите страни пристап до развојот и спроведувањето на јавните политики. Сепак, лобирањето, исто така, може да доведе до непотребно влијание, корупција, нелојална конкуренција на штета на јавниот интерес и ефективните јавни политики. Транспарентноста во лобирањето е од суштинско значење за да се зачува интегритетот на процесот на донесување одлуки.

Преку регулирањето на лобирањето се настојува да се постигне транспарентност и отчетност од носителите на јавни функции во процесот на носење на одлуките.

[2] Criminal Law Convention on Corruption, Council of Europe, https://rm.coe.int/168007f3f5
[3] Ibid.
[4] Report on Trends and Conclusions of Fourth Evaluation Round in the field of Corruption Prevention of MPs, Judges and Prosecutors, https://rm.coe.int/corruption-prevention-members-of-parliament-judges-and-prosecutors-con/16807638e7

Со Препораката за принципи на транспарентност и интегритет во лобирањето[5] се дефинираат десет принципи, кои се фокусирани на четири главни области.

Првата област е градење на ефективна рамка за отвореност и пристап, ѓи опфаќа првите четири принципи:

- еднакви услови при запознавањето на сите страни со развојот и имплементирањето на јавните политики, т.е., проток на информации;

- правилата и упатствата за лобирање треба да се осврнат на загриженоста на власта во однос на практиките за лобирање и да ги почитуваат социо-политичките и административните контексти, сопствениот терен на примена, не копирање на туѓи решенија;

- правилата и упатствата за лобирање треба да бидат во согласност со поширокатa политика и регулаторните рамки;

- државите треба јасно да ги дефинираат термините "лобирање" и "лобист" кога создаваат или развиваат правила и упатства за лобирање.

Во втората област се принципите за подобрување на транспарентноста:

- државите треба да обезбедат соодветен степен на транспарентност за да јавните службеници, граѓаните и бизнисите можат да добијат доволно информации за активностите на лобирање;

- државите треба да им овозможат на засегнатите страни - граѓанските организации, бизниси, медиуми и општата јавност - да ги анализираат активностите на лобирање.

Јакнење на културата на интегритет е третата област, има два принципи:

- државите треба да поттикнуваат култура на интегритет во јавните организации и донесување одлуки преку обезбедување јасни правила и упатства за однесување на јавните службеници;

- лобистите треба да ги почитуваат стандардите на професионалност и транспарентност, тие ја делат одговорноста за негување на културата на транспарентност и интегритет во лобирањето.

Последната област е Механизми за ефективна имплементација, усогласеност и ревизија:

-треба да бидат вклучени клучните актери во спроведувањето на сеопфатни стратегии и практики за да се постигне усогласеност во целиот процес;

- да се ревидира функционирањето на правила и насоки кои се однесуваат на лобирање, на периодични основи, и да се направат неопходни прилагодувања во однос на пројавените проблеми.

Најратко, целта на десете принципи на ОЕЦД е да им се даваат на носителите на одлуки, насоки и упатства за да се поттикне транспарентноста и интегритетот во лобирањето. Тие се поврзани со максимата: „Колку повеќе лобирањето е транспарентно и регулирано, толку помал е просторот за корупција“.

---

[5] The Recommendation on principles for transparency and integrity in lobbying, OECD Council, 2010, http://www.oecd.org/corruption/ethics/Lobbying-Brochure.pdf

### *1.2. Лобирање или Корупција*

Лобирањето е убедување на носителите на јавни одлуки во врска со нивното одлучување, од друга страна корумпирањето е начин за постигнување на одредени цели преку заобиколување на правилата, а при тоа давање на материјални добра или услуги. Корупцијата значи вршење на јавна служба за приватни цели, целосно заобиколување и повреда на нормите.

Но каде е разликата помеѓу нив, дали имаат допирни точки, како да ги разграничиме, до каде е лобирање, а од каде почнува корупција. Тоа се прашања кои се наметнуваат за овие проблематики поаѓајки од нивната комплексна природа.

Наједноставно, лобирањето е организирано убедување на јавните службеници. Корупцијата е – поткупување на јавните службеници.

Најдобрата форма на лобирање е комбинација од добро убедување со силна пропагандна кампања. Така, кога јавниот службеник ќе гласа или ќе изготви законски решенија според желбите на лобистот, јавноста ќе се согласува дека службеникот постапил правилно. На овој начин, речиси не постои никаков притисок или сомневање за корупција, бидејќи преземената акција е во согласност со јавното мислење. Така, медиумите завршуваат поголем дел од работата на лобистите.

Лобирањето е легитимна и суштествена алатка за политичка комуникација меѓу државата и граѓаните во општество кое се базира на протокот на информации, додека влијанието врз процесот на донесување јавни одлуки преку пари или користење блиски контакти е форма на корупција (поткуп, непотизам). Меѓутоа, лобирањето исто така може да ја премине линијата на легитимитет кога се остварува во тајност[6]. Така, границата помеѓу легитимно лобирање и корупција може да се направи ако тие односи меѓу јавните службеници и приватните интереси се регулираат и спроведуваат јавно. Затоа, регулирањето на лобирањето е од фундаментално значење за тоа да стане моќна алатка за инклузивно и отворено донесување одлуки, во спротивно се отвара простор за раширена корупција во владата.

Лобирањето е најраспространето во САД[7] , при што лобистот може да донира пари за политичка партија или кандидат или може да донира за некоја околност што е од значење за политичарот или да спонзорира спортски тимови или групации во заедницата од изборната област на политичарот, со цел да се добие пристап до луѓето кои ги донесуваат одлуките, а со тоа и можност преку аргумнетите да се добие поволна одлука за него или за луѓето што ги претставува. Корупцијата, од друга страна, обично вклучува директна исплата на пари на политичар или службеник или на семејството на политичарот или во некои случаи уцена за да се добие поволна одлука. Имено, во САД постои пракса лобистите на големите корпорации и синдикати да донираат големи финансиски средства за конгресмените во „кампањи за реизбор" а за возврат добиваат пристап до конгресмените за да ги остварат своите цели од лобирањето. Ова можеби не е директна корупција, но секако овде се елементи од коруптивна природа кои влијаат на легитимноста на постапките.

[6] Michael L. Comer, Timothy E. Stephens, "Bribery and Corruption, How to be an impeccable and profitable corporate citizen", 2013 Gower Publishing, pg.480
[7] https://www.businessinsider.com/the-ten-companies-making-the-biggest-political-donations-2012-7

### *1.3. Корупциски случаи поврзани со лобирање*

**“Cash-for-laws**” е еден од најголемите скандали со лобирање во историјата на ЕУ, од март 2011 година. Станува збор за корупциски предмет поврзан со лобирање кој се случил во Европскиот Парламент. Во основа, вклучени биле четири членови на Европскиот Парламент (Adrian Severin од Романија, Ernst Strasser од Австрија, Zoran Thaler од Словенија и Pablo Zalba Bidegain од Шпанија) кои се согласиле да поднесат амандмани за измена на правото ан ЕУ а за возврат да добијат ветен паричен надоместок[8]. Така, прикриени новинари од списанието “Sunday Times” преставувајки се како лобисти им пристапиле на 60 пратеници и ги поканиле да се приклучат на советодавниот одбор на лажна лоби консултанска фирма и да влијаат при носењето одлуки во Европскиот Парламент во полза на клиенитите за кои „лобира“ фирмата. Најмалку 14 пратеници се согласиле да се сретнат со лажните лобисти и да разговараат за понудата од 100.000 евра годишен надоместок. По откривањето на скандалот Thaler и Strasser поднеле оставка, но Severin и Zalba Bidegain одбиле да се повлечат.

Суштината на предметот е дека новинари на „Sunday Times“ прикриени како лобисти со цел да ја проверат примената на етичкиот кодекс од членовите на Европскиот Парламент, тајно ги снимиле четрите парламентарци како договараат противправна имотна корист за поднесување амандмани во Европскиот парламент[9].

Во 2012 година, канцеларијата на Европската комисија за борба против измами (OLAF) го ослободила Zoran Thaler од сомневање за корупција, во објаснувањето е наведено дека: "ОЛАФ не најде докази за поддршка на сомневањата за престап на поранешниот европратеник Zoran Thaler, по тврдењата на „Sunday Times“ од Март 2011 година во скандалот амандмани за пари ... но Европскиот парламент "одби да ја обезбеди потребната поддршка за време на истрагата".

Во 2014 година, поранешниот словенечки европратеник Zoran Thaler склучил договор со обвинителството и ја признал вината, по што од судот во Љубљана бил осуден на две и пол години затвор (да се служи во викенди), парична казна од 32.250 евра, дополнителни 15.000 евра за донирање во детската болница во Љубљана и забрана за вршење јавна функција во период од пет години[10].

Ernst Strasser бил прогласен за виновен за прифаќање поткуп и осуден на четири години затвор, но пресудата била поништена по жалба од процедурални причини.

Adrian Severin во Февруари 2016 бил осуден на три години и шест месеци затвор.

Pablo Zalba Bidegain ги негирал сите обвинувања и не било подигнато обвинение. На 25 Мај 2014 година бил реизбран за член на Европскиот парламент за периодот 2014 – 2019 година.

**„Jack Abramoff Indian lobbying scandal“** е политички скандал во САД од 2005 година поврзан со лобирање. Станува збор за измама извршена од страна на политичките лобисти Jack Abramoff, Ralph E. Reed, Jr., Grover Norquist and Michael Scanlon кон индијански племиња кои сакале да развијат казино

[8] https://corporateeurope.org/en/2011/03/cash-amendments-scandal-tip-iceberg
[9] https://www.euractiv.com/section/future-eu/news/ex-mep-to-serve-prison-in-cash-for-laws-scandal
[10] https://www.politico.eu/article/ex-mep-convicted-of-cepting-bribes

коцкање на своите резервати[11]. Лобистите биле обвинети за илегално давање подароци и донации за изборни кампањи на конгресмени, а за возврат да добијат гласови или поддршка на законодавството. Во корупцискиот скандал биле директно вмешани најмалку три конгресмени. Во ноември 2005 година, Michael Scanlon се изјаснил за виновен во заговор за поткуп на членови на Конгресот и други јавни функционери.

Во јануари 2006 година, Jack Abramoff постигнал договор со јавното обвинителство и се изјаснил за виновен за три кривични дела - заговор, измама и затајување на данок - вклучувајќи обвиненија кои главно произлегуваат од неговите активности за лобирање во Вашингтон во име на индијански племиња[12]. Како резултат на тоа, Jack Abramoff и другите обвинети морале да вратат околу 25 милиони долари што ги добиле од измамените клиенти, првенствено од индијански племиња. Покрај тоа, Jack Abramoff признал долг кон Службата за јавни приходи во висина од 1,7 милиони долари, како резултат на неговата изјава за признавање вина за даночно затајување. Во договорот, Jack Abramoff признал поткуп на јавните службеници и незаконско лобирање во Конгресот.

**„Cash for Cameron“** е случај на политичка корупција со инволвирање на лобисти. Имено, во март 2012 година, благајникот на конзервативната партија во Велика Британија Peter Cruddas поднел оставка откако тајно направени снимки покажале дека на лобист му нуди средба со премиерот за донација од 250.000 фунти годишно. Во случајот, новинарите на " Sunday Times " имале скриена улога на лобисти. На средбата тој им потенцирал дека за 250.000 фунти ќе им даде пристап до "премиер лигата", вклучително и вечера со премиерот, но и можност за влијание врз владината политика[13]. Благајникот Peter Cruddas поднел оставка од функцијата, но овој случај го поставил прашањето за законитоста во финансирањето на политичките партии во Велика Британија. Британскиот премиер David Cameron го опишал како целосно неприфатливо однесувањето на партискиот благајник и дека истото го презел на сопствена иницијатива[14].

**„Liam Fox and Adam Werritty“** е друг случај од Велика Британија, во кој се истакнуваат елементите на нерегулирано лобирање, злоупотреба на јавната положба, и кронизам. Имено, во октомври 2011 година секретарот за одбрана Liam Fox поднел оставка под притисок на јавноста поради неговите работни контакти со пријателот и само – именуван советник Adam Werritty. Имено, секретарот за одбрана му дозволил на Adam Werritty да го придружува на неговите службени патувања во странство и притоа да се претставува како негов советник, при тоа состанувајќи се со дипломати, вработени во одбранбената индустија, компании за производство на воена опрема, на кои им делел визит-карти иако немал официјален статус во Владата[15]. По избивањето на случајот, Liam Fox поднел оставка од позивијата секретар за одбрана, била спроведена независна истрага при што било констатирано дека поранешниот секретар за одбрана го прекршил министерскиот кодекс.

---

[11] https : //www.culturalsurvival.org/news/beyond-abramoff-scandal-lobbying-indian-country
[12] https: // www.rollcall.com/news/indian-tribal-lobbying-booming-abramoff-scandal
[13] https://www.theguardian.com/politics/2012/mar/25/david-cameron -peter-cruddas- pressure
[14] https://www.euractiv.com/section/uk-europe/news/cameron-hit-by-fundraising- scandal
[15] https://www.telegraph.co.uk/news/politics/conservative/8828141/Liam-Fox-resigns-following-Adam-Werritty-revelations.html

**„Cash for questions”.** Станува збор за корупциски случај во Велика Британија од 1994 година во кој се вклучени парламентарци и лобисти. Во него пратеници се согласиле да поднесат прашања во Парламентот за одредена финансиска надомест. Пратениците Neil Hamilton и Tim Smith биле обвинети дека во коверти земале пари од сопственикот на „ Harrods“,Mohamed Al Fayed за да поставуваат прашања во Парламентот. Целиот случај се одвивал преку лобист, кој бил посредник и преку него се одвивала исплатата. Пратеникот Tim Smith ги признал обвинувањата и веднаш поднел оставка, додека Neil Hamilton најпрво негирал, но потоа поднел оставка. Скандалот бил причина за формирање на Комитет за стандарди во јавниот живот[16].

## Conclusion

Lobbying allows citizens to express their views, to integrate into social processes and to influence them. It is a way to achieve common goals and it must be realized in a manner defined by law. The violation of strictly defined rules creates a risk of corruption.

The lack of precise regulation of lobbying is a challenge for unlawful influence on decision-makers, but also a risk for public officials to accept illegal offers of benefits, values or services of a personal nature. The danger of crossing from lobbying into corruption is greater if imprecise regulation gives space for hidden meetings and clients. Therefore, the principles of transparency and accountability, publicity in the working, are an obstacle to corruption, and provide protection for the public interest and the rule of law.

The large number of corruption affairs involving lobbyists, or undercover journalists/lobbyists, indicate the vulnerability of public decision makers. It is necessary to upgrade the ethical codes, as well as the rules for receiving gifts and other benefits. At the same time, conducting public campaigns on the purpose and importance of lobbying is a necessary step, especially in countries with weak regulation or inadequate application of norms.

The line between lobbying and corruption is thin and therefore actions should be taken of normative, ethical, cultural, sociological and penal character in order to prevent the spillover of lobbying into corruption, protecting the profession lobbyist, but also protecting the society from crime and corruption at a high level, ie, corruption in politics.

## Заклучок

Лобирањето им овозможува на граѓаните да ги изразат нивните ставови, да се интегрираат во општествените процеси и да влијаат врз нив. Тоа е начин да се постигнат заеднички цели и тоа мора да се реализира на начин утврден со закон. Прекршувањето на строго дефинираните правила создава ризик од корупција.

[16] https://www.theguardian.com/uk/1999/dec/22/hamiltonvalfayed.conservatives

Непостоењето прецизна регулатива за лобирањето е предизвик за незаконско влијание врз носителите на одлуките, но исто така и ризик за носителите на јавни функции да прифатат незаконски понуди на корист, вредности или услуги од личен карактер. Опасноста за премин од лобирање во корупција е поголема доколку непрецизната регулатива дава простор за скриени состаноци и нарачатели. Поради тоа, принципите на транспарентост и отчетност, јавност во работењето се пречка за корупција, и овозможуваат заштита на јавниот интерес и владеењето на правото.

Големиот број корупциски афери во кои се вклучени лобисти, или прикриени новинари/лобисти покажуваат на ранливоста на носителите на јавни одлуки. Потребно е надградување на етичките кодекси, како и правилата за прием на подароци и други користи. Паралелно со тоа, водењето на јавни кампањи за целта и значењето на лобирањето е неопходен чекор, посебно во државите со слаба регулатива или со неадекватна примена на нормите.

Линијата помеѓу лобирањето и корупцијата е тенка и поради тоа треба да се преземат дејствија од нормативен, етички, културен, социолошки и казнен карактер како би се спречило прелевање на лобирањето во корупција, заштита на професијата лобист, но и заштита на општеството од криминал и корупција на високо ниво, т.е., корупција во политиката.

**Користена литература**

- Michael L. Comer, Timothy E. Stephens, “Bribery and Corruption, How to be an impeccable and profitable corporate citizen”, 2013 Gower Publishing, pg.480

- Recommendation of the Council on Principles for Transparency and Integrity in Lobbying 2010, OECD, https://legalinstruments.oecd.org/en/instruments/OECD-LEGAL-0379

-United Nations Convention against corruption https://www.unodc.org/documents/treaties/UNCAC/Publications/Convention/08-50026_E.pdf

- Criminal Law Convention on Corruption, Council of Europe, https://rm.coe.int/168007f3f5

- Report on Trends and Conclusions of Fourth Evaluation Round in the field of Corruption Prevention of MPs, Judges and Prosecutors, Council of Europe 2017, https://rm.coe.int/corruption-prevention-members-of-parliament-judges-and-prosecutors-con/16807638e7

-Transparency and integrity in lobbying, OECD 2013, http://www.oecd.org/corruption/ethics/Lobbying-Brochure.pdf)

https://www.businessinsider.com/the-ten-companies-making-the-biggest-political-donations-2012-7 (04.07.2012)

https://corporateeurope.org/en/2011/03/cash-amendments-scandal-tip-iceberg (31.03.2011)

https://www.euractiv.com/section/future-eu/news/ex-mep-to-serve-prison-in-cash-for-laws-scandal (05.02.2014)

https://www.politico.eu/article/ex-mep-convicted-of-accepting-bribes (12.02.2014)

https://www.culturalsurvival.org/news/beyond-abramoff-scandal-lobbying-indian-country

https://www.rollcall.com/news/indian-tribal-lobbying-booming-abramoff-scandal (15.11.2015)
https://www.theguardian.com/politics/2012/mar/25/david-cameron-peter-cruddas-pressure (25.03.2012)
https://www.euractiv.com/section/uk-europe/news/cameron-hit-by-fundraising-scandal (26.03.2012)
https://www.telegraph.co.uk/news/politics/conservative/8828141/Liam-Fox-resigns-following-Adam-Werritty-revelations.html (15.10.2011)
https://www.theguardian.com/uk/1999/dec/22/hamiltonvalfayed.conservatives (22.12.1999)

# INCLUSION IN DECISION-MAKING PROCESSES THROUGH LOBBYING

*UDC:* 328.184:340.13(4+73)
328.184:340.13(497.7) *Прегледен труд*

**Проф. д-р Васко Стамевски[1], Проф. д-р Ѓорѓи Сламков[2],**
*European University, Skopje[1]*
*Faculty of Law at ISU "Gavrilo Romanovich Derzhavin", Sveti Nikole – Bitola[2]*

**Abstract**

Within the paper, the issue of involving individuals or groups in the decision-making process through lobbying is being addressed.
Lobbying is a profession that seeks to incorporate certain interests into national policies, that is, influence in actions of decision makers. As such, there are oscillations in its development and contribution. Through lobbying, it is possible for each individual, group or association to present their views to the decision-makers, and thus to engage in social flows.
The quality regulation of lobbying is one of the prerequisites for including a variety of interests, but also for the protection against corruption. The principles of transparency and accountability are a priority, making the whole public aware of who is being lobbied and what is the purpose of such lobbying. On the other hand, if lobbying is wrapped up with a veil of secrecy then it will very easily turn into corrupt behavior.
Lobbying is the strongest in the United States, with a large number of lobbyists and legal entities, with huge financial resources circulating in this business.
State access to lobby regulation is different and ranges from legal rules for lobbying to lack of lobbying rules. Within the text, a brief comparative review of lobbying regulation is presented in the EU Member States, the United States and Macedonia.
**Key words**: *lobbying, inclusion, regulation, corruption, public interest,*

# ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ ПРЕКУ ЛОБИРАЊЕ

**Апстракт**

Во рамките на трудот се разгледува прашањето за вклучување на поединци или групи во процесот на донесување одлуки преку лобирање.

Лобирањето е професија преку која се настојува вградување на одредени интереси во националните политики, односно влијание во постапувањето на донесителите на одлуките. Како таква има осцилации во нејзиниот развој и придонес.
Преку лобирањето, можно е секој поединец, група или здружение да ги претстави своите гледишта на донесувачите на одлуки и на тој начин да се вклучат во општествените текови.
Квалитетната регулација на лобирањето е еден од предусловите за заштита од корупција. Во преден план доаѓаат начелата на транспарентност и отчетност, со што целата јавност ќе знае за кого се лобира и која е целта на таквото лобирање. Од друга страна, доколку лобирањето е обвиткано со превезот на тајност тогаш многу лесто ќе премине во коруптивно поведение.
Лобирањето е најсилно во САД, со голем број лобисти и правни лица, со огромни финансиски ресурси што циркулираат во овој бизнис.
Пристапот на државите во однос на регулирање на лобирањето е различен и се движи од законски правила за лобирање па до непостоење на правила за лобирање. Во трудот е презентиран краток компаративен преглед на регулативата за лобирање во државите-членки на ЕУ, САД и Македонија.
**Клучни зборови**: *лобирање, инклузија, регулирање, корупција, јавен интерес*

### *1.1. Поим на лобирање*

Лобирањето  (убедување, застапување на интереси) е дејствување од поединец или група кон избрано или именувано лице, со цел да се влијае на нивните одлуки. Станува збор за усмена или писмена комуникација со носителот на јавни овластувања, како би се дејствувало на закони, јавни политики или административни одлуки.
Препораката за принципите на транспарентност и интегритет при лобирањето на OECD[1] од  2010 година потенцира дека лобирањето може да биде поддршка во процесот на донесување одлуки преку обезбедување корисни податоци, како и тоа, транспарентноста, интегритетот и правичноста во процесот на донесување одлуки се клучни за заштита на јавниот интерес и промовирање на еднакви услови за бизнисите. Овие принципи се однесуваат на носителите на одлуки во извршната и законодавната власт, на локално и централно ниво.
Суштински гледано, лобирањето е дејствие на обид да се влијае врз одлуките донесени од страна на властите, најчесто законодавците или членовите на регулаторните агенции. Лобирањето го прават многу различни типови на луѓе и организирани групи, вклучувајќи и поединци од приватниот сектор, корпорации, колеги законодавци или владини претставници, или групи за застапување (интересни групи). Вредноста на лобирањето, спроведено професионално и етички, зависи од можностите за изнаоѓање пристап до донесувачите на одлуки и од квалитетот на аргументацијата и информациите кои се нудат како иницијатива, кои честопати им се потребни на институциите за донесување поквалитетни одлуки.

[1] OECD - Recommendation of the Council on Principles for Transparency and Integrity in Lobbying 2010, https://legalinstruments.oecd.org/en/instruments/OECD-LEGAL-0379

Лобирањето овозможува посилно да се слушне гласот, како на индустријата, така и на граѓанското општество, во процесот на политичка дебата и донесување одлуки. Станува збор за активност што се состои од мешање на поголем број вештини. Така, потребна е експертиза за политичкиот систем, правниот систем, и секторска експертиза – од која зависи полето на делување на лобистот. Од друга страна, лобистот треба да има личен интегритет, мрежа на контакти, како и добри комуникациски способности.

### *1.2. Системи на регулирање на лобирањето во ЕУ*

Прашањето за регулирање на лобирањето не е унифицирано на ниво на ЕУ. Имено, пристапот кон лобирањето е многу различен меѓу државите-членки, движејќи се до екстремни граници. Така, сите членки на ЕУ можеме да ги категоризираме во четири групи[2], зависно од начинот на регулирање на лобирањето.

Поделбата е на следните групи:

I. Законски правила за лобирање (задолжителна регулатива). Во неа се вбројуваат: Австрија, Ирска, Литванија, Полска, Словенија и Обединето Кралство,

II. Доброволни системи за регистрација за лобисти (мека регулатива), на оваа група припаѓаат Франција, Германија, Италија и Холандија,

III. Имаат механизам за саморегулација: Хрватска, Чешка, Данска, Финска, Латвија, Романија, Шпанија, Шведска,

IV. останатите држави-членки немаат правила за лобирање.

Од друга страна, на ниво на ЕУ, т.е., за лобирање во институциите на Унијата е прифатен доброволниот систем за регистрација за лобисти (мека регулатива).

Државите што имаат донесено регулатива за лобирањето тоа го имаат направено за да постигнат повеќе цели, и тоа: лобистите јавно да се регистрираат; листата/регистарот на лобисти јавно да биде објавен; лобистите да обелоденат кај кој носител на јавна функција лобирале, кој ги ангажирал и за кое прашање; лобистите да ги објават податоците за приходите и расходите од лобирањето; како и забрана за поранешните носители на јавни функции веднаш по завршувањето на функцијата да станат лобисти.

Во продолжение, накратко, преку примери ќе бидат опишани карактеристиките на секоја од групите за регулирање на лобирањето во членките на ЕУ.

**Полска** припаѓа на групата држави кои имаат законски правила за лобирање[3] (задолжителна регулатива). Законот за лобирање е усвоен 2005 година, по повеќе објавени случаи на корупција за кои се воделе парламентарни истражни комисии.

Законот промовира транспарентност во процесот на донесување закони, се однесува на лобирање во Долниот дом на парламентот (Сејм) и во владините министерства. Со законот не се опфатени Кабинетот на Претседателот, Сенатот и локалната власт.

[2] http://www.europarl.europa.eu/EPRS/Transparency_of_lobbying_in_Member_States.pdf
[3] http://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2016/595848/EPRS_BRI(2016)595848_EN.pdf

Согласно законот се разликуваат два вида лобирање: општо лобирање и професионално лобирање. Општо лобирање е секоја активност извршена на законит начин која има за цел да изврши влијание врз државните органи во законодавниот процес, додека професионално лобирање е платена активност извршена во име на трето лице, со цел реализација на неговите интереси во законодавниот процес.

Професионалните лобисти (правни и физички лица) мора да бидат регистрирани. Регистарот е јавен и го води Министерството за внатрешни работи и администрација (во 2014 имало 300 рег. лобисти).

Секоја институција доставува годишен извештај до Министерството за внатрешни работи и администрација и го известува за предметите на лобирање (кој лобирал, за кого, кое прашање), по што извештајот се објавува во јавност.

Лобистите се организирани во Асоцијација на професионални лобисти на Полска. Регистрираните лобисти се идентификуваат со посебна легитимација со што им се овозможува пристап до просториите на Сејмот. Лобистите мора да објават за каква легислатива лобираат и ним им е забрането да присуствуваат на состаноците на поткомитетите без покана.

Нерегистрираните лобисти се санкционираат со парична казна. Имено, субјект кој врши професионални активности за лобирање без да се евидентира во регистарот на лобисти подлежи на казна од 700-12.000 евра. Проверката ја вршат службеници од истите институции каде што се одвиваат активностите за лобирање.

И **Литванија** припаѓа на групата држави со законски правила за лобирање[4] (задолжителна регулатива). Литванскиот закон за лобирање е донесен 2000 година, со него е опфатено само лобирање на законодавниот процес.

Согласно законот "лобирање" значи активности преземени од физички или правни лица (платени или неплатени) во обид да изврши влијание за да се модифицираат или укинат закони, или да се усвојат или отфрлат нови законски акти.

Постои регистар за лобисти и сите лобисти треба да се регистрираат во него. Надзор на лобирањето врши Комисијата за институционална етика. Таа го води регистарот на лобисти и го изготвува етичкиот кодекс за лобисти.

Лобистите се должни да поднесуваат годишни извештаи до Комисијата, во кои се посочуваат приходите и расходите за лобирање и насловот на правниот акт за кој е лобирано.

Активностите што ги преземаат заинтересираните лица во одбраната на нивните сопствени интереси не се сметаат како лобирање, покрај тоа, законот не ги опфаќа фондациите и здруженијата.

Регистрираните лобисти имаат право да учествуваат во изготвувањето на закони, измени и консултации. Сертификатот за лобирање овозможува пристап до институциите и организирање состаноци.

Литванскиот закон пропишува разни санкции за лобисти, и тоа: суспензија на лобист, парични казни (поврзани со "нелегални активности за лобирање" како што е лобирање од страна на нерегистрирано

[4] https://e-seimas.lrs.lt/portal/legalAct/lt/TAD/9473b770a2a311e7a65c90dfe4655c64?jfwid=-8x127n8n6

лице, на име на непостоечки клиент); исто така лобистите одговараат за штетата што ја создале при лобирањето.

Во законот е пропишано посебно ограничување, така, политичари и носители на јавни функции имаат забрана во период од една година по завршувањето на функцијата да се занимаваат со лобирање.

**Германија** припаѓа на групата држави со доброволен систем за регистрација за лобисти (мека регулатива)[5]. Германскиот Бундестаг е првиот Парламент во ЕУ кој има усвоено конкретни правила за регистрација на лобисти, уште во 1972 година.

Лобистите кои лобираат во Бундестагот или Сојузната Влада мора да бидат регистрирани, и регистарот е јавно достапен. Во принцип, лобистите не можат да бидат сослушани од парламентарен комитет доколку не се наоѓаат во регистарот, но комисиите и Бундестагот сé уште можат да поканат здруженија и експерти кои не се на листата да ги презентираат информациите.

Лобистите мора да бидат внесени во регистарот пред да може да им се издаде прием во Парламентот. Во регистарот се внесуваат информации од типот: име и седиште на групата, состав на одборот на директори и управен одбор, област на интерес, број на членови, имиња на назначени претставници, канцеларија и адреса.

Надзор над работа на лобистите врши претседателот на Бундестагот. За кршење на правила на лобирање не постои санкција, единствено губење на можноста да бидат сослушани во комисиите на Бундестагот.

Во 2013 се направени безуспешни напори за замена на доброволното регистрирање со задолжително (законско регулирање).

**Данска** има механизам за саморегулација[6]. Не постои регистар на лобисти, ниту пак надзорно тело или санкции.

Данското здружение за односи со јавност има донесено етички кодекс.

Пратениците имаат линк на парламентарната веб-страница каде што опишуваат контакти со лобисти, но на доброволна основа. Парламентарните комисии често се во контакт со граѓани, интересни групи, истражувачи, експерти. Интересните групи и други субјекти можат да присуствуваат на состаноците на комисиите и да изразуваат мислења за прашања или предлог-закони на дневен ред.

**Романија** припаѓа на групата држави со механизам за саморегулација[7]. Романската асоцијација за саморегулирано лобирање (RLRA) воспостави доброволен јавен систем на регулација во 2010 година.

Секој парламентарен комитет може да ги покани претставниците на граѓанското општество, здруженијата на сопственици, професионалните здруженија или синдикатите да учествуваат на седниците на релевантниот комитет и да дискутираат за законска регулатива.

Постојат правила за конфликт на интереси и нееднаквости што се применуваат за јавните службеници.

**Луксембург** спаѓа во групата држави кои немаат законодавство за регулирање на лобирањето[8]. Покрај тоа, во Луксембург нема кодекс за однесување на лобисти, ниту пак, регистер на лобисти.

---

5 https://www.transparency.de/fileadmin/Redaktion/Publikationen/2014/Lobbying_in_Germany_TransparencyDeutschland_2014_EN.pdf

6 https://corporateeurope.org/en/lobbycracy/2012/06/danish-parliament-takes-steps-towards-lobbying-transparency

7 http://registruldelobby.ro/en/lobbying-in-romania-and-the-eu.html

Оваа проблематика во општи црти ја допира Закон за вршење јавна служба од 1979, кој се однесува на принципите на неутралност и непристрасност на јавните службеници.

И покрај тоа што на Луксембург му недостасува регулатива за лобирањето сепак кога се зборува за оваа држава треба да се имаат во предвид и следните податоци, имено, според Transparency International Corruption Perceptions Index 2018 Луксембург е на 9 место во светот, додека GDP (Nominal) per capita Ranking 2019 Луксембург е на 1 место во светот со 115.203 $, речиси двојно повеќе од САД.

На ниво на **Европска Унија**, т.е., за лобирање во институциите на Унијата е прифатен доброволниот систем за регистрација за лобисти (мека регулатива).

Потребата за регулирање на лобирањето во ЕУ се наметнала уште од 80-те години на минатиот век, но дури во 1997 година Европскиот Парламент, а во 2008 година Европската Комисија, го воведоа доброволното регистрирање на лобисти[9].

Во 2011 е создаден Заеднички Регистар на транспарентност на Европскиот Парламент и Европската Комисија[10]. Број на регистрирани лобисти во регистарот е во нагорна линија. Така, во 2015 биле регистрирани 8200 лобисти, додека во април 2019 – 11812 лобисти[11].

Регистрираните лобисти можат да добијат пристап до просториите на Европскиот Парламент, како и да добијат информации од Парламентот и Европската Комисија.

Покрај тоа, регистрираните лобисти подлежат на Кодекс на однесување. Така, повредата на Кодексот на однесување се санкционира преку следните санкции: писмено предупредување, привремена суспензија, отстранување од регистарот на период до две години и забрана за пристап во просториите на Европскиот Парламент.

### *1.3. Регулирање на лобирањето во САД*

Правото на лобирање во **САД** е заштитено со првиот амандман. И покрај тоа што терминот „лобирање“ изричито не се употребува, сепак правото „да се поднесе петиција до Владата за исправка на неправдите“ е посебно забележано. Во денешно време, ова го претставува правото на лобирање, содржано во Уставот на САД. Како позначајни законски акти за регулирање на лобирањето во САД[12] се вбројуваат Законот за сојузно регулирање на лобирањето од 1946, Законот за обелоденување на лобирањето од 1995 и Законот за чесно водство и отворена влада, од 2007.

Според податоците на Центарот за одговорни политики[13] во периодот од 1998 – 2018 бројот на лобистите во САД на годишно ниво е околу 11.000, и тоа во 1998 – 10,419 лобисти, додека во 2018 – 11,641 лобисти. Одреден скок има во 2007 кога бројот на лобисти е 14.825. Од друга страна, трошоци за лобирање се во постојан пораст, така, во 1998 – $ 1.45 милијарди, додека во 2018 - $ 3.45 милијарди.

[8] http://legilux.public.lu/eli/etat/leg/loi/1979/04/16/n1/jo
[9] http://www.eurosfaire.prd.fr/7pc/doc/1211469722_lobbying_eu.pdf
[10] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=uriserv:OJ.L_.2014.277.01.0011.01.ENG
[11] http://ec.europa.eu/transparencyregister/public/homePage.do
[12] http://www.ncsl.org/research/ethics/lobbyist-regulation.aspx
[13] https://www.opensecrets.org/lobby

Најголемите сектори за лобирање во периодот од 1998-2010 се Финансии, осигурување и недвижности со потрошени $4,27 милијарди и Здравство со $4,22 милијарди[14].

Лобистите задолжително се регистрираат кај секретарот на Сенатот и секретарот на Преставничкиот дом. Нема посебен етички кодекс за лобисти, но мора да го почитуваат етичкиот кодекс на конгресмените. Исто така, мора да ги почитуваат правилата на Сенатот и Преставничкиот дом во врска со поклони и патувања.

Лобистите мора да бидат транспарентни во постапувањето и да дадат информации за нивниот идентитет или лоби друштвото, за клиентите, за прашањата за кои лобираат, за приходите и расходите, и тоа на секои три месеци. Сите извештаи и регистрации мора да бидат јавно обелоденети преку интернет. Доколку не поднесат извештај или содржи неточни податоци следи казна до $200.000 и до 5 години затвор[15].

Со цел да се спречи трговијата со влијание конгресмените имаат забрана да работат како лобисти одреден период по завршувањето на мандатот, и тоа за 2 години за поранешните членови на претставничкиот дом и 1 година за поранешните сенатори,

Покрај тоа, Државниот обвинител на секое 6 месеци до Конгресот праќа Извештај за спроведувањето на Законот за обелоденување на лобирањето.

### *1.4. Регулирање на лобирањето во Македонија*

Според македонското законодавство[16] лобирање е активност насочена кон законодавната и извршната власт на централно ниво, како и кон локалната власт, заради остварување определени интереси во процесот на донесување закони и други прописи. Лобист е физичко лице кое врши лобирање за соодветен паричен надоместок, регистрирано за вршење на лобирање, или е вработено во правно лице кое е регистирано за вршење на лобирање со кое е склучен договор за лобирање. Додека нарачател на лобирање е заинтересирано физичко или правно лице кое има интерес од лобирањето пред законодавната, извршната и локалната власт.

Лобирањето се спроведува доброволно,врз основа на писмен договор меѓу лобистот, односно правното лице кај кое е вработен лобистот и нарачателот на лобирањето, како страни во лобирањето. Нарачателот на лобирањето му издава на лобистот полномошно, со кое лобистот се претставува пред органите кај кои лобира. Лобист може да биде домашно физичко лице кое е запишано во регистарот на лобисти или е вработено во правно лице со кое е склучен договор за лобирање.

Регистар на лобисти се води кај генералниот секретар на Парламентот, додека надзорот над лобистите го врши Државната комисија за спречување на корупцијата. До наведените институции секој лобист има обврска да достави годишен извештај, кој содржи податоци: за кого лобирал, кога и за кое

[14] https://opensecrets.org/lobby/top.php?indexType=c

[15] Lobbying Disclosure Act Guidance, https://lobbyingdisclosure.house.gov/amended_lda_guide.html

[16] Закон за лобирање, Службен весник на Република Македонија бр. 106/2008

прашање, кај кого и преку кои активности лобирал, податоци за финансиските средства што ги добил за извршеното лобирање.

И покрај законската рамка, која постои повеќе од десет години, сепак лобирањето не се разви во Македонија. Имено, во 2013 и 2014 година беше регистриран само еден лобист.

Ваквата состојба не е логична и реално неодржлива, како пример, САД има околу 328 милиони жители со просек од 11-12.000 лобисти на годишно ниво, односно на секои 27.000 жители следи еден лобист, додека Македонија со 2,2 милиони жители има само еден лобист. Тоа укажува дека се неопходни промени во постоечката правна рамка со цел нејзина сеопфатност, адекватност, спречување на нерегулираните елементи за скриено лобирање а со тоа и појава на корупција.

Во Македонија прашањето за лобирање е недоволно обработено, поради тоа потребно е водење на јавна кампања со цел запознавање на јавноста со прашањата – лобирање, лобист, лобирањето како професија и слично[17].

Имено, поентата на лобирањето е да им се даде еднаков пристап на граѓаните околу можноста да влијаат врз донесувањето на одлуките на органите на управување на демократски начин. Лобирањето не е таен процес, напротив тој мора да биде транспарентен а со тоа опасностите од коруптивни дејствија се намалуваат.

## Conclusion

Lobbying as a set of procedures for convincing public officials in the decision-making process has a different application. In some countries it is a very developed tool for influencing decision-makers, while in others it is a taboo subject wrapped up with questions, which should associate to dishonesty, twisting the rules, that is, corruption.

The legislative approach is also different from one state to another. In some countries there are strict legal regulations, in others there are more liberal solutions, in the third is left to self-regulation, while in the last group there are no rules for lobbying.

Many factors influence the way to regulate lobbying, such as the level of economic development, the system of moral values, the degree of rule of law, the results of dealing with corruption, but the most appropriate model for the regulation of lobbying is a system of precise legal regulation, where exactly the rights and obligations of the lobbyists are determined.

Lobbying is a tool for involving individuals or groups in the creation of public policies. Through lobbying, they come into contact with decision-makers and have the opportunity to incorporate their attitudes in social processes through a reasoned approach.

[17] Expert report, Gregor Pirjevec, Skopje 2016, https://www.dksk.mk/fileadmin/user_upload/2_Zakon_za_lobira__e_ekspertski_izveshta__.pdf

**Заклучок**

Лобирањето како збир на постапки за убедување на носителите на јавни одлуки во процесот на одлучување има различна примена. Во некои држави е многу развиена алатка за влијание врз носителите на јавни одлуки, додека во други е табу тема завиена со непознаници, кои што треба да асоцираат на нечесност, изврттување на правилата, односно корупција.

Легислативниот пристап, исто така, е различен од една до друга држава. Во некои држави има строга законска регулатива, во други постојат полиберални решенија, во трети е оставено на саморегулацијата, додека четврти воопшто немаат правила за лобирањето.

Повеќе фактори влијаат на начинот за регулирање на лобирањето, како што се, ниво на економски развој, систем на морални вредности, степен на владеење на правото, резултати од справувањето со корупцијата, но сепак како најадекватен модел за регулирање на лобирањето е системот на прецизна законска регулатива, каде точно се определуваат правата и обврските на лобистите.

Лобирањето е алатка за вклучување на поединци или групи во креирањето на јавните политики. Преку лобирање, тие доаѓаат во контакт со носителите на јавни одлуки и имаат можност преку аргументиран пристап да ги инкорпорираат своите ставови во општествените процеси.

**Користена литература**

- Lobbying in the European Union, Directorate-General Internal Policies, European Parliament 2007, http://www.eurosfaire.prd.fr/7pc/doc/1211469722_lobbying_eu.pdf

-Lobbying in Germany, Transparency International 2014 https://www.transparency.de/fileadmin/Redaktion/Publikationen/2014/Lobbying_in_Germany_TransparencyDeutschland_2014_EN.pdf)

- Lobbying Disclosure Act Guidance (January 1 2008), https://lobbyingdisclosure.house.gov/amended_lda_guide.html

- Lobbying in Romania and the EU, The Romanian Lobby Registry Association, http://registruldelobby.ro/en/lobbying-in-romania-and-the-eu.html

- Law on lobbying activities, Republic of Lithuania (27 June 2000 No VIII-1749, last amended on 20 June 2017 No XIII-453), https://e-seimas.lrs.lt/portal/legalAct/lt/TAD/9473b770a2a311e7a65c90dfe4655c64?jfwid=-8x127n8n6

- Loi du 16 avril 1979 fixant le statut général des fonctionnaires de l'Etat, Journal official du Grand-Duché de Luxembourg http://legilux.public.lu/eli/etat/leg/loi/1979/04/16/n1/jo

- Lobbyist Regulation, National Conference of State Legislatures, http://www.ncsl.org/research/ethics/lobbyist-regulation.aspx

- Lobbying Database, Center for Responsive Politics, https://www.opensecrets.org/lobby

- Recommendation of the Council on Principles for Transparency and Integrity in Lobbying 2010, OECD, https://legalinstruments.oecd.org/en/instruments/OECD-LEGAL-0379

-Transparency and integrity in lobbying, OECD 2013, http://www.oecd.org/corruption/ethics/Lobbying-Brochure.pdf)

- Transparency of lobbying in Member States, Comparative analysis, European Parliament 2016 http://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2016/595848/EPRS_BRI(2016)595848_EN.pdf

- Transparency of lobbying in Member States - Comparative analysis, European Parliament 2016, http://www.europarl.europa.eu/EPRS/Transparency_of_lobbying_in_Member_States.pdf

- Transparency Register, http://ec.europa.eu/transparencyregister/public/homePage.do

- Закон за лобирање, Службен весник на Република Македонија бр. 106/2008

- Expert report, Gregor Pirjevec, Skopje 2016, https://www.dksk.mk/fileadmin/user_upload/2_Zakon_za_lobira__e_ekspertski_izveshta__.pdf

https://corporateeurope.org/en/lobbycracy/2012/06/danish-parliament-takes-steps-towards-lobbying-transparency (29.06.2012)

# КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО – БАЗИЧЕН ДОКУМЕНТ ЗА ЗАШТИТА ОД РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

*UDC:* 364.63-027.553-055 *Прегледен труд*

**Доц. д-р Марјан Габеров**

*Европски Универзитет - Скопје*

**Апстракт**

Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство позната како Истанбулска конвенција, претставува најзначајниот меѓународен документ за борбата со семејното насилство. Како меѓународен документ, Конвенцијата дава исклучителен и забележлив придонес на меѓународен план во борбата со насилството врз жените и домашното насилство. Основна цел на трудот е да ги претстави сите механизми кои ги предвидува оваа конвенција кои се во насока на заштитата од родовото базирано насилство. Родовото базирано насилство се однесува на кој било штетен акт спротивен на волјата на лицето, кој е базиран врз социјално пропишаните разлики меѓу мажите и жените. Како предмет на трудот се поставува анализата на содржината на овој базичен документ кој се однесува на заштитата од родовото базирано насилство.

**Клучни зборови:** *насилство, род, семејно насилство, мажи, жени*

# CONVENTION ON PREVENTING AND FIGHTING AGAINST VIOLENCE AGAINST WOMEN AND DOMESTIC VIOLENCE – BASIC DOCUMENT FOR THE PROTECTION AGAINST GENDER-BASED VIOLENCE

**Abstract**

The Council of Europe's Convention on Preventing and Combating Violence against Women and Domestic Violence known as the Istanbul Convention is the most important international document on combating domestic violence. As an international document, the Convention makes an outstanding and significant contribution internationally in combating violence against women and domestic violence. The main purpose of this paper is to present all the mechanisms foreseen in thE Convention aimed for protecting against gender-based violence. Gender-based violence refers to any harmful act contrary to the will of the person,

based on socially prescribed differences between men and women. The subject of the paper is the analysis of the content of this basic document that deals with the protection against gender-based violence.

**Keywords:** *violence, gender, domestic violence, men, women.*

**Вовед**

Конвенцијата за превенција и борба против насилството врз жените и семејното насилство е усвоена од страна на Советот на Европа во 2011 година.[1] По својата правна природа оваа конвенција претставува меѓународен документ кој на непосреден, односно директен начин уредува прашања кои се однесуваат на феноменот на семејното насилство, пред се на семејното насилство врз жените. Конвенцијата опфаќа неколку аспекти на семејното насилство како што се, прашањата кои се однесуваат на превенцијата на жртвите од семејното насилство и процесуирањето на сторителите на овој вид на насилство во рамките на семејството. Од голема важност претставува и прифатениот начин на дефинирање на видовите на семејно насилство преку прифатениот родово заснован принцип. Оваа конвенција претставува првиот меѓународен договор во кој на прецизен начин се дава дефинирање на поимот “род”, во контекст на општествено поставените улоги на мажите и жените во општеството.

Во оваа насока се и тврдењта на Мирчева и Чачева, според кои оваа конвенција претставува најсеопфатниот документ во меѓународно правни рамки, преку кои се обезбедува заштита на жените од семејното насилство, вклучувајќи го тука и домашното насилство, гонењето на сторителите, како и мерките за заштита на жртвите на овој вид на насилство.[2] За правната природа на конвенцијата говори и Гогов, кој утврдува дека оваа конвенција претставува првиот правнообврзувачи документ во областа на семејното насилство во регионални рамки.[3] Џуклески смета дека во ера на постојано усовршување и напредок на општеството, во ера на постојана и интензивна глобализација неопходно е имплементирање на решенијата кои се предвидени во конвенцијата, во нашето законодавство се со цел да се подобри состојбата во однос на заштитата на жените од насилство, како во семејството, така и во општеството.[4] Донесувањето на еден ваков меѓународно правен документ кој првенствено се однесува на заштита на жените од домашно насилство, вклучително и останатите видови на домашно насилство, е резултат на целокупниот напор кој е направен од страна на Советот на Европа, како организација од регионален карактер, за уредување на предметната состојба и подобрување на прашањето кое се

[1]Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, Coincil of Europa, 2011.
[2]Мирчева, С., Чачева, В.:*Итни мерки за заштита на жртвите на домашно насилство: Истанбулска конвенција*.Скопје:Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, година 20, бр. 1. 2013.
[3]Гогов, Б.:*Човековите права на жртвите на насилство врз жените и домашно насилство во областа на миграција и азил.* Скопје: Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, година 20, бр. 1. 2013.
[4]Џуклески, Г.:*Облици и начини за вработување на жени во земјите од кои потекнуваат*. Скопје: Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, година 20, бр. 1. 2013.

однесува на превенција, заштита и спречување од семејно насилство врз жените, воопшто.[5] Донесувањето на еден ваков документ од меѓународно правна природа, го потенцира фактот за нетолеранција за насилството кон жените, како во рамките на семејството, така и во јавноста. Со конвенцијата се создаваат конкретни и задолжителни обврски за државите во насока на заштита на жените од насилство, преку воведување и примена на холистички пристап во имплементирање на обврските.[6]

Арнаудовски донесувањето на оваа конвенција го оправдува од два аспекта, првиот аспект е оној преку кој со истата треба да се подобри положбата на жената во сите сфери на општеството и да се постигне што поголема еднаквост и рамноправност со мажот, и вториот аспект според кој постои нагласена потреба од превенирање и заштита на жртвите на семејното насилство, пред се на жените, како и да се утврди самиот факт зошто токму ваквите акти на насилство допринесуваат за деградирање на интегритетот на жената која е жртва на насилството во рамките на семејството, насилство поради кое истата се чувствува како човечко суштество кое е од понизок ранг.[7]

**Истанбулска конвенција**

Структурално Конвенцијата се состои од преамбула и 81 член. Донесувањето на конвенцијата и решенијата кои се предвидени во истата се врз основа на дотогаш донесени меѓународни документи, како што се, Европската Конвенција за заштита на човековите слободи и права,[8] Европската социјална повелба,[9] Конвенцијата на Советот на Европа за борбата против трговијата со луѓе,[10] Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуално искористување и сексуално злоупотребување.[11]

Одредбите од Конвенцијата се систематизирани во дванаесет поглавја, во кои на соодветен начин се уредуваат прашања кои непосредно се однесуваат на спречувањето на семејното насилство врз жените, како и домашното насилство.

Поглавјето I опфаќа прашања кои се однесуваат на целите на самата конвенција, областите на кои што истата се применува, дефинирањето на основните поими, прокламирање на принципот на рамноправност, обврските на државата во насока на остварување на целите, како и политиките за родова чувствителност.

Поглавјето II ги опфаќа интегрираните политики кои се предвидуваат во конвенцијата и начините на собирање на податоци од предметната област. Така во оваа смисла се предвидува воспоставување на сеопфатни и координативни политики за предметната проблематика, финансиските импликации на

[5]Божиновски, А. *Кривично правни одредби од Инстанбулската конвенција на Советот на Европа*.Скопје: Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, година 20, бр. 1. 2013.
[6]Мирчева, С., Гогов, Б.:*Личноста на жртвата на насилство врз жени при одмерувањето на казната: секундарна виктимизација или правда.* Скопје: Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, година 21, бр. 1. 2014.
[7]Арнаудовски, Љ.:*Криминолошки пристап кон деликтите на насилство*. Скопје: Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, година 20, бр. 1. 2013.
[8]The Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms, Council of Europe, 1950.
[9]The European Social Charter, Council of Europe, 1996.
[10]Convention on Action against Trafficking in Human Beings, Council of Europe, 2005.
[11] Convention on the Protection of Children against Sexual Exploitation and Sexual Abuse, Council of Europe, 2007.

државата за остварувањето на целите на конвенцијата, вклучителноста и значењето на невладиниот сектор за имплементација на одредбите од конвенцијата, обврската за воспоставување на национално координативно тело за следење на политиките од оваа област.

Поглавјето III од конвенцијата непосредно се однесува на мерките и процесите на заштита од семејно насилство врз жените и домашното насилство, преку укажувањата за преземање на општи мерки за превенција, подигнување на свеста кај пошироката јавност за проблемите на семејно насилство, потребата за воведување на ова прашање во рамките на образовните програми, неопходната потреба за обука на професионалците кои постапуваат со жртвите на семејно насилство и сторителите на семејното насилство, превентивните интервенции и програмите за третман, како и учеството на приватниот сектор и средствата за јавно информирање во целокупниот процес.

Поглавјето IV ги опфаќа активностите на државите кои треба да ги преземат во насока на заштита и поддршка на жртвите од понатамошните акти на насилство, преку воспоставување на систем за информирање на жртвите за насилство за нивните права и остварување на нивна заштита, обезбедување на правна помош, специјализирани услуги за поддршка на жртвите, формирање на засолништа на потребите на жртвите, воспоставување на телефонски линии за потребите на жртвите, од аспект на нивно советување и понатамошно постапување, посебна поддршка на жртвите на сексуалното насилство, посебна поддршка на децата кои се сведоци на актите на семејно насилство, како и начините на пријавување, од пошироката јавност и од професионалните структури.

Поглавјето V ги опфаќа обврските на државата во насока на имплементирање на обврските од истата во рамките на материјалното право во државите, кои се однесуваат на уредувањето на казнено правната заштита од семејното насилство врз жените и останатото домашно насилство, уредувањето на граѓанско правната заштита, како и уредувањето на социјално правната заштита од овој вид на насилства.

Поглавјето VI ги покрива прашањата на истрага и гонење на сторителите на овие забранети дејствија од областа на семејното насилство, како и заштитните мерки за жртвите, како што се општите обврски кои мора да се преземат од страна на државата, непосредната реакција, постојаната проценка на ризикот, итните мерки за заштита, мерките за забрана на приближување или заштита, мерките на заштита, спроведувањето на истрагите, правната помош и застареноста за кривично гонење од ваквиот вид на кривични дела.

Поглавјето VII опфаќа прашања кои се однесуваат на проблематика која е поврзана со миграцијата и азилот на жените кои се жртви на насилство, и тоа пред се мигранти и баратели на азил. Така во овој дел се уредува статусот на престој на овие лица, родово заснованите барања за азил и забраната за протерување односно враќање.

Следното поглавје VIII ја опфаќа меѓународната соработка во насока на остварување на целите на Конвенцијата за превенција и борба против насилството врз жените и семејното насилство, потенцирајќи ја важноста од воспоставувањето на ваквата соработка на меѓународен план.

Поглавјето IX од Конвенцијата го воспоставува механизмот за следење на имплементацијата на одредбите од оваа конвенција, претставен преку "GREVIO", кој претставува група на експерти за акција против насилството врз жените и домашното насилство.

Поглавјето X се осврнува на поврзаноста на Конвенцијата за превенција и борба против насилство врз жените и семејното насилство со останатите меѓународни документи од потесната област.

Начинот и постапката на изменување на основниот текст на Конвенцијата за превенција и борба против насилство врз жените и семејното насилство е предвиден во поглавјето XI од истата.

Последното поглавје XII опфаќа завршни одредби од конвенцијата, како што се ефектите кои се очекуваат да се постигнат со оваа конвенција, решавањето на споровите кои би настанале како резултат на различно толкување на одредбите на конвенцијата, потпишувањето и ратификацијата на конвенцијата, начинот на пристапување кон конвенцијата, нејзината територијална примена, резерви на конвенцијата, откажувањето од нејзината примена.

Целите на конвенцијата се поставуваат со член 1 од истата.[12] Така во оваа смисла, како цели на конвенцијата се определени прво, заштитата на жените од сите видови на насилство, како и спречувањето, процесирањето и елиминирањето на насилството врз жените и домашното насилство, второ, заложбите за сузбивање на сите облици на дискриминација над жените и промовирањето на суштинска рамноправност помеѓу мажите и жените, вклучително и самото зајакнување на жената, трето, воспоставување на сеопфатна рамка, политика и мерки за заштита и помош за сите лица кои се жртви на семејно насилство, пред се за жените жртви на семејно насилство, како и за останатите лица во семејството кои се појавуваат како жртви на семејно насилство, четврто, постојано унапредување на меѓународната соработка во поглед на елиминирање на насилството над жените, како и елиминирање на останатите облици на насилство во рамките на семејството, петто, обезбедување на поддршка и помош на организациите и органите на прогонот во насока на остварување на делотворна соработка, се со цел да се имплементира сеопфатниот пристап на елиминирање на насилството над жените и останатите облици на насилство во семејството.

Членот 3 од конвенцијата дава дефинирање на неколку поими кои се однесуваат на феноменологијата на семејното насилство, како што се насилството врз жените, домашното насилство, род, родово засновано насилство врз жените, жртва на семејно насилство и поимот жени.[13]

"Насилство врз жените", согласно конвенцијата се третира како грубо кршење на човековите права и дискриминација. Како акти на насилство врз жените се определени сите оние кои се родово засновани, и врз основа на кои доаѓа или може да дојде до физичко повредување на жените, нивно сексуално повредување, психичко повредување или економско повредување, како и заканите за преземање на такви дејствија, изнуди или произволно лишување од слобода. Притоа битно е да се напомене дека при ваквите акти на насилство врз жените е од значење дали се случува во рамките на јавниот или приватниот живот, од аспект на карактеризирањето како такво.[14]

[12]Article 1 of the Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, Coincil of Europa, 2011.
[13]Article 3 of the Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, Coincil of Europa, 2011.
[14]Article 3 a of the Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, Coincil of Europa, 2011.

"Домашното насилство", согласно конвенцијата ги опфаќа сите видови на насилство, какви што се физичкото насилство, сексуалното насилство, психичкото насилство и економското насилство кои се случуваат во рамките на семејството како затворена општествена група или кои се случуваат во едно домаќинство. Како круг на лица помеѓу кои може да се извршува ова домашно насилство, определени се поранешните или сегашните сопружници или партнери, без оглед на фактот дали сторителот на домашното насилство го дели или го делел истото живеалиште со лицето кое е жртва на овој вид на насилство.[15]

Конвенцијата за превенција и борба против насилството врз жените и семејното насилство за прв пат дава дефинирање на поимот "род".[16] Согласно оваа конвенција под овој поим се подразбира диференцирањето на улогите, однесувањата, активностите, атрибутите, кои според самото општество се својствени само за жени или се својствени само за мажи. Дефинирањето на овој поим е од значење за спречување и борба против насилството во една поширока рамка се со цел остварување на рамноправност помеѓу мажите и жените. Најголемиот број од истражувања покажале дека поделбата на улогите во рамките на семејството според родот создаваат стереотипи кои резултираат со штетна пракса и допринесуваат за насилството над жените да стане општествено прифатливо.[17]

Како "родово засновано насилство врз жените", согласно нормативниот текст на конвенцијата се смета секој вид на насилство кој што е насочен кон жената, токму поради фактот што е жена или поради самиот факт дека токму таквото насилство несразмерно ја погодува жената како жртва на насилството.[18]

Под поимот "жртва", според конвенцијата се подразбира секое физичко лице кое е изложено на дејствијата и актите кои значат сторување на насилство врз жената или домашно насилство.[19]

Во насока на правилното определување на широкиот поим "жена", конвенцијата се решава за пристап преку кој во рамките на овој широк поим ќе ги подведе и сите девојчиња кои се на возраст до 18 години, се со цел да се обезбеди заштита од актите на насилство на оваа категорија лица, кои според своите карактеристики може да се сметаат за ранливи.[20]

## Заклучок

Генералниот заклучок е дека за сите оние држави кои ја имаат потпишано Конвенцијата за превенција и борба против насилството врз жените и семејното насилство, вклучително и нашата држава, се предвидуваат плејада на обврски за државата се со цел да се обезбеди остварување на целите на Конвенцијата, преку целосен третман на сите облици на насилство врз жената и останатите видови на домашно насилство, како и мерките кои се неопходни за да се преземат за заштита на жртвите на овој вид на насилство и самото казнување на сторителите. При целокупниот процес, остварувањето на

[15]Article 3 b of the Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, Coincil of Europa, 2011.
[16]Article 3 c of the Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, Coincil of Europa, 2011
[17]Lakucevic, S.: *Konvencija Saveta Evrope o sprecavanju i borbi protiv nasilja nad zenama i nasilja u porodici - komentar*. Beograd: Uprava za rodni ravnopravnost, Ministrastvo za rada i socijalne politike. 2012.
[18]Article 3 d of the Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, Coincil of Europa, 2011.
[19]Article 3 e of the Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, Coincil of Europa, 2011.
[20]Article 3 f of the Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, Coincil of Europa, 2011.

правата на жртвата на овој вид на насилство, секогаш треба да бидат на прво место, заземајќи централна позиција.

**Користена литература**

Арнаудовски, Љ.: *Криминолошки пристап кон деликтите на насилство*. Скопје: Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, година 20, бр. 1. 2013.

Божиновски, А. *Кривично правни одредби од Инстанбулската конвенција на Советот на Европа*. Скопје: Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, година 20, бр. 1. 2013.

Гогов, Б.: *Човековите права на жртвите на насилство врз жените и домашно насилство во областа на миграција и азил.* Скопје: Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, година 20, бр. 1. 2013.

Lakucevic, S.: *Konvencija Saveta Evrope o sprecavanju i borbi protiv nasilja nad zenama i nasilja u porodici - komentar*. Beograd: Uprava za rodni ravnopravnost, Ministrastvo za rada i socijalne politike. 2012.

Мирчева, С., Гогов, Б.: *Личноста на жртвата на насилство врз жени при одмерувањето на казната: секундарна виктимизација или правда.* Скопје: Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, година 21, бр. 1. 2014.

Мирчева, С., Чачева, В.:*Итни мерки за заштита на жртвите на домашно насилство: Истанбулска конвенција.* Скопје: Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, година 20, бр. 1. 2013.

Џуклески, Г.: *Облици и начини за вработување на жени во земјите од кои потекнуваат*. Скопје: Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, година 20, бр. 1. 2013 .

Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, Coincil of Europa, 2011

The Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms, Council of Europe, 1950.

The European Social Charter, Council of Europe, 1996.

Convention on Action against Trafficking in Human Beings, Council of Europe, 2005.

Convention on the Protection of Children against Sexual Exploitation and Sexual Abuse, Council of Europe, 2007.

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ДРЖАВАТА И ИДЕНТИТЕТОТ

*UDC:* 316.334.3.063.6:321 *Прегледен труд*

**М-р Виолета Паунковска**

*Европски Универзитет Република Македонија - Скопје*

**Апстракт**

Глобализацијата како феномен е фасцинантен за истражување во сите области на современото општествено опкружување во светот, не поради политиката што ја водат земјите туку поради енормните варијации во пристапите и искуствата на различните земји.

Целите кои имам намера да ги достигнам пишувајќи за глобализацијата всушност се нејзината темна страна односно како таа допринесе распаѓање на држави и идентитети. Глобализацијата е причина во која луѓето веруваат дека живеат во момент на историски преод кој доведе до технолошка-информациона револуција која создава глобална економија за која пред неколку децении се наоѓаше на страниците на Универзитетскита литература и претставуваше теорија за иднината. Но, ете глобализацијата го стори своето, најпрво почнуваји од исчезнувањето на националниот суверенитет па до создавање на нови наднационални политики, економски, културни и криминални структури на чија сметка почна заробувањето на држави и нивна ерозија.

**Клучни зборови**: *ерозија на држава, идентитет, марионетска држава, државен суверенитет.*

# GLOBALIZATION, FUNCTIONING OF STATE AND IDENTITY

**Abstract**

Globalization as a phenomenon is fascinating for research in all areas of the contemporary social environment in the world, not because of the country's policy but because of the enormous variations in the approaches and experiences of different countries.

The goals I intend to achieve by writing about globalization are actually its dark side, that is, how it has contributed to the decay of states and identities. Globalization is the reason people believe that they are living at a time of historical transition that led to a technological and information revolution that creates a global economy that has been on the pages of University literature decades ago and was a theory of the future. But this is what globalization has done, first of all since the disappearance of national sovereignty to the creation of new

supranational policies, economic, cultural and criminal structures on whose account the capture of states and their erosion began.

**Keywords**: *erosion of a state, identity, puppet state, state sovereignty.*

## Вовед

Глобализацијата како неодминлива појава претставува причина за неупех во начините на кои се водат политиките во многу земји. Во 1999 година Професорот Гидес издаде една мала книга „Забеган свет‘‘ во која глобализацијата ја претставува како процес во кој се одвиваат комплексни промени кои освен што влечат нагоре исто така туркаат надолу при што создаваат нови притисоци во самоуправувањето на власта. Токму таквиот начин на водење на политика води кон нестабилност на државите и загрозување на националниот идентитет.

Многу светски политичари и аналитичари фрлаат атак врз глобализацијата дека таа е причина за економските, социјалните кризи како и природните катастрофи. Вакви појави на антиглобализација се среќаваат се почесто. Америка е најголем извор на загрозување на глобалната економија како и мешање во внатрешната политика на многу држави и создавање на тензии кои на крај резултираат со војни.

Самото контактирање на луѓето од различни региони на светот придонесува за тоа тие да прифаќаат зборови од странските јазици и да ги применуваат истите, често глобализацијата придонесува да бидат увезени различни вредносните ориентири и религиските определби во националната економија. Често се случува одлуките донесени во странска земја да ја променат благосостојбата на населението во домашната земја. Сето тоа негативно влијае на државниот интегритет на земјата. Глобалистите од друга страна го фаворизираат мешањето на различните култури и јазици на светско ниво. Според нив тоа може позитивно да влијае кон поголема интеграција и благосостојба во светски рамки.

## Марионетска држава

Што всушност значи заробена држава и нејзино еродирање? Постои една дефиниција на американскиот социолог К.Мек Кнел за таканаречена Марионетска држава која гласи: „ марионетската држава е делумно суверена држава под контрола на странска власт." За прва ваква модерна марионетска држава се смета Батавската Република ( Холандија) прогласена во 1795 година. Потоа Наполеон од Франција во почетокот на IX век беше поразен од серија новосоздадени европски држави.

„Во текот на историјата, многу земји очигледно ги имале сите свои движења диктирани од друга странска сила. На таков начин, "марионетска држава" е влада која има мала волја на сопствената, бидејќи и е потребна финансиска поддршка или воена поддршка. Така, таа делува подредена на друга моќ во замена за сопствениот опстанок. Марионетска влада уште има своја фасада на идентитет,

задржана со задржување на своето знаме, име, национална химна, закон и устав. Сепак, овие видови на влади не се сметаат за легитимни според меѓународното право. Некои марионетски држави се целосно независни на хартија, но во пракса се контролирани од други нации, па дури и од мултинационални компании кои имаат огромни интереси во таа држава. "Марионетски држави" е убедлив термин кој го користи печатот за да ги опише земјите за кои се тврди дека се контролирани од други”.[1]

Дали и Р. Македонија претставува марионетска држава под контрола на странска власт и заробена држава која постепено еродира и се распаѓа? Во процесот на глобализацијата чие интензивирање се почуствува во средината на дваесетиот век беше еден од најзначајните и за Р.Македонија која по втората светска војна беше прифатена како петта Република на поранешна СФРЈугославија. Но, во периодот кога се сруши Берлинскиот ѕид е момент кога се распаднаа социјалистичките сојузи: СССР, Југославија меѓу нив и околу дваесет и седум евроазиски држави кои го започнале процесот на транзиција односно премин од социјализам во капитализам. Нашата Р. Македонија како и останатите членки на поранешна Југославија го започнала процесот за осамостојување во кој за среќа бил поразличен од другите бившојугословенски републики и заврши без крвопролевање на 8 септември 1991 година кога ја доби својата независност и суверенитет. Самото ова укажува на нови коренети промени во македонското општество со нова политичка, економска и социјана структура. Глобализацијата е главен фактор во сите свери на овие промени во Р. Македонија како и желбата на Р. Макеодонија за пристап во НАТО, ЕУ, ООН и други. Ваквите глобални промени на земјата не и донесоа многу просперитет и за жал и ден денес таа остана економски неразвиена земја односно земја која сеуште е во транзиција

Најпрво Р.Македонија имаше промена на политичката структура која резултираше со промена од еднопартиски во повеќепартиски (плуралистички) систем кој е производ на демократија, а со самото тоа настана промена на општествените институции. На сметка на ваквиот повеќепатиски систем денес во Р.Македонија настана хаос помеѓу македонскиот народ и нејзините малцинства. Едни се за позиција (партиите кои се на власт), други се за опозиција. Едни се потпомогнати од надвор и имаат поддршка за влез во НАТО и ЕУ со поставени услови и уцена за промена на името на републиката, другите пак држат до суверенитетот и самостојноста. Ова што се случува во Р.Македонија, е типично мешање на други држави однадвор. Факт е дека постои демографска динамика во Албанија која еволуира до степен што Тирана преку албанските партии во Македонија интервенира, Ова што се случува истовремено покажува и дека тоа сме го дозволиле како држава, значи постои ерозија на државноста сфатена како лидерство, како извршна власт, како политички партии и на крајот како граѓанство.

**Ерозија на државата**

Како услов за ерозија на државата е процесот на приватизација кој се однесува на промена на сопственоста. Во времето на социјализмот, сопственоста беше општествена, а тоа значи дека беше на

[1] https://www.worldatlas.com/articles/what-is-a-puppet-government.html

сите граѓани. Денес само мал дел од овие претпријатија се во сопственост на државата, останатите се во сопственост на физички лица. Има факти кои укажуваат дека повеќето од овие физички лица кои сега се сопстевници на претпијатијата во минатиот систем имале раководни функции во истите. Сето ова наместо продуктивност и зголемување на економската ефикасност како и вработување донесе обратен ефект. Многу фирми се затворија, а со тоа се намали и вработеноста. Резултатот на неуспешната приватизација кога се продадоа многу фирми и фабрики, нивното затворање драстично ја зголеми стапката на невработеност. Денес Македонија се соочува со странски инвестиции во внатрешното уредување кое претставуваат темпирана бомба за македонската економија. Странските инвеститори си најдоа ефтино тло за создавање капитал со уште поефтина работна сила.

Зголемената стапка на криминал која се отсликува преку матната транзиција во која не се прецизирани голем број еконоски и политички аспекти е уште еден фактор што ја носи државата кон ерозија. Зголемената стапка на криминал, непочитување на закони и слично.

Потоа друг услов е социјалната несигурност кој се однесува на драстичните промени во вредностиот систем кој дава слика на намален морал кај граѓаните, непочитување на традицијата и нејзините вредности и слично.

„Фактор што ги ослабува капацитетите на државата е ненадејните и брзи миграциски текови на најновиот период. Повторно, овој процес е интимно поврзан со глобализацијата. Целосното влијание на овие движења на населението врз европската држава допрва треба да биде целосно проценето, но неколку почетни структурни точки се доволно јасни. Од 18-тиот век, европската држава создаде комплекс административна машинерија за да обезбеди населението на нејзината територија да им се знае преку регистрите, списоците и, последно, електронските бази на податоци. Целта на овој "капацитет за читање" е да се обезбеди оданочување и редот, особено преку еден сет на законски одредби."[2]

И, Република Македонија се соочува со миграциски проблеми т.н „бела чума". Доминантна категорија на оние кои заминуваат се невработени и млади луѓе. Ова негативно влијае врз вкупната економија и пазарот на трудот и социјална со што се кинат јазлите на стабилност во државата.

**Глобализацијата фактор за ерозија на Македонската државата и губење на идентитетот**

Низ историјата на македонскиот народ и држава се среќавbooат низа глобални реконструирања кои водат до нова конфигурација на идентитетот на македонецот. Ќе почнам од турското ропство кога голем дел од македонскиот народ беше присилно муслиманизиран или своеволно поради страв од императорот заради своја лична егзистенција тој се потурчуваше. Понатака низ двете балкански војни кога дел од македонците мораа да станат грци, други бугари, трети срби. Така македонскиот идентитет стана динамичен и се конструира низ интеракција на припадници на една култура со други кулури.

[2] https://verfassungsblog.de/the-european-union-and-the-erosion-of-state-capacity/

Ова не е исклучено ни во денешно време кога на на 17 јуни 2018 година во селото Нивици, Грција на брегот на Преспанското Езеро беше потпишан меѓународен договор од страна на шефовите на дипломатијата на Македонија, Никола Димитров и на Грција, Никос Коsијас. Договорот е потпишан и од страна на ООН, од посредникот Метју Нимиц за спорот на името Македонија. Со овој договор Македонија го промени своето име во Северна Македонија односно формалното име денес и е Република Северна Македонија.

Од стручно правен аспект се покажа дека Договорот е напишан од непрофесионални правници без пошироко правно знаење кој изобилува со многу противуставни одредби. Од текстот на овој Преспански договор се гледа дека владините неискусни правници се обидоа да ги изиграат и да го злоупотребат материјалното право со одредби кои никако не влегуваат во владина надлежност, туку се во исклучива и ексклузивна надлежност на претседателот на Републиката .

„Со прифаќањето официјално и уставно име на државата да биде Република Северна Македонија, и тоа ерга омнес (и за внатрешна употреба), имплицитно се загрозува постоењето на македонската нација (губење на националниот идентитет), на македонската држава под името што досега била позната и создава услови за појава на некој нов државно-национален хибрид. Притоа огромна доза конфузија и нејасност предизвикува и толкувањето на терминот nacionality, односно дали терминот „националност" кај втората страна, дефинирано во членот 1(3) б од спогодбата како „македонско/државјанин на Република Северна Македонија" се однесува исклучиво на државјанството, во смисла на поседување на патна исправа или, пак, на националниот (етничкиот) идентитет на најголемиот дел од граѓаните на државата."[3]

Според горенаведеното јасно се согледува дека е направена рестрикција на државниот, националниот, институционалнот, историскиот идентитет и суверенитет на Македонија. Освен проблемот со дефинирање на државјанството каде македонско е граѓанин на Република Северна Македонија следуваат низа други рестрективни епизоди во однос на ограничување на право на културно наследсто, откажување на малцинствата и друго.

**Заклучок**

Покрај се што е кажано и напишано досега за глобализацијата едноставно би можела да заклучам дека таа е доста притивречен феномен која априори останува лоша ништејќи цели држави, идентитети и нации. Во овој однос за глобализацијата во секојдневниот живот па и во мислата на научниците не може да се извлече единствен заклучок бидејќи постои голема дискрепанца. Глобалистите во глобализацијата гледаат процес кој за уништува националната држава како condicio sine qua non за нејзиното идно опстојување. Сувереноста во денешниот современ свет го изгуби своето поранешно значење и улога кое го имала. Денес практично најголем дел од теоретичарите се согласуваат дека глобалната криза посебно придонесува за

[3] https://www.novamakedonija.com.mk/makedonija/politika

кризата на модерно втемелената нација-држава.

Нацијата претставува општествено економска, политичка и културна заедница со заедничка традиција, јазик и историја што е независна од човечкото дејствување и сознание и идентитетот на една нација спаѓа во категоријата на природните нешта (битие, објект). Националниот идентитет се темели на самоидентификација, односно самоодредување на поединци како членови на конкретна национална група и нивното чуство на припадност во нивната етничка група, користењето на националниот јазик, заедничката религија, национлн култура и друго. Ако не постои идентификација на национална свест не може да постои ниту држава. Рушењето на една држава, нејзиниот суверенитет и национален идентитет од страна на други држави претставува кршење на меѓународното право.

Во оваа парадигма на разгледување на релациите глобализација - држава - идентитет како проблем укажува на потреба за изнаоѓање компромисно решение кое би гласело „ Државата и националниот идентитет се интегрирани и претставуваат есенцијален дел од сопственото „јас“ на индивидуата.“

**Користена литература**

Јове Кекеновски (декември, 2010), Глобализацијата како релативизација и индигенизација, напис објавен во македонски дневен весник „Време”,

Duško Lozina (2004), Globalizacija i suverenitet nacionalne države Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu,

Castells, Manuel (2003), Internet galaksija: Razmišljanja o Internetu, poslovanju i društvu, Naklada Jesenski i Turk, Zagreb,

Pusić , Eugen (2004), Некои конвергентни мотиви во општествените науки, RAD, HAZU, br. 489, Zagreb и Globalizam i državna uprava, Politička misao, vol. XXXVI, Fakultet političkih znanost, Zagreb

Hirst Paul-Thompson Grahame (2001), Globalizacija-merjunarodno gospodarstvo i mogućnosti upravljanja, Liberata, Zagreb,

Милорад Струпар (2006), Светски поредак, глобализација и питање суверенитета, труд во рамките на проектот„Можности за примена на модерните филозофско-политички парадигми на трансформација на општеството во Србија/југославија“

Јована Ќириќ, Суверенитет у савремено доба, филозофија и друштво 1/2008

The Concise Oxford Dictionary of POLITICS, (2003), (second edition), ed. Iain Mclean, Alistair McMillan, Oxford University Press

**Интернет извори**

https://www.worldatlas.com/articles/what-is-a-puppet-government.html

https://verfassungsblog.de/the-european-union-and-the-erosion-of-state-capacity/

https://www.novamakedonija.com.mk/makedonija/politika

# „РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ВО СЕМЕЈСТВОТО – ТЕОРИИ И ПРИСТАПИ КОН ДОМАШНОТО НАСИЛСТВО"

*UDC:* 364.63-027.553-055 *Стручен труд*

**Доц. д-р Александар Нацев, Проф. д-р Марјан Богданоски**

*Европски Универзитет Република Македонија - Скопје*

**Апстракт**

Проучувањето на семејното насилство е специфичен предизвик, затоа што овој облик на насилство претставува специфичен општествен проблем, чија етиологија се заснова на мултифакторското влијание на културолошкиот, традиционалниот, историскиот амбиент односно, патријархатот и родовата социјализација, посебно во државите од западен Балкан.

Семејните фактори и семејното насилство претставуваат актуелен проблем на причиност и посебен облик на криминалитет. Причините за интересот на науката за овој проблем произлегуваат од фактот дека се работи за многу распространета појава на деликвентно однесување, чии корени се традиционално надвор од фокусот на државната – институционална интервенција и регулација, но со многу значајни општествени последици од криминална природа.
**Клучни зборови**: *семејство, семејни фактори, криминалитет, семејно насилство.*

# „Gender based violence in the family – Theories and approaches to domestic violence"

**Abstract**

The research of domestic violence poses a serious challenge, because this form of violence is a specific societal problem, whose etiology is based on the multifactor influence of the cultural, traditional and historical ambient, especially the patriarchate and the gender socialization, in the Western Balkan countries.

The family factors and the domestic violence are an actual problem and separate kind of criminality. The reasons why science is interested in this problem arise from the fact that it is a widely found act of delinquent behavior, whose roots are traditionally out of the focus of the state and from the institutional intervention and regulation, but it is a behavior which has very serious societal consequences, because of its criminal nature. **Keywords**: *family, family factors, criminality, domestic violence*

**Вовед**

Човековиот живот се одвива во семејство. Луѓето по правило се раѓаат во семејство каде се подигаат и пораснуваат и самите оформуваат семејство. Семејството обезбедува раѓање и обновување на поколенијата и врши оспособување на младите поколенија. Раѓајќи се во семејството, продолжувајќи во семејството, човекот ја одржува човековата заедница. Заради тоа репродуктивната функција еедна од најважните, зашто со невршењето на ова функција би се загрозил опстанокот на човештвото. Семејната функција се однесува и на биолошка и на културна репродукција, што подразбира комплетен процес на одгледување на детето до зрела личност.

Здравото и складно семејство овозможува непречен развој на поединците и претставува цврста основа за правилен развој на општеството. Семејството како заедница, пред сé, го сочинуваат родителите и нивните деца (потесен поим), односно и други роднини по крв, по права и странична линија до определен степен, посвоител, посвоеник, хранител и храненик и сл.

**Теории и пристапи кон семејното насилство**

**Психолошкиот пристап**

Психолошкиот пристап е засниван на теориите кое го согледуваат насилството внатре во семејството како поединечна појава предизвикана со одредени психолошки особини на насилникот и жртвата. Постарите теории појавата на семејното насилство го поврзуваат со појавата на психопаталошките особини како што се менталната ретардација, садизмот и мазохизмот. Како пример, некои жени поради сопствените мазохистички желби за патење и малтретирање свесно ги одбираат насилните брачни партнери. Теориите за женскиот мазохизам никогаш нееемпириски потврдена, а авторите нагласуваат дека нејзиното истакнување на одговорност на малтретираната жена за насилството на коее изложена, и смалување на одговорноста на насилникот за сопственото однесувањее многу штетно за правното, политичкото и општественото дејствување.

Селигмановата *теорија на научната беспомошност* (Селигман, 1975)[1] се обидува да објасни зошто жените жртви на семејното насилство не ги напуштаат своите насилни партнери. Ако саканото однесување на жената жртва, насочено кон отстранувања на негативните влијанија, останува без резултати, тоа постепено нестанува, а реакцијата изостанува дури и кога повторно ќе се воспостави врска помеѓу таквото однесување и неговите последици. Објаснувањето на овој феномен се припишува на посебната емоционална состојба, депресија и страв од немање резултати: за постоење на ваква беспомошност нее важна објективната состојба на работите, него субјективното доживување на жртвата, односно нејзиното верување во немањето контрола над сопствениот живот.

[1]Творецот на оваа теорија е Martin Selingmen. Види: Seligman, M. E. P. (1975): *Helplessness: On Depression, Development and Death.*San Francisco: W. H. Freeman. и Seligman, M. E. P. & Maier, S. F. (1967): Failure to escape traumatic shock. *Journal of Experimental Psychology*, 74, 1-9.

*Теоријата на преживување* претставува критика на теоријата на научната беспомошност. Таа тргнува од стојалиште дека малтретираните жени цело време активно одговараат на насилството и вложуваат напори за барање помош. Помошта по правило изостанува, но жените не отстапуваат, посебно кога насилството ќе се зголеми. Битен е размерот на односот на барањето помош и ескалацијата на насилството - дали ќе сака и како малтретираната жена ќе бара помош зависи од многу околности: од нејзината емоционална и економска поврзаност со насилникот, материјалната ситуација, бројот на децата и малтретирањето преживеано во текот на детството.

Авторите[2] наведуваат дека психолошките теории на семејното насилство се неприфатливи за современата концепција на општествените науки, истакнувајќи дека современиот мултидисциплинарен пристап во проблемот на семејното насилство ги вклучува и психологијата и психијатријата.[3]

Во третирањето на семејното насилство мора да се води сметка и за семејното насилство на оние кои се наоѓаат на границата помеѓу ментално здрави и душевно болни лица. Таа категорија на луѓе денеска, следствено на Американската психијатриска класификација на менталните пореметувања DSM-*IV*3 се вика "антисоцијална пореметеност на личноста" а ние ја знаеме како психопатија.[4]

Но, мора да се има во вид, иако причините и динамиката на насилството спрема жените и децата е сложен и вклучува меѓусебно поврзано дејствување на многу економски, социјални и психолошки фактори, постои, веродостојна емпириска евиденција, дека психопатите заземаат поголем процент во семејното насилство. Освен тоа, истражувањата укажуваат и на одредени разлики во семејното насилство на психопатите во однос на непсихопатите кои се, и тоа како релевантни за пристапот во решавањето и пенализацијата на овој вид на насилство. Тие разлики се поврзани за мотивите на виолентност, за modus operandi, последиците на жртвата, но и за резултатот од судски одредените видови на корективен третман. [5]

## Социолошки пристап

Социолошките теории како главни причини на семејното насилство ги наведуваат општествените фактори: полот на жртвата и сторителот, како и нивниот општествен статус, односно односите во општеството и целокупната општествена структура. Со семејното насилство во социологијата се занимаваат четири основни теоретски концепти: општа систематска теорија, теорија на ресурсите, теорија на субкултура и теоријата на размена и социјална контрола. Посматрањето на многубројни влијанија на феноменот семејно насилство како збир на општествени фактори од кои ниту еден нее нужен и доволен услов им е заедничко на сите социолошки теории[6].

[2]Marija Lukić, Slađana Jovanović кои го спровеле истражувањето *Drugo je porodice: nasilje u porodici – nasilje u prisustvuvlasti,* Instituta za kriminološkaisociološkaistraživanja, Beograd, 2001.
[3] Ibid
[4]Radulović, D. Osobenosti i posledice psihopatskog nasilja u porodici, 2005, стр. 11, http://www.vds.org.yu/File/Tem0501.pdf
[5] Radulović, D. *Antisocijalni poremećaj ličnosti I prestupništvo,* Doktorska disertacija, Filozofski fakultet, Beograd, Univerzitet u Beogradu, 2004, стр. 259.
[6]Laura Blažetić, Drugo je porodice: nasilje u porodici – nasilje u prisustvu vlasti Instituta za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, 2001.; http://www.zinfo.hr/hrvatski/stranice/izdavastvo/kruhiruze/kir18/18nasilje.htm

Позначајни теории во рамките на овој пристап се економската теорија и социолошката теорија.

**А) Економска теорија**

Според економската теорија, причините за насилството во бракот се врзуваат за лошите материјални услови: невработеноста, лошата материјална состојба, лошите станбени услови, голем број на деца итн. Основна слабост на ова теорија е што нее во состојба да го објасни насилството во услови на благосостојба, како и фактот дека не секогаш лошите материјални услови се поврзуваат со насилството во бракот.[7]

**Б) Социолошка теорија**

Појдовната позиција на приврзаниците на социолошката теорија е дека, семејството е општествена институција врз која, како и впрочем и секоја друга институција, влијаат голем број општествени фактори. Во тие рамки, семејното насилство како општествена појава е резултат на дејствувањето на бројни општествени фактори. Согласно со таквиот пристап, а во врска со објаснувањето на насилството во семејството, се сретнуваат четири концепти:

а) **Општа систематска теорија** - насилството во семејството го третира како производ на дејствувањето на голем број општествени фактори, меѓу кои се истакнуваат нормативната структура, цртите или особините на личноста, конфликтите и фрустрациите;

б) **Теорија на ресурси** - семејството како и сите останати општествени системи се темели на закани со сила од страна на тој што ги контролира ресурсите (општествените, економските) и е во позиција да контролира и навредува, па дури и да користи сила. Во рамките на семејството, мажот е тој што ги контролира семејните ресурси, а тоа му дава можност во одредени ситуации тоа контролирање да го прави и преку користење на сила.

в**) Теорија на субкултура -** појдовна позиција на ова теорија е дека општествените норми и вредности упатуваат на насилство во семејство. Тоа значи дека насилството е одобрено, односно покриено со вредности кои се фаворизирани од определени делови од културата на некое општество.

г) **Теорија на размена и социјална контрола -** ова теорија претставува спој на две теории, преку кој насилството во семејството се третира како размена на агресија, во чија основа лежи принципот на награди и трошоци. Тоа значи дека насилството се случува тогаш кога наградата (користа што се добива) од насилството за насилникот е поголема од загубата (трошоците).[8]

[7]Чачева, В, Фришиќ, Ј, Мишев, С, op.cit, стр, 29

[8] Ibid стр. 29

**В) Теорија на еволуција**

Ова теорија се позиционира на ставот дека како резултат на промените и развојот на општествените односи од едноставни до комплексни, семејствата по форма стануваат се помали, а со тоа односите воспоставени со нив поструктуирани и повеќезначајни. Овие промени предизвикуваат разлики во родителската грижа и воспитувањето на децата, па така, на пример, во одредени семејства се дава помал степен на независност на децата и се применува физичкото казнување за пројавената непослушност. Ова теорија смета дека послушноста е високо ценета вредност која овозможува постоење на насилство само како резултат на причините кои постојат надвор од семејството, а не и во него.

Општата систематска теорија на истражување на проблемот на семејното насилство ја пријагодија MurrayStraus и JeanGilesSims, сметајќи го овој вид насилство како производ на општиот општествен состав чиј подсостав е семејството. Straus тврди дека причините за тоа насилство се многубројни, а меѓу нив се и нормативната структура, цртите на личноста, конфликтите и фрустрациите. Стереотипите на семејното насилство се учат во раното детство од родителите, браќата, сестрите, постојано се реафирмираат низ вообичаената општествена интеракција и масовните медиуми.[9]

**Феминистички пристап**

Феминистичките теории[10] се развиле на критика на постојните теоретски објаснувања на семејното насилство, како и на феминистичката пракса, а претставува специфичен спој на многу теории. Семејното насилство го гледаат како општа општествена појава присутна во сите времиња и сите култури, а оваа просторна и временска универзалност ја објаснуваат со основните категории на феминистичките теории: односот на родот и полот, моќта, контролата, влијанието и патријархатот. Анализирајќи ја теоријата на ресурси и размената, феминистичките претставници насилството го сметаат за последен ресурс за осигурување на подредената положба на жената и нејзина согласност за машката доминација. Општествената контрола на полот има клучна улога во разбирањето на насилството врз жената, вклучувајќи и семејно насилство[11]. Феминистичката теорија смета дека патријархатот е најширока причина за злоупотреба и дискриминација на жените: тој го произведува и одржува насилството над жените со структурално и идеолошко влијание. Недостатоците на овој

[9]Laura Blažetić. http://www.zinfo.hr/hrvatski/stranice/izdavastvo/kruhiruze/kir18/18nasilje.htm
[10] Феминизмот почнува со употреба во францускиот јазик почнувајќи од 1837 година за да го означи учењето кое што се залага за ширење на правата и улогите на жените во општеството. Феминизмот е теорија и пракса која, тргнувајќи од начелата на еднакви вредности на мажите и жените, влијае на општествените промени, со цел за престанок на општествените, политичките и екеномските дискриминации на жените.
http://zomnis.awardspace.info/dokumenti/Pojmovnik.pdf.
[11]Laura Blažetić. http://www.zinfo.hr/hrvatski/stranice/izdavastvo/kruhiruze/kir18/18nasilje.htm

теоретски пристап се содржани во фактот дека ова теорија се задржува исклучиво на жените како жртви на семејното насилство.[12]

**Насилство над жените**

Насилството над жените како израз на историска нееднаквост на распределбата на моќта помеѓу мажите и жените и историска нерамноправност на половите, е присутно во сите развојни фази во општеството. Жените без разлика на националната, расната и верската припадност, културата, староста, се изложени на разни облици на физичко, сексуално, психолошко и економско малтретирање. Корените за насилството над жените лежат длабоко во структурата на општеството, а насилството претставува најчест облик на кршење на човековите права во Европа[13].

Специфичноста на односот помеѓу сторителот и жртвата се причина за големата темна бројка кај овие дела и за нивното неказнување. Според податоците на Бирото за правосудна статистика, во САД годишно се регистрираат околу 3,8 милиони случаи на семејно насилство.[14]

Спрема податоците на Светската здравствена организација, различни студии покажуваат дека во просек помеѓу 10 и 50% од жените искусиле некој облик на физичко насилство од партнерот, дека помеѓу 12 и 25% од жените се присилени на сексуален однос, од своите бивши или сегашни партнери, а распространетоста на присилната проституција и трговијата со жени од година во година постојано расте.[15]

По своите битни карактеристики насилството во семејството се разликува од насилството надвор од семејството. Тоа секогаш претставува злоупотреба на моќ и обид за вршење контрола, најчесто над членовите на семејствата кои имаат помала моќ и/или зависат од другите. И жените и мажите можат да бидат сторители на насилство, но родоватадимензија на насилството во семејството е негова суштинска карактеристика. [16] Сите статистики покажуваат дека женитесе најчести жртви на семејното насилство. [17]

Поради својата традиционално подредена положба во семејството и во општествено економскиот живот, како и поради својата физичка инфериорност, жените се, пред сé, жртви на своите мажи и љубовници поради сексуално неверство или одбивањето да стапат во брак или одбивањето на

[12] Ibid

[13]Appelt and Kaselitz.***More than a roof over your head***. Vienna: European Information Center Against Violence Against Women, 2002.

[14] Ignjatovič, Đj. Kriminologija, Beograd, 2000, стр. 209.

[15]Jemrić, I. Nasiljenadženama - violence against women,
http://www.zinfo.hr/hrvatski/stranice/istrazivanja/nasiljenadzenama/Nasilje.htm

[16] Зборот род се однесува на општествено конструирани улоги и очекувања од жените и мажите, на чии воспоставувања и одржувања влијаат многу различни фактори: општествени, културни, религиски, политички, економски, обичајни, правото, класната и етничката припадност и сл. Ставовите и однесувањата спрема родот се научени и можат да се менуваат.

[17] Во Германија и САД секоја трета жена барем еднаш во животот е малтретирана од машките членови на своето семејство. Во Русија 80% од сите злочини се случуваат во домот; во 1992 година во Куба е спроведена анкета која покажа дека 26,2% од испитаните жени се жртви на физичко, а 33,5% на психичко насилство од страна на сопругот; во Египет една од три жени е најмалку еднаш во животот претепана од страна на својот сопруг; во Кувајт околу 15% од жените се изложени на насилство; во Пакистан 80% од жените се изложени на семејно насилство; во Папуа Нова Гвинеја, две третини од сите жени се претепани во бракот; во Литванија 34,5% од сите жртви на убиства се жени кои се убиени од нивните мажи; во Јужна Африка секој шести ден по една жена е убиена од нејзиниот маж или дечко.
http://nasilje_u_porodici.mojblog.co.yu/

љубовни односи. Што се однесува, пак, до жртвите на жените убијци, тоа се лица од нивната најблиска околина. Тие не убиваат непознати лица, туку само поединци со кои стоеле во блиски меѓусебни односи (своите брачни или вонбрачни новороденчиња, новороденчиња на своите ќерки, своите несакани деца, мажи, соседи, подалечни роднини и познаници).[18]

Во меѓународните документи насилството над жените почнува да се разгледува дури во деведесетите години од 20 век. Еден од најзначајните документи за женските човекови права - Конвенцијата за укинување на сите облици на дискриминација над жените усвоена во 1979 година, не содржи никакви одредби за насилството над жените. Насилството се препознава како сериозен проблем дури во 1993 година со усвојување на Декларацијата за елиминација на насилството над жените па се реди во приоритетните подрачја на дејствување во контекстот на еднаквоста на мажите и жените.[19]

## Дефиниција на проблемот

Насилството над жените опфаќа (но со тоа не смее да биде ограничено): физичко, сексуално и психолошко насилство во семејството (сексуално малтретирање во семејството, брачно силување, генитално осакатување и др.), насилство до кое се доаѓа во поширокота заедница (силување, сексуално малтретирање или вознемирување на работа, образовните институции и сл., трговија со жените, присилна проституција) и насилство сторено или толерирано од страна на државата.

Насилството се манифестира на неколку начини, како: физичко, сексуално, психолошко, економско, структурално и духовно насилство[20].

**Физичкото насилство**е најдрастичен извор на семејното насилство, со кое со нанесување на телесни повреди се загрозува физичкиот интегритет и самиот живот. Тежината на повредите варира од минимални, лесни телесни повреди, од искршени заби до тешки повреди, траен инвалидитет и смрт[21]. Физичкото насилство опфаќа: туркање, повлекување за коса, удирање со раце и нозе, гризење, генитално сакатење, мачење, убиство...

**Сексуалното насилство**е секој сексуален чин сторен против волјата на друго лице, било да жртвата не дала согласност или насилникот не можел да ја добие затоа што се работи за дете или немоќно лице. Во тој вид насилство спаѓаат: сексуално задевање, нечесни коментари, егзибиционизам, несакани сексуални предлози, присилба на содејство и гледање на порнографија, присилен секс, силување, инцест, болен или понижувачки сексуален чин, насилна трудност, трговија со жени и експлоатација во индустријата на сексот, полов однос со дете, полов однос со злоупотреба на позиција, блудни дејствија ....

**Психолошкото насилство** се состои од различни облици на приговори, закани, изолации, малтретирање, јавни напади и сл.

---

[18] Сулејманов, З. Убиствата во Македонија, НИО “Студентски збор”, Скопје, 1995, стр. 152

[19]Jemrić, I. Nasilje nad ženama - violence against women, http://www.zinfo.hr/hrvatski/stranice/istrazivanja/nasiljenadzenama/Nasilje.htm

[20] Kovačević S. и Mežnarić S. (2001.) Nasilje nad ženama 2000.: Izveštaj istraživanja, Zagreb: Centar za žene žrtve rata

[21] http://www.csrns.org.yu/sigurnakuca/Porodicno_nasilje/porodicno_nasilje.html

**Економското насилство** првенствено се однесува на нееднаков надзор над пристапот на заедничките ресурси, ускратување на пристапот до пари, запослување или образование. Во поширока смисла се однесува и на уништување на имотот и кражба. [22]

**Структуралното насилство** вклучува невидливи (а се поприсутни) препреки во остварување на основните права. Тие препреки се репродуцирани во самото општествено ткиво односно во нееднаквата распределба на моќта која произведува нееднаквост помеѓу жените и мажите и ја прави легитимна[23].

**Духовното насилство** се однесува на разорување или уништување на културните или религиските уверувања на жените со исмејување, казнување и присилба да усвои одредено верување.[24]

На едно лице што е насилно убиено, процентот е поголем број на оние што се физички или психолошки повредени. Официјалните податоци за случаи со нефатални последици обично не се целосни, особено оние што се однесуваат на видовите на интерперсонално насилство кои носат социјален белег. Кај земјите во развој и кај високоразвиените земји е поголема веројатноста жените што биле злоупотребени од нивните партнери попрво да им се доверат на своите пријатели или на семејството за ваквите искуства отколку на полицијата, а голем број од нив никому не спомнуваат за тоа.[25]

## Криминализација на насилството врз жените и семејното насилство во Република Македонија

Согледувањето на влијанието кое што насилството го има на вршење на кривични дела од страна на женитее значајно и се користи при оценка на кривичната оценка и донесување на одлука за казна. Општеството кое што дозволува насилството врз жената да помине неказнето а со тоа и истото да продолжи, ја тера жената самата да се обидува да го запре насилството и притоа создава ризик да таа на силата одговори со сила. Утврдувањето на постоењето на синдромот на малтретирана жена претставува еден од начините на докажување на врската помеѓу брачното насилство и убиството на насилникот. Докажувањето на постоењето на овој синдром помага при утврдување на состојбата на пресметливоста, т.е. кривичната одговорност на сторителот. Но употребата на докажување на BWS трпи и многу критики. Gillespie[26] истакнува дека тој доказ се темели на пасивноста и беспомошноста на малтретираната жена, и ја отвора вратата на засилување на постоечките стереотпи за малтретираната жена. Chan[27] смета дека доказот кој премногу ја истакнува ирационалноста и емотивноста на малтретираната жена ја занемарува женската разумност, и поротата често се прашува како може да така

[22] Економското насилство може да се појави од страна на возрасните деца или другите лица од кои што старите лица се економски зависни, исто така жртви можат да бидат и децата или други лица кои економски зависат. http://www.fasper.bg.ac.yu/downloads/Ristanovic/osnovne%20studije/prezentacije%20sa%20predavanja/Nasilje1.ppt

[23] Günther Gugel, Seminar Gewaltprävention, Institut für Friedenspädagogik Tübingen, 2003

[24] Jemrić, I. Nasiljenadženama - violence against women, http://www.zinfo.hr/hrvatski/stranice/istrazivanja/nasiljenadzenama/Nasilje.htm

[25] Heise LL, Ellsberg M, Gottemoeller M. Ending violence against women.Baltimore, MD, Johns Hopkins University School of Public Health, Center for Communications Programs, 1999 (Population Reports,Series L,No.11).

[26] Nikolić – Ristanović, V.: "Od žrtve do zatvorenice"; Institut za kriminološka i sociološka istraživanja; Beograd 2000. стр. 150

[27] Ibid, стр. 151

беспомошна жена извршила едно екстремно насилно дело како што е убиството. Но други научници сметаат дека BWSe психичка состојба од минлив карактер кое што настанала поради одредени надворешни фактори и кое што ќе исчезне кога жената ќе излезе од насилното опкружување .

Во Република Македонија проблематиката на насилството врз жената постои одамна, но дури со формирањето на невладините организации почнува да им се обрнува внимание на жените жртви на насилството.

Измените на кривичниот законик во делот на кривичното дело насилство во семејството претставува важен чекор во решителното спротиставување на овој облик на криминалитет. Со експлицитното предвидување на кривична одговорност за насилство во семејството[28], како и со предвидување на кривично гонење по службена должност, државата упати јасна порака дека насилството во семејството веќе не е приватна работа туку кривично дело и дека на него треба да се реагира во согласност со тоа.

**Заклучок**

Предвидувањето на кривичното дело насилство во семејството претставува почетен чекор во менување на правниот и вкупното општествено реагирање во ова област. Меѓутоа, изнаоѓањето на најдобри решенија во овој, како и во останатите правни области, нее можно и без постојано следење и анализа на праксата на примена на веќе постојните одредби, сознанија за искуствата на другите, но ни без согледување на проблемите на насилство во семејството како дела на поширок контекст. Решенијата кои многу добро функционираат во едни, можат да бидат потполно неефикасни во други општества, и обратно. Исто така, правото е само една, често последна, и не ретко за жртвата најнепријатна карика во ланецот на општествената помош и подршка. Заради тоа, согледувањето на насилството во семејството во правен но и во поширок општествен контекст, треба да ни помогне во изнаоѓање решенија кои се адекватни на високото ниво на севкупната структурална виктимизација, како за жената така и за машкото, која постои во нашето општество.

**Conclusion**

The prognosis of the criminal act domestic violence is the first step in the legal and societal reaction in this area. But, the promotion of best solutions for this, as well as in the other legal areas, is not possible without a constant research and analysis of the practice of undertaking the regulations which are already in force and gathering experience about their use, and without the identification of the domestic violence acts in a much wider context. The solutions which are functioning in certain societies might not be the best idea for other

[28] Во кривичниот законик во чл. 123 ст. 2 е предвидена казна од најмалку десет години или доживотен затвор за лице што друг ќе лиши од живот при вршење на семејно насилство. Кривичен законик на Р. Македонија.

societies, and vice versa. Also, the legal battle is just one, and often, the most inconvenient link in the chain of societal support and help.

Because of that, finding the right answers for dealing for domestic violence, should be seen in just the legal context, but in a much wider whole of society context, and these answers should help us in finding the right solutions which are adequate with the high level of victimization this crime brings, both for the men and women in our society.

**Користена литература**

Appelt and Kaselitz - *More than a roof over your head*. Vienna: European Information Center Against Violence Against Women, 2002

Heise LL, Ellsberg M, Gottemoeller M. Ending violence against women.Baltimore, MD, Johns Hopkins University School of Public Health, Center for Communications Programs, 1999 (Population Reports,Series L,No.11).

Ignjatovič, Đj. Kriminologija, Beograd, 2000

Marija Lukić, Slađana Jovanović - *Drugo je porodice: nasilje u porodici – nasilje u prisustvu vlasti,* Instituta za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, 2001

Nikolić Ristanović, V.: "Od žrtve do zatvorenice"; Institut za kriminološka i sociološka istraživanja; Beograd, 2000

Radulović, D**.** Osobenosti i posledice psihopatskog nasilja u porodici, 2005

Radulović, D**.** *Antisocijalni poremećaj ličnosti I prestupništvo*, Doktorska disertacija, Filozofski fakultet, Beograd, Univerzitet u Beogradu, 2004

Seligman, M. E. P. (1975): *Helplessness: On Depression, Development and Death.* San Francisco: W. H. Freeman. и Seligman, M. E. P. & Maier, S. F. (1967): Failure to escape traumatic shock. *Journal of Experimental Psychology*;

Сулејманов, З. Убиствата во Македонија, НИО “Студентски збор”, Скопје, 1995

# ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ПАЦИЕНТИ ВО КОИ СПАЃААТ И ИМИГРАНТИТЕ

*UDC:* 364.69-787.9-054.7 *Прегледен труд*

**Проф. д-р Митко Ивановски**

*Аџибадем Систина - Скопје*

**Апстракт**

Зголемената миграција низ целиот свет доведува до мултиетнички општества. Се смета дека денес има над 200 милиони бегалци во светот, а тие имаат неопходна потреба од здравствени услуги и помош. Имигрантите се разликуваат по својата етничка и социјална култура, јазик, обичаи, однесување, што може да претставува бариера за лекарите, кои се одговорни за давање здравствени услуги. Сите овие фактори треба да ги имаат во предвид докторите и целиот медицински и административен персонал, за да можат правилно да ја вршат секојдневната клиничка работа. Имигрантите, не само што се разликуваат од домородното население во Европа, туку се разликуваат и од своите сонародници во нормални услови, бидејќи поминале низ опасни и стресни ситуации при бегството од опасности кои го загрозиле нивниот живот и животот на нивните семејства, како и имотот кој го оставиле зад себе. Тие сега се соочуваат со економска, социјална, здравствена немоќ. Помошта која ја очекуваат од медицинскиот персонал ја сметаат неопходна и затоа потребен е еден нов концепт во давањето здравствена заштита на граѓаните со социјална инклузија.

**Клучни зборови**: *здравствена заштита, инклузивно општество, миграција, култура;*

# HEALTH CARE FOR SOCIALLY DISADVANTAGED PATIENTS INCLUDING MIGRANTS

**Abstract**

Increasing migration around the world is leading to multiethnic societies. It is estimated that there are over 200 million refugees in the world today, and they are in dire need of health services and assistance. Immigrants differ in their ethnic and social culture, language, customs, behavior, which can be a barrier to doctors responsible for providing health services. All of these factors need to be taken into account by doctors and all medical and administrative staff in order to be able to perform their daily clinical work properly. Immigrants

are not only different from the natives of Europe, but also different from their compatriots under normal circumstances, because they have gone through dangerous and stressful situations of escaping the risks that endanger their lives and the lives of their families, as well as the property that they left behind. They are now facing economic, social and health disabilities. The help they expect from the medical staff is deemed necessary and therefore a new concept is needed in providing health care to citizens with social inclusion.

**Keywords**: *health care, inclusive society, migration, culture;*

## Вовед

Разбирањето на културните разлики е почетен чекор во давањето здравствени услуги на мултикултурно општество, особено во случај на социјално ранливите групи, бегалци, иселеници, пациенти од соседни земји со различни култури, поради што, медицинскиот персонал треба да се вклучи во процесите на учење за развој на меѓународни културни компетенции. Крос-културната обука им овозможува на медицинските работници да стекнат знаења и вештини за да ја исполнат улогата на културните агенти. Унапредувањето на културната интелигенција и меѓународната културна компетенција е од клучно значење за идниот успех на болниците кои работат во глобален контекст. Една од најважните карактеристики на успешни здравствени организации со мултикултурно влијание е организациската култура. Затоа, во овој труд, најпрвин ќе се осврнеме на дефинирање и класификација на организациската култура, обука за крос-култура на медицинскиот персонал, крос-култура во Аџибаден Систина, како и инструменти за мерење на организациската култура.

### 1.1. Дефиниции за организациска култура

Научниците никогаш не биле во можност да се договорат за едноставна дефиниција на културата. Во 1870 година, антропологот Едвард Тилор ја дефинирал културата како "комплексна целина која вклучува знаење, верување, уметност, морал, закон, обичај и други способности стекнати од човекот, како член на општеството ". Оттогаш се нудат стотици други дефиниции, а Хофстеде, кој е експерт за крос-културни разлики и менаџмент, ја дефинираше културата како „колективно програмирање на умот што ги разликува членовите на еден човек во група, од друга група. Културата, во оваа смисла, вклучува системи на вредности кои се претставуваат градежни блокови на културата".

Под норми ги подразбираме социјалните правила и упатства кои се пропишуваат за соодветно однесување, во одредени ситуации. Во оваа смисла, терминот општество се однесува на група на луѓе, кои делат заеднички сет на вредности и норми. Додека општество може да биде еквивалент на една земја, некои земји имаат повеќе заедници (т.е. поддржуваат повеќе култури), а некои општества опфаќаат повеќе од една земја.

**Вредности и ставови се** темел на културата. Тие го обезбедуваат контекстот во кој општествените норми се воспоставени и оправдани. Тие може да вклучуваат ставови на општеството кон такви концепти како индивидуална слобода, демократија, вистина, правда, чесност, лојалност, општествени обврски, колективна одговорност, улогата на жената, љубовта, бракот и така натаму. Вредностите не се само апстрактни концепти; тие се инвестираат со значително емоционално значење. Луѓето тврдат, се борат, па дури и умираат над вредностите, како што е слободата, на пример. Вредностите, исто така, често се рефлектираат во политичкиот и економскиот систем на општеството.

**Нормите** се општествени правила кои ги уредуваат активностите на луѓето една кон друга. Нормите, наречени - Фолклорни патишта (однесување кое потекнува од традицијата), се рутински конвенции од секојдневниот живот. Општо земено, тие се акции со мало морално значење. Иако тие го дефинираат начинот на кој луѓето се очекува да се однесуваат, нивното кршење, обично не е сериозна работа. Луѓе кои ги кршат фолклорните патишта, може да се сметаат за ексцентрични или лошо воспитани, но тие обично не се сметаат за опасни. Во многу земји, странците првично може да се извинат за кршење на фолклорните патишта. Добар пример за нив е однесувањето кон времето во различни земји. Луѓето се мошне свесни за текот на времето во САД и северно-европските култури како што се Германија и Велика Британија. Луѓето се свесни за планирањето на нивното време и брзо се иритираат кога нивното време е потрошено во чекање, особено во ходниците кога бараат помош од докторите[1].

Фолклорните патишта вклучуваат **ритуали и симболично однесување**. Ритуалите и симболите се највидливи манифестации на една култура и претставуваат надворешно изразување на подлабоки вредности[2].

**Осуди** се норми кои се сметаат како многу важни за функционирањето на едно општество и социјален живот. Тие имаат многу поголемо значење од фолклорните патишта. Според тоа, нивното кршење може да донесе сериозна одмазда. Тоа вклучува фактори како, обвиненија против кражба, прељуба, инцест и канибализам. Во многу општества, се донесени вакви закони. Така, сите напредни општества имаат закони против кражба, инцест и канибализам. Сепак, постојат и многу разлики меѓу културите. Во Америка, на пример, пиењето алкохол е широко прифатено, а во Саудиска Арабија потрошувачката на алкохол се смета за прекршување на важни социјални обичаи и е казниво со казна затвор, (некои западни граѓани кои работат во Саудиска Арабија го искусиле тоа).[3]

Културата вклучува повеќе нивоа кои се движат во различни димензии. На широко ниво, разликите во наднационалната култура опфаќаат повеќе земји и вклучуваат регионални, етнички, верски и јазични димензии. На национално ниво, владите создаваат суверени граници, за да се разликуваат различни нации со политички и правни регулаторни системи. Во деловната литература, повеќето истражувања за културата ја користат нацијата-држава како замена за културата. Другите нивоа на анализа за културата,

[1] McCleary R. and R. J. Barro, *Religion and Economy*, Journal of Economic Perspectives, Spring 2006,

[2] Weber, M., *The Protestant Ethic and the Spirit of Capitalism* (New York: Charles Scribner's Sons, 1958, original 1904- 1905). For an excellent review of Weber's work, see A. Giddens, Capitalism and Modern Social Theory (Cambridge: Cambridge University Press, 1971).

[3] Barro, R. J. McCleary, R, *Religion and Economic Growth across Countries*, American Sociological Review, October 2003,

вклучуваат субкултури, како и професионални и организациски групи. Покрај различните нивоа, културата, исто така, вклучува различни димензии.

### 1.2. Класификација на култури

Постојат четири главни шеми за класификација на културата кои обезбедуваат рамка за идентификување на меѓународните разлики во културата. Прво, антропологот Едвард Т. Хол (В. 1914) ги класифицирал културните разлики во пет различни димензии: **време, простор, работа, пријателства и договори**. Потоа, направена е класификација, која вклучува: **културна ориентација и однос кон природата, односи меѓу луѓето, начини на човечка активност, верување за основната човечка природа, ориентација кон времето и употреба на просторот.**

Една од најистакнатите рамки за класификација на култури е според Хофстеде. Тој идентификувал четири главни димензии на културните вредности **- индивидуализам - колективизам, растојание на моќ, избегнување на несигурност и женственост** - заедно со една петта димензија која подоцна се идентификувала како **конфучијанска динамика или долгорочна ориентација**[4]. Конечно, Тромпенарс и Хампден-Тарнер ја прошириле класификацијата на Хофстеде со седум димензии кои го вклучуваат универзализмот наспроти индивидуализмот, колективизмот наспроти индивидуализмот, афективниот наспроти неутралните односи, специфичноста наспроти дифузноста, постигнувањето наспроти описот, ориентацијата кон времето и внатрешната контрола, наспроти надворешната. Четирите различни класификации обезбедуваат различни пристапи за организирање на многу комплексни димензии кои ја сочинуваат културата. Голема премиса која ја поткрепува потребата за организирање на различни културни димензии е средство за да се избегнат скапи грешки во водењето лечењето на странски пациенти.

Различните класификации обезбедуваат мапа со која се прави смисла за комплексната природа на културата. Важни предупредувања кои треба да се имаат на ум се,  дека секоја класификација не е сеопфатна и секоја потекнува од одредена културна перспектива.

### 1.3. Крос-културна обука

Медицинските работници треба да се вклучат во процесите на учење со крос-културна обука, за да ги развијат меѓународните културни компетенции. Крос-културна обука за меѓународни задачи опфаќа широк спектар на методи кои може да вклучуваат брифинзи за областите, читања, предавања / дискусии, лекции по јазик, филмови, вежби за самооценување, играње на улоги, патувања на терен, обуки за чувствителност и крос-културни симулации. Крос-културната обука, исто така, треба да се координира во повеќе фази за да се максимизира ефикасноста на учењето за индивидуалните менаџери

[4]Hofstede, G. *Culture's Consequences: International Differences in Work-Related Values*, Sage Publications, Beverly Hills, 1980

и организациските перформанси. Трите фази се ориентација кон предрасуди, социјализација во земјата и излез од земјата. Излезното дебрифирање е важно за организациско учење, а системот за управување со знаење, може да го поддржи унапредувањето на културните лекции што се изучуваат.

Постојат четири главни методи за испорака на крос-културна обука: интелектуалниот модел, моделот на симулација, модел на самосвест и модел на културна свест. Интелектуалниот модел вклучува традиционален пристап, во училница во општите читања и предавање. Моделот на симулација вклучува активности специфични за културата (на пример, како се работи во Јапонија, САД, Германија) со игри и вежби.[5] Методот за обука за самосвест се фокусира на тоа што учесниците ги идентификуваат своите предности и слабости во справувањето со различните култури, особено преземени-за-одобрени претпоставки за интеркултурни ситуации. Моделот за културна свест се фокусира на теоретската основа за разликите во однесувањето во културите. Клучот за ефикасна крос-културна обука е интеграцијата на повеќе методи кои овозможуваат учесникот да се пресели од едноставно во сложено ниво на учење, со зголемување на нивото на строгост на обуката[6]. Целта на користење на повеќе методи во крос-културна обука е да го унапредат процесот на учење, низ фазите на учење, за да се развијат културната интелигенција и меѓународни културни компетенции.

Културната интелигенција ги интегрира трите меѓусебно поврзани елементи: **знаење, внимателност и вештини за однесување**. Меѓународната културна компетентност оди чекор понатаму со посложена вештина која ги интегрира когнитивните, афективните и учењето во однесувањето, со кои медицинските работници (доктори, сестри и администрација), ефикасно да се вклучат во успешните меѓукултурни односи[7].

### 1.4. Крос-култура во Аџибаден Систина

Зголемувањето на способноста за ефикасно работење низ култури, исто така, обезбедува позитивна поддршка за решавање на голем број прашања за приспособување не само за бегалците, туку и за иселеници од други земји, како што е случајот со доктори од овие простори во Германија или пациенти кои доаѓаат од други земји, како на пример од Косово во Република Северна Македонија. Здравствените организации на кои им е важен ефикасен пристап кон пациентите, обебзедуваат вработени, кои го знаат јазикот и културата на странските пациенти. Ова е пример за болницата Аџибаден Систина, каде се вработени голем број преведувачи, како би се обезбедила правилна комуникација со пациентите, з ада може да се постави точна дијагноза и соодветно лекување.

[5] Quinn, R., Rohrbaugh. J.: *A Competing Values Approach to Organizational Effectiveness*. Public Productivity Review 5: 122–40.,1981

[6] Sieveking, N., et.al. : *Employees' views of their work experience in private hospitals*. Health Services Management Research 6 (2): 129– 38. 1993, CAS PubMedGoogle Scholar

[7] Stevenson, K.: *Are Your Practices Resistant to Changing Their Clinical Culture?* Primary Care Report 2 (5): 19– 20.,2000, Google Scholar

Не само јазикот, туку и други односи може да предизвикаат вистински шок од однесувањето на докторите кон пациентите. Генерално, најважниот клуч на културната интелигенција и интеркултурната компетенција е интеграцијата на повеќе сфери на крос-културно учење, за да може ефикасно да се вклучат во меѓународните ситуации. Ефективноста во усогласувањето на меѓукултурните разлики, често води кон креативност, иновација и синергија за продуктивни перформанси на работното место.

Докторите со високо ниво на културна интелигенција и компетентност, играат важна стратешка улога како културни агенти, помагајќи им на нивните организации да ги рангираат меѓународните граници. Агентите бараат и способност да се движат низ различни култури и легитимитет од различни културни перспективи, вклучувајќи ги и здравствените организациски и во рамките на локалната заедница. Тие имаат зголемени потреби на ваков тип на вработени за да ја пополнат улогата на агентите, бидејќи барањата на глобализацијата повеќе зависат од успешните односи со стратешките партнерски партнери, меѓународните добавувачи и глобалните клиенти, како што е партнерството на Систина и Аџибаден, која претсавува турска болница. На многу начини, како едно општество ги адресира прашањата на мултикултурализмот, создава ориентација која им овозможува на своите граѓани да живеат и да работат заедно во една глобална заедница. Културните норми обликувани од политиките на националната влада, ќе треба да ги избегнат и да ги уништат политиките за одделување (одржување различни културни идентитети, но не интегрирани) или асимилација (присилно отфрлање на традиционалниот културен идентитет за интегрирање во доминантен идентитет), со цел да се усвојат нови пристапи на мултикултурализмот. Важните принципи за мултикултурна политика се фокусираат на промовирање на толеранцијата и културното разбирање за почитување на различноста, препознавање на повеќе идентитети и градење заеднички обврзници за членство во локалната

Културните фактори понекогаш може да ги зголемат трошоците за водење бизнис. Културата не е статична, таа може да се развива. На пример, важни аспекти на британската култура значително се промени во текот на изминатите 30 години, а тоа се рефлектира во послабите класни разлики и пониско ниво на индустриски спорови.

### 1.5. Квантитативни инструменти за мерење на крос-културата

Постојат квантитативни инструменти кои им се достапни на истражувачите на здравствени услуги, кои сакаат да ја мерат културата и културните промени[8].

Пронајдени се тринаесет инструменти кои ги задоволуваат критериумите за вклучување, од кои девет имаат учинокот во студиите кои вклучуваат здравствени организации. Инструментите значително се разликуваа во однос на нивната основа во теоријата, форматот, должината, обемот и научните својства. Најчесто, клучни димензии се: климата на персоналот, стилот на лидерство, системите за

[8]Thomas, C., et.al.: *Measuring and Interpreting Organizational Culture.* Journal of Nursing Administration 20: 17– 24.1990, CAS PubMed Web of Science®Google Scholar

поврзување, приорети на целите, тимска работа на персоналот, компетенции, брзина на даена услуга (време на чекање), емпатија и др. Изборот на инструмент треба да се утврди со тоа како е конципирана организациската култура, целта на истрагата, намената употреба на резултатите и достапноста на ресурсите.

**Заклучок**

Реформите во здравствениот систем до неодамна имаа тенденција да се фокусираат пред се, на структурните промени. Но, по долги експериментирања дојдоа до заклучок дека е потребно да се работи на промена на органзиациската култура. Тоа е возможно со воведување на управувана грижа за пациентите, особено станските, бегалците, социјално ранливите категории, воспоставување тела за поставување стандарди, развој на системи за известување за грешки во медицината и реструктуирањето на примарната здравствена заштита.

Сепак, неодамнешните студии покажуваат дека структурните промени сами по себе не даваат очекувани подобрувања во квалитетот и перформансите во здравствената заштита. Како резултат на тоа, слушаме повици за „културна трансформација" која што е потребно да се изврши заедно со структурните промени, со цел да се постигнат подобрувања во квалитетот и перформансите.

Светот се менува брзо, здравствените организации треба да се прилагодат, за да преживеат и да успеат. Тие мора да бидат свесни дека, треба да се превземат одредени стратегии за воведување различни начини за формирање организациска култура, и културна трансформација.

**Користена литература**

McCleary, R., Barro, R. J.: *Religion and Economy*, Journal of Economic Perspectives, Spring 2006,

Weber, M.: *The Protestant Ethic and the Spirit of Capitalism* (New York: Charles Scribner's Sons, 1958, original 1904- 1905). For an excellent review of Weber's work, see A. Giddens, Capitalism and Modern Social Theory (Cambridge: Cambridge University Press, 1971).

Barro, R. J. McCleary, R,: *Religion and Economic Growth across Countries*, American Sociological Review, 2003,

Littrell, R.: *Desirable leadership behaviors of Amulti-cultural managers in China*, Journal of Management Devolpment , 21, 2002

Mead, R.: *International Managemnt*, Cross-culturalDimensions,3rd ed, Malden Mass, Blackwell, 2005

Monger, J.: *International Comparison of Labor Disputes in 2004*, Labor Market Trends, April 2006,

Pankaj G.: *The New Global Road Map , Enduring Strategies for Turbulent Times*, Harvard Business Review Press, 2018

Schwerdtfeger, P.: *Business Futurist & Keynote Speaker on Technology Trends*, Walnut Creek, California, you toube and TED speaker, analytical and motivated speaker;

Pick, D. Dayaram, K.: *Modernity and Tradition in the Global Era: The Re-invention of Caste in India,* International Journal of Sociology and Social Policy, 2006,

Quinn, R., Rohrbaugh. J.: *A Competing Values Approach to Organizational Effectiveness*. Public Productivity Review 5: 122– 40.,1981

Seago, J.: *Organizational Culture in Hospitals: Issues in Measurement. Journal of Nursing Measurement* 5 (2): 165– 78.1997, CAS PubMedGoogle Scholar

Selznick, P.: *Leadership in Administration A Sociological Interpretation*. New York: Harper & Row. 1957, Google Scholar

Shortell, S. M., et.al.: *Assessing the Impact of Continuous Quality Improvement on Clinical Practice: What It Will Take to Accelerate Progress*. Milbank Quarterly 76 (4): 593– 624.1998 Wiley Online Library CAS PubMed Web of Science®Google Scholar

Shortell, S. M., et.al.: *Assessing the Impact of Total Quality Management and Organizational Culture on Multiple Outcomes of Care for Coronary Artery Bypass Graft Surgery Patients*. Medical Care 38 (2): 207–17.2000 Crossref CAS PubMed Web of Science®Google Scholar

Shortell, S. M., et.al.: *Implementing Evidence-Based Medicine: The Role of Market Pressures, Compensation Incentives, and Culture in Physician Organizations*. Medical Care 39 (7, Supplement): I-62– 78. 2001, CASGoogle Scholar

Sieveking, N., et.al. : *Employees' views of their work experience in private hospitals*. Health Services Management Research 6 (2): 129– 38. 1993, CAS PubMedGoogle Scholar

Smircich, L.: *Concepts of Culture and Organizational Analysis*. Administrative Science Quarterly 28: 339– 58. 1983, Crossref Web of Science®Google Scholar

Stevenson, K.: *Are Your Practices Resistant to Changing Their Clinical Culture?* Primary Care Report 2 (5): 19– 20.,2000, Google Scholar

Thomas, C., et.al.: *Measuring and Interpreting Organizational Culture.* Journal of Nursing Administration 20: 17– 24.1990, CAS PubMed Web of Science®Google Scholar

Tucker, R., et.al.: *Can Questionnaires Objectively Assess Organizational Culture?* Journal of Managerial Psychology 5 (4): 4– 11. 1990, CrossrefGoogle Scholar

Walker, H., Symon, G. Davies. B.: *Assessing Organizational Culture*: *A Comparison of Methods*. International Journal of Selection and Assessment 4 (7): 96– 105. 1996, Wiley Online Library Web of Science®Google Scholar

# ПРИМЕНА НА КУРКУМИНОТ И НЕГОВИТЕ ДЕРИВАТИ ВО МЕНАЏМЕНТОТ НА КАРДИОВАСКУЛАРНИТЕ ЗАБОЛУВАЊА

*UDC:* 615.322:547.979.4]:616.1 *Прегледен труд*

**М-р Мимоза Стаменковска**

*Европски Универзитет, Скопје*

**Апстракт**

Куркуминот е активна компонента во куркумата - зачин кој широко се користи во кулинарството и како домашен лек за спречување и лекување на многу болести во Индија и други земји стотици години наназад. Меѓутоа, дури во текот на последните 40 години започнуваат да се прават истражувања со цел да се разбере молекуларната основа на терапевтските својства на куркуминот. Покрај тоа, куркуминот, исто така, се покажало дека има анти-атеросклеротични, анти-канцерогени, анти-дијабетични, анти-воспалителни и анти-оксидативни својства во животински модели на разни болести, како и кај луѓе. Во овој ревијален труд се нагласува кардиоваскуларната заштитна улога на куркуминот. Исто така, се дискутира и за терапевтската корист на дериватите на куркуминот и се посочуваат постоечките проблеми на куркуминот како ефикасен лек во менаџментот на кардиоваскуларните заболувања.

**Клучни зборови:** *истражувања, лек, атеросклероза, хипертензија, стратегии, ефекти.*

# APPLICATION OF CURCUMIN AND ITS DERIVATIVES IN THE MANAGEMENT OF THE CARDIOVASCULAR DISEASES

**Abstract**

Curcumin is the active component in turmeric - the spice that is widely used in culinary and as home remedy for preventing and treating many diseases in India and other countries for hundreds of years. Despite that, the researches related to understanding the molecular basis of therapeutic properties of curcumin begun to appear last 40 years. In addition, curcumin has also been shown to have anti-atherosclerotic, anti-cancer, anti-diabetic, anti-inflammatory and anti-oxidative properties in animal models of various diseases as well as in humans. This review article underlines the cardiovascular protective role of curcumin. It is also discussed about the therapeutic benefits of curcumin derivatives and referred to the existing problems of curcumin as an effective drug in the management of cardiovascular diseases.

**Keywords***: researches, drug, atherosclerosis, hypertension, strategies, effects.*

## 1. ВОВЕД

Кардиоваскуларни заболувања е општ термин за класа на нарушувања кои ги опфаќаат срцето и крвните садови.[1] Овие нарушувања се претежно хронични и се предизвикани од голем број на физички, хемиски и други штетни агенси кои делуваат на човекот во одредени услови. Во основата на сите кардиоваскуларни заболувања, некаде во 95%, главен виновник е атеросклерозата. Според Светската здравствена организација, 17,9 милиони луѓе годишно умираат од кардиоваскуларни заболувања, а се проценува дека 31% од сите смртни случаи во светот се предизвикани од овие болести.[2] Кардиоваскуларните заболувања се значајна причина за инвалидитет, големи трошоци за здравствена заштита и предвремена смртност (лица под 65 години). Токму поради тоа, потребно е да се развијат превентивни интервенциски стратегии за намалување на трошоците и кардиоваскуларните компликации и што е уште поважно да се намали развојот на кардиоваскуларните заболувања.

Конвенционалните лекови кои најчесто се користат во лекувањето на кардиоваскуларните заболувања не се без несакани ефекти и се многу скапи, па оттука и потребата за побезбедна, поевтина и поефикасна алтернатива. Употребата на хербални лекови како дополнителна терапија има долга историја во менаџментот со човечки болести.[3] Преку ботаничките и фармаколошките испитувања се јавуваат нови идеи во фармаколошката наука, со цел да се откријат нови и ефикасни лекови за овие заболувања.[4]

Куркуминот (1E,6E)-1,7-бис(4-хидрокси-3-метоксифенил)-1,6-хептадиен-3,5-дион) уште познат и како диферулоилметан поради неговите значителни биолошки својства, бил доста истражуван и се смета за надежен кандидат во менаџментот на кардиоваскуларните заболувања. Куркуминот е примарен полифенол кој се добива од растението куркума (*Curcuma Longa*), поточно од коренот на оваа билка кој се користи како зачин преку процесот на екстракција.[5]

Според истражувањата, докажано е дека тој таргетира повеќе сигнални молекули, а исто така покажува активност и на клеточно ниво, што придонесува за неговото позитивно влијание врз здравјето

---

[1] Anthea, M.: *Human Biology and Health*. Englewood Cliffs, New Jersey: Prentice Hall, 1993.
[2] World Health Organization: Cardiovascular Diseases, 2019, https://www.who.int/health-topics/cardiovascular-diseases/
[3] Wu, B. N., Huang, Y. C., Wu, H. M., Hong, S. J., Chiang, L. C., Chen, J.: “A highly selective β1-adrenergic blocker with partial β2-agonist activity derived from ferulic acid, an active component of Ligusticum wallichii Franch”. *Journal of cardiovascular pharmacology*. Vol. 31 (1998) pp. 750-757.
[4] Karamati, S. A., Hassanzadazar, H., Bahmani, M., Rafieian-Kopaei, M.: “Herbal and chemical drugs effective on malaria”. *Asian Pacific Journal of Tropical Disease.* Vol. 4 (2014) pp. 599-601.
[5] Kumar, D. P., Shirisha, S. D. S. N.: “Curcumin and Its Biological Importance: A Review”. *International Journal of Current Microbiology and Applied Sciences*. Vol. 7 (2018) pp. 1100-1105.

на луѓето.[6] Антиоксидативните и антиинфламаторните механизми се двата основни механизми на кои се припишуваат голем дел од ефектите на куркуминот при различни состојби.[7]

И покрај неговите поволни и корисни биолошки својства, преку антиоксидативните и антивоспалителните механизми, релативно ниската биорасположивост која се појавува, пред се', поради лошата апсорпција, брзиот метаболизам и брза елиминација од организмот, како и неговата хемиска нестабилност[8] ја ограничуваат неговата терапевтска употреба. Во овој поглед, биле направени доста обиди за синтетизирање на деривати на куркуминот со подобрена биорасположивост.

Овој труд дава систематски преглед на заштитните ефекти на куркуминот кај различни типови на кардиоваскуларни заболувања, како и клиничката перспектива на куркуминот и неговите деривати во менаџментот на овие заболувања.

## 2. Кардиоваскуларни активности на куркуминот

### *2.1. Куркумин и атеросклероза*

Атеросклерозата е болест на стеснување и стврднување на артериите, поради наталожување на масни наслаги (плаки) во нив. Таа е хронична и прогресивна болест која произлегува од воспалителните процеси и оксидативниот стрес во рамките на ѕидот на крвниот сад. Истражувањата со животни, со користење на модел на зајак подложен на високо масна исхрана, откриле дека куркуминот ефикасно ја спречува оксидацијата на LDL и ги намалува нивоата на холестерол и триглицериди.[9] Кај луѓето, било откриено дека суплементацијата со куркумин, исто така, го намалува нивото на вкупниот и LDL холестерол кај пациенти со акутен коронарен синдром.[10] Друга студија покажала дека 10 mg на куркумин, кој е даван два пати дневно во текот на 30 дена, значително го намалува нивото на серумскиот LDL и го зголемува нивото на серумскиот HDL кај здрави пациенти.[11]

Се смета дека, бидејќи атеросклерозата е хронична инфламаторна болест поврзана со зголемен оксидативен стрес во васкуларните мазни мускулни клетки, можно е анти-атерогените ефекти на

---

[6] Gupta, S. C., Patchva, S., Aggarwal, B. B.: "Therapeutic Roles of Curcumin: Lessons Learned from Clinical Trials". *AAPS J.* Vol. 15 (2013) pp. 195-218.

[7] Lin, Y. G., Kunnumakkara, A. B., Nair, A., Merritt, W. M., Han, L. Y., G. N. Armaiz-Pena, G. N., Kamat, A. A., Spannuth, W. A., Gershenson, D. M., Lutgendorfv, S. K. et al.: "Curcumin inhibits tumor growth and angiogenesis in ovarian carcinoma by targeting the nuclear factor-κB pathway". *Clin. Cancer Res.* Vol. 13 (2007) pp. 3423-3430; Marchiani, A., Rozzo, C., Fadda, A., Delogu, G., Ruzza, P.: "Curcumin and curcumin-like molecules: From spice to drugs". *Curr. Med. Chem.* Vol. 21 (2014) pp. 204-222.

[8] Ren, J., Sowers, J. R.: "Application of a Novel Curcumin Analog in the Management of Diabetic Cardiomyopathy". *Diabetes*. Vol. 63 (2014) pp. 3166-3168.

[9] Ramirez-Tortosa, M. C., Mesa, M. D., Aguilera, M. C., Quiles, J. L., Baro, L., Ramirez-Tortosa, C. L. et al.: "Oral administration of a turmeric extract inhibits LDL oxidation and has hypocholesterolemic effects in rabbits with experimental atherosclerosis". *Atherosclerosis*. Vol. 147 (1999) pp. 371-8.

[10] Alwi , I., Santoso, T., Suyono, S., Sutrisna, B., Suyatna, F. D., Kresno, S. B. et al.: "The effect of curcumin on lipid level in patients with acute coronary syndrome". *Acta Med Indones*. Vol. 40 (2008) pp. 201-10.

[11] Ramirez-Bosca, A., Soler, A., Carrion, M. A., Diaz-Alperi, J., Bernd, A., Quintanilla, C. et al. "An hydroalcoholic extract of curcuma longa lowers the apo B/apo A ratio. Implications for atherogenesis prevention". *Mech Ageing Dev.* Vol. 119 (2000) pp. 41-7.

куркуминот да се должат на неговите антиоксидативни и антивоспалителни својства и неговата способност да ги инхибира пролиферативните и миграторните сигнални патишта.

### 2.2. *Куркумин и срцева хипертрофија*

Ефектот на куркумин на срцевата хипертрофија и исхемија на миокардот е проучуван и во *in vivo* и *in vitro* модели. Срцева хипертрофија е адаптациско проширување на миокардот како одговор на различни напрегања, како што е зголемен обем на работа или миокарден инфаркт и се карактеризира со зголемување на големината на индивидуалните кардиомиоцити и целото срце.[12] Според досега направените истражувања може да се сугерира дека способноста на куркуминот за намалување на оксидативниот стрес и намалување на про-хипертрофичните и про-воспалителните реакции може да игра важна улога во намалувањето на кардиотоксичноста и хипертрофијата во различни експериментални модели.

### 2.3. *Куркумин и хипертензија*

Ефектот на куркуминот на хипертензијата не е истражен во детали. Кај луѓето, оралната суплементација со куркумин било докажано дека го намалува систолниот крвен притисок кај пациенти со бубрежна болест - лупус нефритис.[13] Сепак, во модел на стаорец за срцеви хипертрофија со ренална инсуфициенција, третманот со куркумин не бил во можност да го намали зголемувањето на нефректомично-индуцираното зголемување на систолниот крвен притисок.[14] Оттука произлегува фактот дека се потребни повеќе истражувања за антихипертензивните ефекти на куркуминот.

### 2.4. *Куркумин и дијабетски кардиоваскуларни компликации*

Според една пилот студија, направена во 1972 година, било објавено дека куркуминот го намалува нивото на шеќерот во крвта кај дијабетични луѓе.[15] Оттогаш, неколку истражувања го имаат документирано овој одговор кај животински модели на дијабетес и отпорност на инсулин. Според истражувањата, се чини дека способноста на куркуминот да ја намали хипергликемијата, оксидативниот стрес и способноста да оневозможи некои сигнални патишта вмешани во поттикнување на воспалителни реакции придонесуваат за неговите кардиоваскуларни заштитни својства при дијабетес.

[12] Frey, N., Olson, E. N.: “Cardiac hypertrophy: the good, the bad, and the ugly”. *Annu Rev Physiol*. Vol. 65 (2003) pp. 45-79.
[13] Khajehdehi, P., Zanjaninejad, B., Aflaki, E., Nazarinia, M., Azad, F., Malekmakan, L. et al.: “Oral Supplementation of Turmeric Decreases Proteinuria, Hematuria, and Systolic Blood Pressure in Patients Suffering from Relapsing or Refractory Lupus Nephritis: A Randomized and Placebo-controlled Study”. *J Ren Nutr*. Vol. 22 (2011) pp. 50-7.
[14] Ghosh, S. S., Salloum, F. N., Abbate, A., Krieg, R., Sica, D. A., Gehr, T. W., Kukreja, R. C.: “Curcumin prevents cardiac remodeling secondary to chronic renal failure through deactivation of hypertrophic signalling in rats”. *Am J Physiol Heart Circ Physiol*. Vol. 299 (2010) pp. 975-84.
[15] Srinivasan, M.: “Effect of curcumin on blood sugar as seen in a diabetic subject”. *Indian J Med Sci*. Vol. 26 (1972) pp. 269-70.

### *2.5. Куркумин и миокарден инфаркт*

Миокарден инфаркт се јавува најчесто кај пациенти со атеросклеротична болест како основен процес. Според истражувањата, куркуминот ја зачувува нормалната хистолошка архитектурата на срцето и го минимизира покачувањето на плазма срцевите ензим маркери.[16] Овие корисни ефекти на куркуминот воглавно се поврзуваат со неговите антиоксидативни и антивоспалителни својства. Резултатите од досегашните истражувања предизвикуваат интерес за користење на куркуминот во спречувањето на миокарден инфаркт кај лица со висок ризик.

## 3. Примена на новосинтетизирани куркумински деривати во менаџментот на кардиваскуларните болести

Истражувачите направиле доста обиди да синтетизираат деривати на куркуминот со подобрена биорасположивост, а ние ќе ги наведеме тие кои се наменети за кардиоваскуларни апликации.

Меѓу испитуваните монокарбонилни куркумински аналози наменети за кардиоваскуларни апликации спаѓа соединението C66 (2E,6E)-2,6-бис[(2-трифлуорометил)бензилиден]-циклохексанон кое покажало значително подобра хемиска стабилност и фармакокинетички карактеристики од куркуминот во *in vivo* услови.[17]

Според неколку истражувања[18] за употребата на соединението C66, било утврдено дека ова соединение има поволен фармаколошки ефект кај компликациите кои се јавуваат кај болеста дијабетес, поради неговото антивоспалително дејство. Меѓутоа, се покажало дека ова соединение имало слабо антиоксидативно дејство и во *in vitro* и *in vivo* услови.[19]

Неодамнешите истражувања потврдиле дека воведувањето на бром во структурата на соединението C66 може да ги подобри неговите антиоксидативни активности[20] Покрај тоа, истражувачите во нивните студии покажале дека соединението (2E,6E)-2-(2-бромобензилиден)-6-[(2-трифлуорометил)бензилиден]циклохексанон (наречено Y20), има подобри антиоксидативни својства во споредба со C66. Резултатите од истражувањата покажале дека ова соединение има потенцијал во лекувањето на срцевите заболувања предизвикани од прекумерна тежина.[21]

Од овие истражувања, логички може да се заклучи дека со замена на другите трифлуорометилни групи на Y20 можат уште повеќе да се подобрат антиоксидативните својства на ова соединение, без да

---

[16] Mostafa, M. E. A.: "Protective Effect of Curcumin Against Isoproterenol-Induced Myocardial Infarction in Adult Male Albino Rat". *Egyptian Journal of Anatomy*. Vol. 34 (2011) pp. 15-29.
[17] Liang, G., Shao, L., Wang, Y., et al.: "Exploration and synthesis of curcumin analogues with improved structural stability both in vitro and in vivo as cytotoxic agents". *Bioorg Med Chem*. Vol. 17 (2009) pp. 2623-2631.
[18] Pan, Y. (et al.): "Inhibition of JNK phosphorylation by a novel curcumin analog prevents high glucose-induced inflammation and apoptosis in cardiomyocytes and the development of diabetic cardiomyopathy". *Diabetes*. Vol. 63 (2014) pp. 3497-3511.
[19] Qian, Y., Zhong, P., Liang, D., Xu, Z., Skibba, M., Zeng, C., Li, X., Wei, T., Wu, L., Liang, G. : "A Newly Designed Curcumin Analog Y20 Mitigates Cardiac Injury via Anti-Inflammatory and Anti-Oxidant Actions in Obese Rats". *PLOS ONE*. Vol. 10 (2015) pp. 1-16.
[20] Ibid
[21] Qian, Y., Zhong, P., Liang, D., Xu, Z., Skibba, M., Zeng, C., Li, X., Wei, T., Wu, L., Liang, G.: "A Newly Designed Curcumin Analog Y20 Mitigates Cardiac Injury via Anti-Inflammatory and Anti-Oxidant Actions in Obese Rats". *PLOS ONE*. Vol. 10 (2015) pp. 1-16.

се намалат неговите антивоспалителни својства, при што се добива ново соединение (2E,6E)-2,6-бис(2-бромобензилиден)циклохексанон B2BrBC. При тоа, биле направени неколку истражувања за антиоксидативните и антивоспалителните ефекти на C66 и B2BrBC, на модели од стаорци за срцева хипертрофија, кои го поддржале потенцијалот на овие соединенија во третманот против напредувањето на срцевата хипертрофија.[22] При тоа, B2BrBC покажал значителни антиоксидативни и антивоспалителни ефекти, додека C66 покажал недостатоци во антиоксидативните активности.

## Заклучок

Куркуминот се покажал дека има корисни ефекти во неколку модели на кардиоваскуларни заболувања. Поради неговата ниска биорасположивост, истражувачите откриле голем број на синтетички деривати, од кои некои со споредливи и подобри фармакодинамички својства во однос на куркуминот, меѓутоа недостастуваат токсиколошки податоци за овие деривати. Како компонента на храната, куркуминот добро се толерира и се покажало дека е безбедно да се конзумира до 12 g/ден и затоа, куркуминот може да стане рутински додаток во исхраната. И покрај тоа, потребни се понатамошни испитувања на животински модели за срцеви болести, со цел да се проверат тековните сознанија за примената на куркуминот и неговите деривати во менаџментот на кардиоваскуларните заболувања.

## Користена литература

Alwi , I., Santoso, T., Suyono, S., Sutrisna, B., Suyatna, F. D., Kresno, S. B. et al.: “The effect of curcumin on lipid level in patients with acute coronary syndrome”. *Acta Med Indones*. Vol. 40 (2008) pp. 201-10.

Anthea, M.: *Human Biology and Health*. Englewood Cliffs, New Jersey: Prentice Hall, 1993.

Frey, N., Olson, E. N.: “Cardiac hypertrophy: the good, the bad, and the ugly”. *Annu Rev Physiol*. Vol. 65 (2003) pp. 45-79.

Ghosh, S. S., Salloum, F. N., Abbate, A., Krieg, R., Sica, D. A., Gehr, T. W., Kukreja, R. C.: “Curcumin prevents cardiac remodeling secondary to chronic renal failure through deactivation of hypertrophic signalling in rats”. *Am J Physiol Heart Circ Physiol*. Vol. 299 (2010) pp. 975-84.

Gupta, S. C., Patchva, S., Aggarwal, B. B.: “Therapeutic Roles of Curcumin: Lessons Learned from Clinical Trials”. *AAPS J.* Vol. 15 (2013) pp. 195-218.

Hadzi-Petrushev, N., Angelovski, M., Nestoroska, D., Icko Gjorgoski, Rebok, K., Mitrokhin, V., Kamkin, A., Mladenov, M.: “Protective effects of the monocarbonyl curcumin analogues B2BRBC and C66 in

[22] Hadzi-Petrushev, N., Angelovski, M., Rebok, K., Mitrokhin, V., Kamkin, A., Mladenov, M.: “Antioxidant and anti-inflammatory effects of the monocarbonyl curcumin analogs B2BRBC and C66 in monocrotaline-induced right ventricular hypertrophy”. *Journal of Biochemical and Molecular Toxicology*. 2019, e22353; Hadzi-Petrushev, N., Angelovski, M., Nestoroska, D., Icko Gjorgoski, Rebok, K., Mitrokhin, V., Kamkin, A., Mladenov, M.: “Protective effects of the monocarbonyl curcumin analogues B2BRBC and C66 in monocrotaline-induced right ventricular hypertrophy”. *Unpublished.* 2018, https://doi.org/10.13140/RG.2.2.35821.64485

monocrotaline-induced right ventricular hypertrophy”. *Unpublished.* 2018, https://doi.org/10.13140/RG.2.2.35821.64485

Hadzi-Petrushev, N., Angelovski, M., Rebok, K., Mitrokhin, V., Kamkin, A., Mladenov, M.: “Antioxidant and anti-inflammatory effects of the monocarbonyl curcumin analogs B2BRBC and C66 in monocrotaline-induced right ventricular hypertrophy”. *Journal of Biochemical and Molecular Toxicology*. 2019, e22353.

Karamati, S. A., Hassanzadazar, H., Bahmani, M., Rafieian-Kopaei, M.: “Herbal and chemical drugs effective on malaria”. *Asian Pacific Journal of Tropical Disease.* Vol. 4 (2014) pp. 599-601.

Khajehdehi, P., Zanjaninejad, B., Aflaki, E., Nazarinia, M., Azad, F., Malekmakan, L. et al.: “Oral Supplementation of Turmeric Decreases Proteinuria, Hematuria, and Systolic Blood Pressure in Patients Suffering from Relapsing or Refractory Lupus Nephritis: A Randomized and Placebo-controlled Study”. *J Ren Nutr.* Vol. 22 (2011) pp. 50-7.

Kumar, D. P., Shirisha, S. D. S. N.: “Curcumin and Its Biological Importance: A Review”. *International Journal of Current Microbiology and Applied Sciences*. Vol. 7 (2018) pp. 1100-1105.

Liang, G., Shao, L., Wang, Y., et al.: “Exploration and synthesis of curcumin analogues with improved structural stability both in vitro and in vivo as cytotoxic agents”. *Bioorg Med Chem*. Vol. 17 (2009) pp. 2623-2631.

Lin, Y. G., Kunnumakkara, A. B., Nair, A., Merritt, W. M., Han, L. Y., G. N. Armaiz-Pena, G. N., Kamat, A. A., Spannuth, W. A., Gershenson, D. M., Lutgendorfv, S. K. et al.: “Curcumin inhibits tumor growth and angiogenesis in ovarian carcinoma by targeting the nuclear factor-κB pathway”. *Clin. Cancer Res*. Vol. 13 (2007) pp. 3423-3430.

Marchiani, A., Rozzo, C., Fadda, A., Delogu, G., Ruzza, P.: “Curcumin and curcumin-like molecules: From spice to drugs”. *Curr. Med. Chem*. Vol. 21 (2014) pp. 204-222.

Mostafa, M. E. A.: “Protective Effect of Curcumin Against Isoproterenol-Induced Myocardial Infarction in Adult Male Albino Rat”. *Egyptian Journal of Anatomy*. Vol. 34 (2011) pp. 15-29.

Pan, Y. (et al.): “Inhibition of JNK phosphorylation by a novel curcumin analog prevents high glucose-induced inflammation and apoptosis in cardiomyocytes and the development of diabetic cardiomyopathy”. *Diabetes*. Vol. 63 (2014) pp. 3497-3511.

Qian, Y., Zhong, P., Liang, D., Xu, Z., Skibba, M., Zeng, C., Li, X., Wei, T., Wu, L., Liang, G. : “A Newly Designed Curcumin Analog Y20 Mitigates Cardiac Injury via Anti-Inflammatory and Anti-Oxidant Actions in Obese Rats”. *PLOS ONE*. Vol. 10 (2015) pp. 1-16.

Srinivasan, M.: “Effect of curcumin on blood sugar as seen in a diabetic subject”. *Indian J Med Sci*. Vol. 26 (1972) pp. 269-70.

Ramirez-Bosca, A., Soler, A., Carrion, M. A., Diaz-Alperi, J., Bernd, A., Quintanilla, C. et al. “An hydroalcoholic extract of curcuma longa lowers the apo B/apo A ratio. Implications for atherogenesis prevention”. *Mech Ageing Dev.* Vol. 119 (2000) pp. 41-7.

Ramirez-Tortosa, M. C., Mesa, M. D., Aguilera, M. C., Quiles, J. L., Baro, L., Ramirez-Tortosa, C. L. et al.: “Oral administration of a turmeric extract inhibits LDL oxidation and has hypocholesterolemic effects in rabbits with experimental atherosclerosis”. *Atherosclerosis*. Vol. 147 (1999) pp. 371-8.

Ren, J., Sowers, J. R.: “Application of a Novel Curcumin Analog in the Management of Diabetic Cardiomyopathy”. *Diabetes*. Vol. 63 (2014) pp. 3166-3168.

World Health Organization: Cardiovascular Diseases. 2019, https://www.who.int/health-topics/cardiovascular-diseases/

Wu, B. N., Huang, Y. C., Wu, H. M., Hong, S. J., Chiang, L. C., Chen, J.: “A highly selective β1-adrenergic blocker with partial β2-agonist activity derived from ferulic acid, an active component of Ligusticum wallichii Franch”. *Journal of cardiovascular pharmacology*. Vol. 31 (1998) pp. 750-757.

# ИНКЛУЗИЈАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ПРОЦЕСОТ НА СЕЛЕКЦИЈА И КУПУВАЊЕ НА ОБЛЕКА И МОДНИ ДОДАТОЦИ ВО РЕПУБЛИКА С.МАКЕДОНИЈА

*UDC:* 391.3:7.05-056.26 *Стручен труд*

**Проф. м-р Маја Ѓуреска, проф. м-р Зоран Ѓурески**

*Европски универзитет, Скопје*

**Апстракт**

Еден од проблемите со кои се среќаваат лицата со попреченост во Република С. Македонија е процесот на селекција и купување на облека.На домашниот пазар се забележува недостатокот на продажни центри кои продаваат специјализирана или адаптирана облека. Овие лица имаат потешкотии да се прилагодат на условите на постоечкиот пазар не само во поглед на понудата, туку и во поглед на неинклузивните услуги на продажните центри, како на пример тешка достапност до продажните локали, необучен продажен кадар, недостаток на услуга за корекција и адаптација на облеката или достава на истата итн. Истражувањата за овој труд се спроведени преку соработка со шест лица со посебни потреби, со цел да се согледаатергономските, функционалните и естетските потреби со кои овие лица се соочуваат во однос на селекција, купување и користење на облеката и модните додатоци. Понатака за потребите на овој труд е направена и анализа на пазарот за облека и модни додатоци во Скопје со цел утврдување на инклузивноста и можноста на продажните центри да одговорат на потребите на лицата со посебни потреби.

**Клучни зборови:** ***инклузија; пазар, облека, модни додатоци, универзален дизајн***

**Abstract**

One of the problems that people with disabilities face in the R. N. Macedonia is the process of selection and buying clothes. The market lacks specialized stores that sell adaptive wear. These people have difficulties adapting to the existing market not only in terms of supply, but also in terms of non-inclusive store services such as: limited access in purchasing clothing; untrained sales staff; lack of alteration services; online sales or delivery, etc. The research for this paper has been conducted in collaboration with six people with disabilities in order to understand the ergonomic, functional and aesthetic needs that these individuals face in terms of selection, purchase and use of clothing and fashion accessories. Furthermore, an analysis was conducted for the apparel and fashion accessories market in Skopje in order to determine the inclusiveness and the ability of the retailers to respond to the needs of people with disabilities.

**Keywords:** *inclusion; market, clothing, fashion accessories, universal design*.

**Вовед**

Овој труд има за цел да посочина дел од проблемите со кои се соочуваат лицата со попреченост во процесот на селекција, купување и користење на облеката, како и инклузивноста на домошниот пазар и можноста да одговори на овие потреби. Во таа смисла истражувањата за овој труд се двонасочни и спроведени преку директен метод, метод на анкетирање и метод на анализа и синтеза. Дел од истражувањата се спроведени на 6 испитаници, односно две лица со Даунов синдром, две лица со церебрална парализа и две лице со попречен вид. Другиот дел на истражувањата се направени на пазарот за облека и модни додатоци во Скопје, со цел утврдување на инклузивноста на продажните локали, производите и услугите. Овие истражувања се спроведени преку мултидисциплинарниот проект со наслов: Во моите чевли/In my shoes, во коавторство со Антонија Гугинска Јордановска (моден дизајнер и Росица Колева (дефектолог), во периодот од 01.05.2018 до 17.11.2018 година. Заклучоците од спроведените истражувања се сублимат на овој труд.

**Потребите на лицата со попреченост во процесот на селекција, купување и користење на облеката**

Терминот *лица со попреченост* во рамките на овој труд и истражување се однесува на лица кои се соочуваат со телесна попреченост поради која/и имаат потреба од асистенција и помош при извршување на секојдневните активности. За потребите на овој труд се споведени анкетни прашалници до шест лица (Две лица со Даунов синдром, две лица со церебрална парализа и две лица со попречен вид) кои самостојно или со соодветна асистенција одговориа на прашања поврзани со купувачките навики и искуства при селекција, купување и користење на облеката.

Потребите врзани со селекцијата и купување на облека кај лицата со церебрална парализа и Даунов синдром се индивидуални и зависат од состојбата на секое лице поедиечно. Токму тоа е причината којаим оневозможува на овие лица да купуваат стандардизирано произведена облека без притоа да ја корегираат.

**Слика бр. 1:**

Фотографии од учесниците во проектот Во моите чевли/In my shoes кои прикажуваат дел од ергономските проблеми со кои се соочуваат лицата со церебрална парализа и Даунов синдром при селекција на стандардизирана облека.




Извор: Извадоци од каталогот на проектот Во моите чевли/In my shoes; Фотограф: Елена Бојаџиева; На фотографијата: Искра Донева и Никола Колев.

Иако пазарите за адаптабилна облека надвор од РСМ веќе работат на полето на продажба на инклузивна облека, само еден од анкетираните учесници имал искуство и можност да обезбеди адаптирана облека. Онлајн услугите за купување на облека ги нема практикувано ниту еден од анкетианите учесници, кои насочуваат на тоа дека за таква размена им е потребна помош и обука.

**Слика бр. 2:**

Фотографии од учесниците во проектот Во моите чевли/In my shoes кои прикажуваат дел од ергономските проблеми со кои се соочуваат лицата со церебрална парализа при селекција на стандардизирана облека.



Лицата со церебрална парализа имаат потреба од комотна облека. При движење со помагало облеката треба да е во должина која го олеснува движењето.



Кај лицата со церебрална парализа, доколку постои различна должина на екстремитетите, панталоните треба да се адаптираат според секој од долните екстремитети.



Лицата со церебрална парализа често имаат потреба од корекција на обемот, ширината и должината на облеката. Под корекција се подразбира кратење, теснење или адаптирање на облеката.



Кај лицата со церебрална парализа степенот на развиеност на моториката, особено фината и прецизна моторика, поединечно влијае при облекувањето.



Кај овие лица се забележува потребата од посебни механизми за закопчување и откопчување на облеката, како на пример: големи копчиња и патенти, копчиња на магнет, ластик итн.



Поради спастична мускулатура и контрактури во зглобовите на горните екстремитети, пожелно е проширување на округлината во долниот дел на ракавот.

Извор: Извадоци од каталогот на проектот Во моите чевли/In my shoes; Фотограф: Елена Бојаџиева; На фотографијата: Искра Донева и Игор Петров.

Проблемите со кои се соочуват лицата со церебрална парализа и Даунов синдром се од ергономски и практичен карактер. Индивидуалните потреби може да се однесуваат на стандардната должина и ширина на облеката, вратните отвори, кроевите на ракавите, висината на кутелот, стандардните калапи за производство на чевли итн. Степенот на развиеност на моториката, особено фината и прецизна моторика, кај секое лице поединечно влијае при облекувањето и се јавува потребата од посебни механизми и методи за закопчување, откопчување и облекување на облеката. Степенот на мобилност на секое лице поединечно дополнително диктира потреби за облека која понекогаш и воопшто и не се наоѓа на пазарите. Лицата со церебрална парализа сметаат дека процесот на купување на облека е физички напорен за нив и дури преферираат доколку би имале можност за личен асистент или стилист кој би им

помогнал при селекција и адаптацијата на облеката.

**Слика бр. 3:**

Фотографии од учесниците во проектот Во моите чевли/In my shoes кои прикажуваат дел од ергономските проблеми со кои се соочуваат лицата со церебрална парализа и попречен вид при селекција на стандардизирана облека.



Примената на магнетни копчиња, лепенки, ластик и други слични елементи е значаен дел од облеката кај лицата со помалку развиена моторика и/или паретична мускулатура на рацете.



Голем број на лица со Даунов синдром имаат проблеми со стапалата. Поради тоа овие лица имаат потреба од специјално дизајнирани влошки и чевли кои имаат лепенка и ластик.



Лицата со попречен вид тактилно ја распознаваат облеката. Облеката која на себе има различни елементи или орнаментика им овозможува полесно да ја разликуваат и распознаваат истата.



Кога купуваат облека лицата со попречен вид забележуваат недостаток од информациите кои се составен дел од декларациите на производите.



Недостаток на информации се однесува на: информации за составот на материјалите, начин на одржување на производот, информации за големината или бојата на производот.

Лицата со попречен вид се соочуваат со недостаток на информации кога станува збор за облеката од аспект на податоци за составот на материјалите, начинот на одржување, информации за големината и бојата на производот, како и помош околу начинот на комбинирање на облеката и естетската вредност на истите.

Извор: Извадоци од каталогот на проектот Во моите чевли/In my shoes; Фотограф: Елена Бојаџиева; На фотографијата: Јулијана Петровска и Ема Ананиевска.

Лицата со попречен вид се соочуваат со недостаток на информации кога станува збор за облеката од аспект на податоци за составот на материјалите, начинот на одржување, информации за големината и бојата на производот, како и помош околу начинот на комбинирање на облеката и одредување на естетската вредност на истата. Лицата со попречен вид имаат потреба од облека која ќе содржи

адаптирани декларациски податоци како и помош од лице при избор и комбинирање на облеката. Еден од начините да се надмине овој предизвик е примена на аудио запис претставен прку QR код или примена на Брајово писмо.

Испитаниците често ја потенцираат потребата од обучен или информиран продажен кадар кога купуваат облека. Ема Ананиеска е лице со попречен вид која заискуствата при купување облека изјави:

„Свесни сме дека живееме во држава во која лицата со попреченост се маргинализирана заедница. Сите оние кои не биле во контакт со овие лица не знаат како да се однесуваат околу нив, па така многу често без да сакаат, со најдобра намера знаат да повредат. Ме прашале дали ми се случило да облечам две различни патики? Безсмислено е таквото прашање бидејќи јас на допир знам како патиките изгледаат.”

Учесниците во проектот споделија и други предизвици со кои се соочуваат при купување на облека, како на пример, распознавање на банкноти или проблеми со вербалната комуникација, за што имаат потреба од поголема помош.

**Инклузивност на пазарот за продажба на облека и модни додатоци во Скопје**

Истражувањата за овој труд се спроведени преку посета и директна комуникација или телефонски разговор со вработените во продажните локали на два трговски центри во Скопје, ГТЦ и City Mall. Анализата е спроведена во над 50 продажни локали за облека и модни додатоци. Двата трговските центри се  планирани и изведени со вертикални комуникации (лифтови и ескалатори) од паркинг местата до продажните локали, предвидени за лица со попреченост. Трговскиот центар City Mall поседува тоалети наменети за лица со попреченост. Во однос на внатрешните уредувања на продажните локали,20% од продажните локали имаат специјализиана гардероба или гардероби доволно широки за лица во количка. Продажниот кадар кај 40% е обучен за работа со потрошувачи, но не и обуки за работа со лица со попреченост. 40% од продажните локали нудат услуга за корекција на облеката. Ниту еден од испитуваните брендови не нуди онлајн продажба и достава.Информациите и ознаките за одржување на облеката се законски и сите продажни центри ги декларираат производите, но со QR кодови се бележани незначително мал број на производи од страна на производителите на облеката, а не од продажните центри, ниту пак се применува друг метод (на пример Брајова азбука) за означување на производите, којби помогнал за информирање на лицата со попречен вид.

Заклучоцит од спроведените истражувања на пазарот наведуваат на тоа дека пазарот за продажба на облека и модни додатоци во градот Скопје е недоволно инклузивен, а со тоа  не ги задоволува потребите на лицата со попреченост.

**Табела 1:**Дел од испитувањата за утврдување на инклузивноста на пазарот за продажба на облека и модни додатоци

| Телефонски информации доставени од вработените на продажните центри од 13.09.2019 во периодот од 10.00 до 13.00 часот | Продажни центри за облека и модни додатоци во трговскиот центар Skopje City Mall | Дали продажниот центар поседува специјализирани гардероби за лица со попреченост? | Дали продажниот центар нуди услуги за корекција и адаптација на облеката? | Дали може да се изврши онлајн продажба и достава на производите? |
|---|---|---|---|---|
| 1 | [illegible] | нема | нема | нема |
| 2 | [illegible] | има | нема | нема |
| 3 | [illegible] | има | нема | нема |
| 4 | [illegible] | нема | нема | нема |
| 5 | [illegible] | нема | има | нема |
| 6 | [illegible] | нема | нема | нема |
| 7 | [illegible] | нема | има | нема |
| 8 | [illegible] | има | има | нема |
| 9 | [illegible] | нема | нема | нема |
| 10 | [illegible] | нема | има | нема |
| 11 | [illegible] | нема | нема | нема |
| 12 | [illegible] | нема | нема | нема |
| 13 | [illegible] | има | има | нема |
| 14 | [illegible] | има | има | нема |
| 15 | [illegible] | нема | нема | нема |

**Извор:**Одговори од продажниот кадар замалопродажба на облека и модни додатоци од трговскиот центар Skopje City Mallдоставени по телефонски пат на ден 13.09.2019 година во периодот од 10.00 до 13.00 часот

.

## Заклучок

